# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

# 2015 – 2019 ГОДИНА

**Струмица,**

**Декември 2014**

## Содржина

**1. ВОВЕД ... 5**
**2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА ... 7**
**3. ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ПРОГРАМАТА СО СТРАТЕГИЈАТА НА ЕУ 2020 ... 11**
**4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ... 13**
4.1 Местоположба ... 13
4.2 Клима и хидрографски карактеристики ... 14
4.3 Природни ресурси и карактеристики ... 15
4.4 Степен на развиеност на Југоисточниот плански регион ... 16
**5. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РАЗВОЈ ... 19**
**6. ЕКОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ... 23**
6.1 Макроекономски показатели ... 23
6.2 Структура на претпријатијата ... 27
6.3 Надворешно – трговско работење ... 27
**7. ПАЗАР НА РАБОТНА СИЛА ... 29**
**8. СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ОБРАЗОВАНИЕ И РАЗВОЈ ... 33**
8.1 Социјална политика и развој ... 33
8.2 Образование и развој ... 35
**9. ТРАНСПОРТ И ИНФРАСТРУКТУРА ... 39**
9.1 Комунална инфраструктура ... 39
9.2 Патна инфраструктура ... 40
9.3 Железничка инфраструктура ... 45
9.4 Енергетска инфраструктура и карактеристики ... 47
**10. ТУРИЗАМ И КУЛТУРА ... 49**
10.1 Туристичка понуда на регионот ... 49
10.2 Анализа на состојбите во туризмот и културата во периодот 2009 – 2013 година ... 50
**11. ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ... 55**
11.1 Земјоделство ... 55
11.2 Сточарство ... 59
11.3 Рурален развој ... 61
**12. ЖИВОТНА СРЕДИНА ... 63**
12.1 Цврст и течен отпад ... 63
12.2 Земјоделството и животната средина ... 64
12.3 Шуми ... 66
12.4 Заштитени подрачја ... 67
12.5 Климатски промени и нивните влијанија ... 67
**13. ПОДРАЧЈА СО СПЕЦИФИЧНИ РАЗВОЈНИ ПОТРЕБИ ... 69**
**14. СВОТ АНАЛИЗА НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ... 73**
14.1 Опис на СВОТ анализите и нивна меѓусебна поврзаност ... 81
**15. ВИЗИЈА И МИСИЈА НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ... 89**

**16. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ – ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ ........ 91**
16.1 Стратешка цел 1 – Поттикнување на економски раст во регионот ........ 91
16.2 Стратешка цел 2 – Одржлив развој на туризмот и културата ........ 94
16.3 Стратешка цел 3 – Социјална и економска сигурност во регионот ........ 97
16.4 Стратешка цел 4 – Развивање на современа и функционална инфраструктура за економски развој и подобар животен стандард ........ 104
16.5 Стратешка цел 5 – Развој на конкурентно земјоделско производство и унапредување на животот во руралните подрачја ........ 109
16.6 Стратешка цел 6 – Воспоставување на одржливи системи за управување со животната средина ........ 116
**17. ФИНАНСИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ........ 121**





# 1. ВОВЕД

Со Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ бр. 63/07) е дефинирана основната рамка за водење на политиката на рамномерен регионален развој во земјата и се пропишуваат планските документи за нејзина реализација.

Со членот 5 од Законот се пропишува воспоставување плански региони во Република Македонија, како функционално територијални единици за потребите на планирањето на развојот и реализација на мерките и инструментите за поттикнување на развојот.

Планските региони се совпаѓаат со статистичките региони определени со номенклатурата на територијални единици за статистика НТЕС 3 (Службен весник на РМ бр. 158/2007), со цел да се обезбеди статистичка основа за планирањето на развојот на регионите.

Според номенклатурата на територијални единици во Република Македонија има 8 плански региони: Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски плански регион. Согласно законската рамка, планските региони претставуваат основна единица за планирање на развојот во Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009 - 2019.

Првите стратешки документи за планските региони беа изготвени и донесени во различен временски период од 2008 до 2010 година. Планските региони во изминатиот период после нивното основање ги донесуваа Програмите за развој на планските региони 2010 - 2014 со меѓусебна координација на засегнатите страни и воглавно со поддршка на различни меѓународни донатори. Првата програма за развој на Југоисточниот плански регион беше изработена во периодот март - декември 2007, односно пред воспоставување на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион со широко учество на заинтересираните страни, и со поддршка на проектот ГТЗ РЕДЕМ. Подоцна Програмата беше делумно ревидирана и во 2010 година одобрена од Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија заедно со Програмите на другите плански региони.

Регионалниот развој е комплексен и долгорочен процес чија основна цел е намалување на диспаритетите во развојот помеѓу и во рамките на планските региони. Регионалниот развој се темели врз неговата комплексност и повеќедимензионалност, односно преплетувањето на економскиот, демографскиот, социјалниот, просторниот, културниот и многу други аспекти на развојот. Од таа причина, успешното спроведување на политиката за регионален развој е директно зависна од поширокото разбирање на концептот за регионален развој, ефикасното поврзување на политиката на регионалниот развој со секторските политики и обезбедувањето на потребната поддршка од страна на релевантните институции.

Во таа смисла, регионалниот развој претпоставува континуирана финансиска поддршка од страна на државата и, истовремено, висок степен на координација помеѓу министерствата, засегнатите страни на регионално и локално ниво и меѓународните организации за развојна соработка.

Поради горенаведеното вторите по ред Програми за развој на сите 8 плански региони се изготвени истовремено и за ист временски период (2015-2019), и тоа во период кој следи после процесот на ревизија на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија (2009-2019). Подготовката и содржината на Програмите се изработени целосно во согласност со Правилникот за методологија за изработка на планските документи за регионален развој (Службен весник на РМ бр.102/2009).

Изработката на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за периодот 2015 – 2019 година е реализирана со подршка на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), Програма за регионален економски развој во Република Македонија (ГИЗ РЕД), а во координација со Министерството за локална самоуправа и ресорните министерства кои учествуваат во работата на Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија. Изготвувањето на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион финансиски е поддржано од Германското Федерално министерство за економска соработка и развој (БМЗ), Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ) и Европската Унија (ЕУ).

## 2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Процесот на изготвувањето на програмата, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион (ЦРЈИПР) го спроведе во тесна координација со Министерството за локална самоуправа (МЛС) и Бирото за регионален развој (БРР), ресорните министерства и учество на сите засегнати страни од Југоисточниот регион. Изработката на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015 - 2019 е изработена со поддршка на Програмата за регионален економски развој во Република Македонија (ГИЗ РЕД). Согласно обврските од Законот за рамномерен регионален развој, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион го координира процесот на изработка и спроведување на Програмата за развој на планскиот регион.

Програмата ги дефинира целите и приоритетите на развојот на Југоисточниот плански регион во периодот од 2015 до 2019 година.

Во процесот на изработка на новата Програма земени се предвид резултатите од среднорочната евалуација, а обезбедена е и целосна координација и согласност со ревидираната Стратегија за рамномерен регионален развој на Република Македонија 2009 – 2019.

Имено, ревидираната Стратегија за рамномерен регионален развој 2009 - 2019 му послужи како основа на Југоисточниот плански регион да ги дефинира приоритетите во приоритетните сектори во процесот на изработка на Програмата за периодот што следи од 2015 до 2019 година.

Во процесот на подготовка на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион се водеше сметка истата да се направи на транспарентен начин и со учество на сите засегнати страни. Процесот на подготовка на Програмата се спроведе во периодот август - декември 2014, а истиот беше прилично динамичен, комплексен и исполнет со одредени предизвици. Претходно беше извршена и завршната оценка на спроведувањето на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2010 - 2014. Во извештајот меѓу другото се констатира дека ЦРЈИПР покрај другите активности својот фокус успешно го насочил воглавно во спроведување на проекти предложени од страна на Советот за развој на Југоисточниот плански регион. Притоа се констатира дека ЦРЈИПР треба да ја зајакне својата основна улога за вмрежување на засегнатите страни на регионално ниво и обезбеди координација со другите региони и со институциите на централно ниво.

Во претходната Програма 2009 - 2014 беа дефинирани следните Долгорочни цели:

1. Југоисточниот регион да произведува квалитетни, брендирани градинарски, лозови и овошни производи и преработки барани на регионалните и глобални пазари
2. Да се зголеми вработеноста преку зголемување на бројот на МСП, развој на конкурентноста и активни мерки за развој на човечки ресурси
3. Да развие нова и да ја подобри постоечката физичка инфраструктура, особено онаа поврзана за транспортот, енергијата, ИТ, со цел да го поддржи економски раст и да ја подобри целокупната конкуреност на регионот
4. Да се развие банскиот, културно –историскиот, селскиот и алтернативниот туризам преку соработка со соседните региони и држави
5. Да се заштити и подобри животната средина преку искористување на обновливи извори на енергија и одржлив развој и
6. Да се промовира регионот и привлечат директни инвестиции за оддржлив развој
7. Социјален развој

Исто така, претходната Програма содржеше четири развојни приоритети, и тоа:

- Земјоделство и рурален развој,
- Физичка инфраструктура, особено транспортна инфраструктура,
- Конкурентност на корпоративниот сектор и зголемување на вработеноста и
- Развој на човечки ресурси и намалување на невработеноста.

Соодветно во Програмата 2010 - 2014 беа дефинирани 35 краткорочни цели, 20 приоритети и 100 програми.

Методологијата за изготвување на новата Програма за развој на Југоисточниот плански регион 2015 - 2019 (како и на сите останати Програми во другите плански региони), треба да го втемели на здрава основа односот со релевантните засегнати страни во регионот на транспарентен и сеопфатен начин преку нивно директно учество и придонес во процесот на изработка, но исто така и во процесот на нејзино спроведување. Самиот процес на изготвување на програмата и вклученоста на засегнатите страни треба да послужат како основа за зајакнување на реалната функција на ЦРЈИПР, односно нивната координативна улога во спроведувањето на програмите, промоција на развојните можности на планскиот регион и обезбедување на стручна и техничка поддршка на засегнатите страни на регионално ниво (јавен, приватен и граѓански сектор).

Во процесот на подготовка на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион, ЦРЈИПР беше поддржан од тим од локални консултанти. Консултантите имаа краткорочна мисија да му помогнат на ЦРЈИПР да го олесни и модерира процесот на подготовка на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион. Тимот на експерти беше избран од страна на ЦРЈИПР во координација со ГИЗ РЕД програмата.

Процесот на подготовка на Програмите во сите 8 плански региони во Република Македонија, па така и во Југоисточниот регион, започна со организирање на првична средба која се одржа на 19 Август 2014 година во Скопје, со учество на сите заинтересирани страни: Кабинетот на Вице Премиерот задолжен за економски прашања кој раководи со Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, Министерството за локална самоуправа, Бирото за регионален развој, Градоначалниците и Раководителите и вработените во 8-те Центри за развој на планските региони. На средбата беа дадени насоките и правците за реализација на целиот процес, како и очекувањата од новите Програми за развој на планските региони. Првичната констатација и очекувања беа истите да се од една страна доволно широки да обезбедат сеопфатност и релевантност, но од друга страна и соодветно фокусирани за да кореспондираат со реалната функција на Центрите за развој на планските региони, нивната координативна улога, промоцијата на развојните можности на регионот и обезбедување на стручна и техничка поддршка на засегнатите страни на регионално ниво. Истовремено Програмите треба да бидат така дизајнирани за да бидат и реално изводливи во однос на достапните средства за нивно финансирање.

На самиот почеток и во текот на процесот на изготвување на Програмата беа дефинирани принципите по кои истата ќе биде реализирана, и тоа:

- Следење на законската рамка
- Транспарентност и
- Учество на засегнатите страни.

Во целиот процес горенаведените принципи беа запазени преку:

1. Отворен пристап во работата (јавност)
2. Понудено учество на сите засегнати страни
3. Можност за целосна вклученост во процесот
4. Усогласување и координација и
5. Давање заеднички предлози и постигнување на заеднички заклучоци.

Реализацијата на активностите и координацијата се одвиваше со забрзана динамика, а со цел да се добијат посакуваните резултати според предвидениот работен план со кој Програмата требаше да се изработи и прифати до крајот на 2014 година. Првично беше усогласена поделбата на приоритетните сектори што требаше да се анализираат. Таквото групирање беше направено со цел да се изработат фокусирани длабински анализи кои треба да дадат јасна слика за моменталната состојба во регионот.

Според планот беа предвидени и реализирани 3 серии со по две еднодневни работилници. Сите работилници се одржаа во Струмица.



За изработка на предвидените анализи, беа формирани работни групи од учесниците на работилниците според следните секторите:

1. Сектор Економија и Инвестиции;
2. Сектор Туризам и Култура;
3. Сектор Социјална политика и Образование;
4. Сектор Транспорт и Инфрструктура;
5. Сектор Земјоделство и рурален развој и
6. Сектор Животна средина.

Секоја серија на работилници опфати по две еднодневни работилници на кои засегнатите страни заради подобро фокусирање беа поделени во две поголеми групи, секоја составена од неколку сектори, и тоа:

- Прва група: Социјална политика и Образование, Економија и Инвестиции, и Туризам и Култура;
- Втора група: Транспорт и Инфраструктура, Животна средина, и Земјоделство и Рурален развој.

Првата работилница за првата група беше реализирана на 11.09.2014, а за втората работна група на 12.09.2014 година. Дневниот ред на првата работилница опфати: Опис на целите и мерките на претходната Програма 2010 - 2014, краток осврт на спроведената завршна оценка за спроведување на Програмата 2010 – 2014, подготовка на ПЕСТ и СВОТ анализи, како и дефинирање на визија и мисија на регионот. Согласно реалната динамика и потребата за дискусија во работните групи, за следната серија работилници се одложи дефинирањето на визијата и мисијата на регионот.

Втората работилница за првата група беше реализирана на 02.10.2014, а за втората работна група на 03.10.2014 година. Дневниот ред на втората работилница содржеше: Дефинирање на визијата и мисијата на регионот, осврт и дискусија за ПЕСТ и СВОТ анализите подготвени на претходната работилница преку давање забелешки, коментари и дополнување на истите; Дефинирање на стратешки цели и приоритети, како и дефинирање мерки по приоритети за секоја стратешка област (сектор) поединечно со краток теоретски вовед.

Третата работилница за првата група беше реализирана на 28.10.2014, а за втората група на 29.10.2014 година. Дневниот ред на третата серија работилници вклучи презентацијата на ПЕСТ и СВОТ анализите усогласени според забелешките и коментарите на работните групи и дополнувањата од страна на експертскиот тим. Според така дефинираните СВОТ анализи се пристапи на дополнување и корекции на стратешките цели и приоритети дефинирани на претходната работилница и првично дефинирање на мерките по приоритети. На истата работилница беа дефинирани и показателите на ниво на приоритети за секоја стратешка област (сектор) поединечно.

Ресорните министерства кои во одредени сектори имаат директно влијание врз регионалната политика, а со тоа и директно влијание во реализацијата на планските документи кои го засегаат регионот, беа контактирани и поканети на заеднички работни средби од Министерството за локална самоуправа и ГИЗ РЕД.

Дополнително усогласување на СВОТ анализите по секторите, стратешките цели, приоритетите и мерките беа направени на состаноците за координација помеѓу ЦРЈИПР, релевантните ресорни министерства и агенции и ГИЗ РЕД. Работните средби за усогласување на целите, приоритетите и мерките за развој на Југоисточниот плански регион со Министерството за социјална политика, Министерството за наука и образование и Министерството за финансии беше реализирана на 03.11.2014 во просториите на ГИЗ Македонија во Скопје.

Втората работна средба за усогласување на целите, приоритетите и мерките за развој на Југоисточниот плански регион со Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство беше одржана на 04.11.2011 година. Истата беше искористена и за дополнителни усогласувања и координација со ЦРЈИПР.

Третата работна средба за усогласување на целите, приоритетите и мерките за развој на Југоисточниот плански регион беше реализирана на 10.11.2014 година со Министерството за економија, Министерството за култура, Македонската банка за обнова и развој и Агенцијата за образование и мобилност. На самата работна средба целите, приоритетите и мерките беа дополнително усогласени и со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој.

Финалната конференција за јавна презентација на нацрт програмата на Југоисточниот плански регион беше одржана на 27.11.2014 година во Струмица со присуство на преку 100 учесници. На оваа конференција, после јавната презентација на нацрт Програмата, сите засегнати страни имаа можност на интерактивен начин да дадат дополнителни забелешки и дополнувања во однос на стратешките цели, приоритетите и мерките дефинирани во Програмата. Дел од дадените забелешки беа вметнати во финалната верзија на документот. После финалната конференција следеше интензивен процес на усогласување на коментарите на засегнатите страни, како и забелешките и коментарите од страна на ЦРЈИПР, со што беше успешно финализирана Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015 - 2019.



## 3. ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ПРОГРАМАТА СО СТРАТЕГИЈАТА НА ЕУ 2020

При спроведувањето на активностите за реализација и подготовка на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион (ЦРЈИПР) во соработка со експертскиот тим и ГИЗ РЕД програмата освен националните законски одредби, правилници и стратешки документи, како и документите на локално ниво, ги зеде предвид и европските принципи, иницијативи и стратешки документи.

Програмата е во согласност со Европската стратегија 2020, насловена како „Европска стратегија за паметен, зелен и инклузивен раст". Главните цели се дизајнирани за да ги обединат економските, социјалните и еколошките агенди на ЕУ на соодветен структуриран и кохерентен начин.

Стратегијата 2020 на ЕУ има за цел унапредување на политиката за меѓусебна соработка а во исто време, зајакнување на процесот на европска интеграција, нудејќи посилна визија и модел за управување.

Европа 2020 е базирана на знаење и иновации, со цел зголемување на вработеност, но сепак да обезбеди социјална кохезија, со одржлива перспектива (вклучувајќи конкурентни и еколошки услови).

Во стратегијата Европа 2020 се дефинирани пет мерливи цели што треба да се постигнат во Европската Унија до 2020 година:

- Стапка на вработување од 75% за лица на возраст од 20-64 години,
- Стапка на инвестиции за истражување и развој од 3% од БДП,
- Климатски и енергетски цели ткн. Агенда 20/20/20 (намалување на емисиите на штетни гасови за најмалку 20%, уделот на вкупната потрошувачката на енергија од обновливи извори на енергија да се зголеми на 20%, а задоволувањето од енергетски ресурси да достигне 20%),
- Подобрување на образованието (намалување на стапката на напуштање на училиштето, како и зголемување на уделот на населението со завршено терцијарно или еквивалентно образование), и
- Промоција на социјалната вклученост, вклучувајќи намалување на сиромаштијата.

Насоката во која ќе се движи Европската Унија се канализирани во иницијативи и програми кои треба да ги постигнат горенаведените цели кои се дел од стратегијата 2020.

Деветте главни иницијативи на Европската Комисија се:

1. Иновативна Европска Унија;
2. Младите во движење;
3. Дигитална агенда за Европа;
4. Ниско ниво на јаглерод, Европа со ефикасни ресурси;
5. Чиста и ефикасна енергија;
6. Индустриска политика приспособлива за ерата на глобализацијата;
7. Агенда за нови работни места;
8. Нови вештини за нови работни места; и
9. Европската платформа против сиромаштијата.

Сите горенаведени иницијативи, се директно поврзани и со Програмата за развој на Југоисточниот плански регион како и со принципот на регионалност на Европската Унија.

Невработеноста како проблем е директно поврзана со образованието и „производство" на квалификувана и мобилна работна сила прилагодлива на пазарот на трудот и според потребите на „реалниот сектор", односно бизнис секторот.

Националните стратегии и останати документи се во согласност со горенаведените цели и иницијативи на Европската Унија

Релациите на Програмата со секторот климатски промени и енергетска ефикасност е третиот приоритет кој е опфатен со Агендата 2020 од Европската Унија. Овој дел ги опфаќа промените во неколку сегменти.

Намалување на емисијата на штетни гасови, производството на енергијата преку извори на обновлива енергија, како и зголемувањето на енергетската ефикасност, кои како иницијативи се директно поврзани со секторот животна средина.

CAP (Common Agricultural Policy) е заедничката земјоделска политика на Европската Унија. Истата се спроведува преку систем на земјоделски субвенции и програми. Освен земјоделскиот аспект оваа политика е во согласност со еколошките и хуманитарните норми и стандарди на Агендата ЕУ 2020 Агенда и тоа во делот на:

Паметен развој - со зголемување на ефикасноста на ресурсите и воведување на конкурентност преку: технолошките знаења и иновации, развој на вредности и квалитетни продукти, развој на „зелени" технологии и користење на информатичка и комуникациска технологија, инвестирање во јакнење на капацитети (обуки), стимулирање на иновации во рурални средини како и напредок на веќе започнатите истражувања.

Одржлив развој - преку храната прихраната и оддржлива производствена база, обезбедување на одржливо управување со земјиштето, следење на намалувањето на биодиверзитетот, промовирање на изворите на обновлива енергија, зајакнување на здравјето на животните и растенијата, зголемување на ефикасноста на ресурсите преку технолошки развој и користење на резултатите од истражувањата, дополнително намалување на емисијата на штетни гасови, и целосен развој на потенцијалите на руралниот сектор.

Инклузивен развој - преку отворање на економскиот потенцијал во руралниот сектор, развој на локални пазари и вработувања, придружени со преструктурирање на земјоделството и поддржување на приходите на фармерите со цел постигнување на одржливо земјоделство во Европа.

Од аспект на рурален развој, ЕУ ги дефинира следните 6 приоритети:

1. Трансфер на знаења и иновации во земјоделството, шумарството и руралните области – како хоризонтален приоритет,
2. Конкурентност на фармите и управување со ризик,
3. Организација на синџирот на храна,
4. Обновување или зајакнување на екосистеми,
5. Промовирање на ефикасно користење на ресурси,
6. Социјална инклузија, намалување на сиромаштијата и рурален економски развој.

Сето ова би значело значителен развој на земјоделскиот сектор и руралните средини и постигнување економски раст преку заштита на животната средина, а со тоа и подобрување на условите на живот и зголемување на животниот стандард.

При изготвувањетона Програмата за развој на Југоисточниот плански регион освен националните, регионалните и локалните стратегии и важечки акциски документи, заради усогласеност беа земени предвид и стратешките документи на Европската Унија.



# 4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

## *4.1 Местоположба*

Југоисточниот плански регион се протега на крајниот југоисточен дел на Република Македонија и го опфаќа подрачјето на Струмичко-Радовишката и Гевгелиско-Валандовската котлина, односно долината на реката Струмица и долниот тек на реката Вардар на потегот јужно од Демир Капија. Географските координата на регионот се простираат помеѓу 22°59' 6" и 22° 26' 6" географска широчина и 41°07' и 41°40' географска должина. Надморската височина како трета димензија на географските координати се движи од 64 м до 2.157 м.н.в.

Со јужниот дел Југоисточниот плански регион се граничи со Република Грција, на исток со Република Бугарија, а на север и запад со Источниот и Вардарскиот плански регион.

Регионот во целост ги опфаќа спомenатите котлини и масивите на планините Беласица на југ, Огражден на исток, Плачковица на север, Срта во централниот дел и на источната страна Кожуф планина.



***Слика бр. 1 Рељефна карта на Југоисточниот регион***

Долините на реките Вардар и Струмица овозможуваат комуникациско поврзување на регионот со соседните земји Република Грција на југ и Република Бугарија на исток, а на север и запад со Источниот и Вардарскиот плански регион.




***Слика бр. 2 Југоисточен плански регион***

Според податоците за 2013 година, во регионот живее 8,4% од вкупното население во Република Македонија. Регионот има вкупна површина од 2.733,62 км$^2$, односно 10,63% од вкупната површина на државата, со густина на населеност од 62,5[1] жители на км$^2$, што го прави овој петти регион во државата по густина на население.

Вкупно 10 општини го сочинуваат Југоисточниот плански регион: Општина Богданци, Општина Босилово, Општина Валандово, Општина Василево, Општина Гевгелија, Општина Дојран, Општина Конче, Општина Ново Село, Општина Радовиш и Општина Струмица.

**Табела бр. 1. Споредбени податоци за вкупниот број население во Југоисточниот плански регион и во општините за 2002-2013 година**

| Општина | Население (Попис 2002) | Население (2013)[2] | Површина[3] (во км2) | Населени места[4] |
|---|---|---|---|---|
| Општина Богданци | 8.707 | 8.329 | 114,24 | 4 |
| Општина Босилово | 14.260 | 14.115 | 161,99 | 16 |
| Општина Валандово | 11.890 | 11.883 | 328,00 | 29 |
| Општина Василево | 12.122 | 12.798 | 230,42 | 18 |
| Општина Гевгелија | 22.988 | 22.831 | 479,93 | 17 |
| Општина Дојран | 3.426 | 3.344 | 129,16 | 13 |
| Општина Конче | 3.536 | 3.596 | 223,06 | 14 |
| Општина Ново Село | 11.567 | 10.957 | 237,79 | 16 |
| Општина Радовиш | 28.244 | 28.915 | 497,50 | 36 |
| Општина Струмица | 54.676 | 50.615 | 321,53 | 25 |
| ВКУПНО | 171.416 | 173.472 | 2.733,62 | 188 |

***Извор: Агенција за катастар на недвижности – АКН ГИС***

Од 10-те општини, четири имаат карактер на урбани средини и тоа: Струмица, Гевгелија, Радовиш и Валандово[5].

## *4.2 Клима и хидрографски карактеристики*

Специфичната географска и топографска положба на Југоисточниот регион овозможува појава на долги топли лета со високи среднодневни температури и намалено годишно количество врнежи, како и намалени зимски температури и појава на ветрови од сите правци. Карактеристични ветрови за овој регион се: северозападниот, југозападниот ветер, како и северецот и јужниот топол ветер.

Регионот се одликува со долг период на сончеви денови и висок светлосен интензитет кој има силно влијание на фруктификацијата. Со вкупно 230 сончеви денови годишно или пресметано во часови, 2.377 сончеви часа на годишно ниво, Југоисточниот регион е еден од најсончевите во Република Македонија. Појавата на магла е ретка и во просек изнесува 20 дена во текот на целата година.

Целиот регион може да се подели на три микро-региони и тоа: Струмичко-Валандовски, Гевгелиски и микро-регионот Радовиш-Конче.

Субмедитеранските влијанија од Егејското море и влијанието на континенталната клима го намалуваат количеството на врнежи на годишно ниво како и температурите во зимскиот период. Од овие климатски карактеристики во блага мерка се одојува микрорегионот Радовиш-Конче со поизразена континентална клима (топла континентална клима) заради просечната надморска височина од 400-707 метри.

1 Статистичкиот годишник на РМ, густината на населението според пописите 1994 и 2002 година.
2 Државен завод за статистика – Проценки на 30.06. 2013 и на 31.12. 2013 година
3 Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија
4 Државен завод за статистика
5 Закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, Сл. весник 55/2004 од 17.08.2004 година






***Слика бр. 3 Карта со типови на клими во Република Македонија [6]***

Просечните годишни температури во рамничарскиот дел на регионот се движат од 12,5°C до 13°C, а на највисоките делови од планинските масиви до 7,5°C. Од овој просек отскокнува подрачјето на Дојран и Валандово со годишна температура од 25°C. Најтопли месеци се јули и август, со просечна температура од 23°C, а најстуден месец е јануари со 1,2°C.

Реките во Република Македонија припаѓаат на 3 слива – Егејски (реките Вардар и Струмица), Јадрански (Црн Дрим) и Црноморски (Биначка Морава), со вкупна површина од 25.713 км$^2$. Југоисточниот регион припаѓа на Егејското сливно подрачје со вкупно 1.784 км$^2$ површина. Сливното подрачје на реката Струмица (Водоча, Турија, Радовишка Подарешка и Циронска река) со 1.535 км$^2$ и сливното подрачје на Дојранскотот езеро (река Луда Мара) со 120 км$^2$, или вкупно 1.649 км$^2$ површина.

Просечните годишни врнежи во регионот изнесуваат 563 мм, со големи разлики меѓу планинските и рамничарските предели и е под просечните годишни врнежи во Република Македонија кои изнесуваат 680 мм.

## *4.3 Природни ресурси и карактеристики*

Микрорегионот Радовиш - Конче се карактеризира и е познат по наоѓалишта и искористувањето на минерални неметални суровини како што се декоративните камења кои се користат за градба и декорација. Овој материјал е препознатлив и се користи на целата територија на Република Македонија.

Од минералните метални суровини, во општина Радовиш има железно-цинкова руда, бакар, злато, сребро, хром и ураниум, а во општина Конче има варовник, мермер и бакар.

Во Струмичкиот микрорегион, рудникот за експлоатација на фелспад Хамзали, е од натриумски карактер и е единствен во Република Македонија и на Балканот. Рудникот за експлоатација на мермеризиран варовник во Мемешли е еден еден од ретките во Република Македонија за експлоатација на ваков вид минерал.

Во изминатите години на планината Огражден во непосредна близина на населеното место Иловица се вршени бројни испитувања. Според испитувањата, постојат сериозни индикации за потенцијални наоѓалишта на бакар и злато.

Југоисточниот регион како подрачје е најсиромашно со водни ресурси. Малите количини на вода се одразуваат на сите сегменти од живеењето: водоснабдувањето на населението (особено во руралните области), индустријата и наводнувањето на земјоделските обработливи површини. Освен количините, лоша е состојбата и со квалитетот на водата и протекот на водата е често под биолошкиот минимум. Вкупното годишно количество вода изнесува околу 132 милиони м$^3$.

Иако најмало, Дојранското Езеро е од голема важност за целиот регион, како од хидрографски,

6 http://www.igeografija.mk/

така и од економски и туристички аспект. Лоцирано е во крајниот југоисточниот дел на земјата. Дојранското Езеро е трето по големина природно езеро во Република Македонија, истото припаѓа на сливното подрачје на реката Вардар. Неговата вкупна површина изнесува 43 км$^2$, од кои 25,62 км$^2$ припаѓаат на Република Македонија, а 17,07 км$^2$ на Грција. Просечната длабочина изнесува 6,7 м, додека најголемата длабочина изнесува 10 м. Дојранското Езеро е изолиран екосистем со мошне специфични флора и фауна и е препознатливо по 15 видови на риба и специфичен начин на ловење.

Од вештачките акумулации позначајни се Водоча и Турија во Струмичкиот регион. Езерото „Водоча" се храни од водотекот на реките Водочница и Тркајана. Езерото се наоѓа на надморска височина од 44 м, со површина од 1,94 км$^2$ и со капацитет од 26,7 милиони м$^3$.

Езерото „Турија" се храни од водотекот на истоимената река Турија. Акумулацијата се простира на површина од 0,16 км$^2$, со капацитет од 48 милиони м$^3$.

Реката Струмица, покрај левата притока Турија, реципиент е и на реката Ораовичка и Плавија. Единствена десна притока е реката Водочица. Други микроакумулации на сливот на Струмичка река се: Дрвошка, во општина Босилово, Иловица, во општина Босилово, Новоселска, во општина Ново Село и Маркова Брана, во општина Струмица.

На реката Луда Мара или Стара река која извира од планината Кара Блија и се слева во месноста Тумба, општина Богданци е изградена акумулацијата Паљурци чија намена е наводнување на обработливите површини, и истата е со корисен волумен од 2,8х106 м$^3$.

Во Радовишкиот микро регион има голема количина на подземни води, извори и површински водотеци и минерални води кои во моментов немаат комерцијална искористеност. Во овој крај може да се види хидрографска мрежа која е поделена на два главни дела т.е. два речни слива. Стара река е едниот водотек и истиот се слева во реката Струмица додека другиот е реката Крива Лакавица која се слива во реката Брегалница. Други реки во Радовишкиот регион се: Сушица, Пирава, Сирава и Плаваја.

Мантовското езеро кое територијално припаѓа на општина Конче, се храни од водотекот на реката Крива Лакавица. Езерото се наоѓа на надморска височина од 402,4 м, површина од 4,94 км$^2$ и со капацитет од 49 милиони м$^3$.

Во Гевгелиската котлина, реката Врадар е најголемиот реципиент на води, а воедно претставува и најголем дренажен систем – извор на подземни води. Има голем број на притоки кои се со многу мало количество на вода и истите во голем дел пресушуваат во текот на летото. Како најзначајни хидро ресурси треба да се споменат акумулациите Богородица, Тополец, Дос, Калица и други.

На подрачјето на Дојран постои акумулацијата „Чинарли" која е со корисен волумен од 0,25х106 м$^3$.

Струмичкиот и Гевгелискиот микрорегион се карактеризираат со термоминерален хидропотенцијал.

На околу 12 км југоисточно од градот Струмица, под планината Беласица се наоѓа селото Банско, а во негова непосредна близина и термоминералните извори на Бања Банско. Бања Банско е најзначаен локалитет во регионот во однос на бањскиот туризам. Има пет термоминерални извори од кои, само еден и тоа најголемиот, е стручно каптиран и е во експлоатација. Останатите четири слободно се изливаат без посебна каптажа. Температурата на водата во изворот кој е во експлоатација изнесува 71°С. Останатите извори се со температура од 56°С.

Во микрорегионот на Гевгелија се наоѓа комплексот на Негорски бањи. Истите се на наоѓаат на 5 км северозападно од Гевгелија. Термоминералните извори се со температура од 38 до 40°С (40°С на врелите и 38°С на ладните извори).

### *4.4 Степен на развиеност на Југоисточниот плански регион*

Во декември 2008 година е донесена одлука за мерење на степенот на развој на планските региони во Република Македонија. Според оваа одлука, развојниот индекс се утврдува како пондериран просек од економско-социјалниот и демографскиот индекс, при што двата индекси имаат



подеднакво учество во креирањето на развојниот индекс.[7] Доколку индексот изнесува 1, нивото на развој на планскиот регион е еднакво на просечниот развој на Република Македонија. Индекс поголем од 1 означува повисоко, а индекс помал од 1 означува пониско ниво на развој на планскиот регион од просечниот развој на ниво на Република Македонија. Во следната табела, превземена од Стратегијата за рамномерен регионален развој на Република Македонија 2009-2019, прикажан е развојниот индекс на регионите за периодот од 2008 до 2012 година.

**Табела бр. 2. Класификација на планските региони спориедстепеност на развиеност за периодот 2008-2012 година**

| Плански регион | Според развојниот индекс | Според економско-социјалниот индекс | Според демографскиот индекс |
|---|---|---|---|
| Скопски | 1.48 | 1.86 | 1.25 |
| Југоисточен | 0.89 | 1.38 | 0.58 |
| Пелагониски | 0.73 | 0.79 | 0.69 |
| Југозападен | 0.72 | 0.50 | 0.86 |
| Полошки | 0.72 | 0.18 | 1.05 |
| Вардарски | 0.69 | 0.63 | 0.73 |
| Источен | 0.67 | 0.95 | 0.50 |
| Североисточен | 0.56 | 0.33 | 0.70 |

***Извор: Одлука за класификација на планските региони според степенот наразвиеност за периодот 2008-2012***[8]

Според Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот 2008 – 2012 година, Југоисточниот регион има степен на развиеност 0.89 со што се наоѓал на второ место после Скопскиот плански регион. Треба да се спомене дека регионот има исклучително висок економско социјален индекс од 1,38 и заедно со Скопскиот регион се единствени региони кои имаат ниво на развој поголем од националниот просек. Табела бр. 2 е прикажана заради споредба со новата класификација.

Новата класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2013 до 2017 година е донесена во јуни 2013 година[9]. За разлика од претходната класификација, во новата е променета вредноста на индексот на Република Македонија кој наместо 1, сега изнесува 100.

**Табела бр. 3. Класификација на планските региони спориедстепеност на развиеност за периодот 2013-2017 година**

| Плански регион | Според развојниот индекс | Според економско-социјалниот индекс | Според демографскиот индекс |
|---|---|---|---|
| Скопски | 151,0 | 147,7 | 153,5 |
| Југоисточен | 97,1 | 129,5 | 72,4 |
| Пелагониски | 91,2 | 109,1 | 79,6 |
| Југозападен | 81,4 | 97,7 | 69,0 |
| Полошки | 82,4 | 50,0 | 106,9 |
| Вардарски | 73,5 | 70,5 | 75,9 |
| Источен | 96,1 | 136,4 | 65,5 |
| Североисточен | 62,7 | 27,3 | 89,7 |

***Извор: Одлука за класификација на планските региони според степенот наразвиеност за периодот 2013-2017***

7 При определувањето на економско-социјалниот индекс како индикатори се користат: бруто-домашниот производ по жител, буџетските приходи по жител, растот на додадената вредност на нефинансискиот сектор и стапката на невработеност, додека демографскиот индекс се определува врз основа на природниот прираст на населението, коефициентот на стареење, салдото на миграции на 1000 жители и завршени студенти на 1000 жители.(Службен весник на РМ бр. 162/08). http://www.slvesnik.com.mk/Issues/F87DFED2EA8F844C918B9063FA004815.pdf

8 Службен весник бр.162/2008

9 Службен весник бр.88/2013

Југоисточниот регион има степен на развиеност 97,1 со што се наоѓа на второ место после Скопскиот плански регион. Економско социјалниот индекс на регионот е поголем од националниот просек и изнесува 129,5, додека демографскиот индекс е помал од националниот просек и изнесува 72,4.

Во однос на претходната класификација[10] забележливо е дека се зголемени развојниот индекс на регионот (од 89 на 97,1) и демографскиот индекс (од 58 на 72,4), но е намалена вредноста на економско-социјалниот индекс (од 138 на 129,5).

10 Индекс на РМ е променет (од 1 на 100) за да се овозможи споредба на двете одлуки за класификација на регионите





## 5. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РАЗВОЈ

Во табелата подолу се претставени показателипоказатели кои служат за позиционирање и споредување на Југоисточниот плански регион со останатите плански региони во однос на неколку демографски карактеристики.

Во споредбената анализа најнапред се прикажани општите показатели за сите осум плански региони во Република Македонија вклучувајќи го и бројот на општини и населени места во секој регион поединечно. Основните демографски показатели се однесуваат на: вкупното население според последниот попис спроведен во Република Македонија во 2002 година и проценката на населението во 2013 година[11], густината на населеност, вкупниот број на живеалишта и просечниот број на членови по живеалиште.

**Табела бр. 4. Споредбена анализа на демографски показатели на Југоисточниот плански регион со другите плански региони**

| Показатели | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на општини | 9 | 11 | 13 | 10 | 9 | 9 | 6 | 17 |
| Број на населени места | 215 | 217 | 286 | 188 | 343 | 184 | 192 | 142 |
| Вкупно население, Попис 2002 | 154.535 | 181.858 | 221.546 | 171.416 | 238.136 | 304.125 | 172.787 | 578.144 |
| Процент од населението во Р. Македонија 2002 | 7,64 | 8,99 | 10,95 | 8,48 | 11,77 | 15,04 | 8,54 | 28,58 |
| Процена на населението, 2013 | 153.487 | 178.270 | 220.325 | 173.383 | 232.367 | 317.975 | 175.711 | 612.514 |
| Процент од населението во Р. Македонија 2013 | 7,43 | 8,63 | 10,67 | 8,39 | 11,25 | 15,39 | 8,51 | 29,65 |
| Густина на населеност, 2013 | 38,0 | 50,4 | 66,0 | 63,3 | 49,3 | 131,6 | 76,1 | 337,8 |
| Вкупен број на живеалишта, Попис 2002 | 61.367 | 72.248 | 84.627 | 59.499 | 93.976 | 78.544 | 59.488 | 188.394 |
| Просечен број на членови по домакинство, Попис2002 | 3,2 | 3,1 | 3,8 | 3,4 | 3,3 | 4,4 | 3,7 | 3,5 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2014“)***

Вкупниот број на население во Југоисточниот плански регион од 2002 до 2013 година се зголемил за 1,13%, додека во однос на вкупното население во Република Македонија се намалило за 0,1%.

Населението во регионот е рамномерно населено со средна густина од 63,3[12] жители на км$^2$ и 59.499 живеалишта[13].

11 Државен завод за статистика на Р. Македонија – Проценка на население во 2013 година
12 Според проценката на население за 2013 година
13 Статистичкиот годишник на РМ, густината на населението според Пописот 2002 година.

**Табела бр. 5. Споредбени демографски податоци за Југоисточниот плански регион, 2009-2013 година**

| Година | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | 117.408 | 117.250 | 116.979 | 116.656 | 116.289 |
| Жени | 117.080 | 116.887 | 116.649 | 116.303 | 115.824 |
| Вкупно | 234.488 | 234.137 | 233.628 | 232.959 | 232.113 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија „Регионите во Република Македонија 2014"***

Во вкупниот број на население поголем е бројот на машко население. Сепак, разликата помеѓу мажите и жените како што е прикажано во Табела бр. 5 е минимална и не влијае на демографскиот дисбаланс.

Најголемо учество во вкупното население има популацијата на возраст од 20-60 години.[14]

Од друга страна механички одлив на регистрирани лица кои го напуштиле регионот е незначителен, со што не придонесува за намалување или зголемување на бројот на население во значителна мерка.

**Табела бр. 6. Демографски податоци за Југоисточниот плански регион 2009-2013 година за механички прилив и одлив на население (доселено/отселено) внатре во регионот**

| Година | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Доселено население | 210 | 250 | 271 | 254 | 195 |
| Отселено население | 261 | 240 | 274 | 292 | 259 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014"***

Во однос на внатрешните миграции[15] Југоисточниот регион бележи тренд на зголемување на отселено население, освен во 2010 година кога има повеќе доселени од отселени. Во 2013 година значително е намален бројот на доселено население во регионот и тоа за 21,6% во однос на 2012 година. Бројот на отселено население во руралните општини во регион е поголем во однос на бројот на доселено население.

**Табела бр. 7. Демографски податоци за Југоисточниот плански регион 2009-2013 година за механички прилив и одлив на население (доселено/отселено) надвор од регионот**

| Година | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Доселено население | 36 | 75 | 117 | 117 | 138 |
| Отселено население | 2 | 8 | 24 | 9 | 2 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014"***

Состојбата со надворешните миграции[16] е спротивна во однос на внатрешните миграции, односно бројот на доселено население бележи континуиран раст во целиот анализиран период 2009-2013 година, и блага стагнација во 2013 година.

Карактеристика за севкупните миграции е дека бројот на отселено и доселено население во анализираниот период е доста низок и незначително влијае на структурата на население во регионот. Причината за оваа ситуација можеби е несоодветната регистрација на мигрантите од страна на државата и одговорните институции при евиденцијата на ваквите случаи. Сепак

14 За подетални податоци видете http://makstat.stat.gov.mk/ , страна на Државен Завод за Статистика
15 Внатрешните миграции ги опфаќаат движењата на населението во рамките на регионот и промена на адресата на живеење
16 Надворешните миграции ги опфаќаат движењата на населението надвор од регионот



генерална констатација е дека достапните податоци не ја одразуваат реалната слика на доселени и отселени во регионот.

## *Основни заклучоци за демографските карактеристики*

Како важен податок треба да се напомене трендот на стагнација на пораст на населението, доста високиот тренд на активност на населението, најголема вработеност и најниска невработеност споредбено со останатите региони.

Како значајни параметри кои ја отсликуват состојбата во Југоисточниот регион, треба да се напоменат:

- Во Југоисточниот плански регион се забележува прилично нерамномерна распределба на населението во урбаните центри и руралните средини. Од вкупниот број жители, повеќе од 2/3 или 173.472 жители живеат во руралните подрачја.
- Процентот на население на возраст 0-14 години е во рамките на националниот просек.
- Процентот на население на возраст над 65 години е во рамките на државниот просек.
- Коефициент на старосна зависност е идентичен со националниот просек.
- Стапката на смртност на доенчињата е висока и е поголема од државниот просек во целиот анализиран период (најнизок просек од 5,7 е забележан во 2013 година во споредба со националниот просек од 10,2).
- Стапката на тотален фертилитет во регионот во 2013 година изнесува 1,38 и обезбедува обновување на населението на ниво на проста репродукција.
- Стапката на склучени бракови во 2013 е 6,7 (на илјада жители). Во регионот има висока стапка на разведени бракови од 1,0 (повисока стапка има само Полошкиот регион).
- Ниска стапка на запишани ученици во основно образование од 7,8.
- Ниска стапка на запишани ученици во средно образование од 7,4.
- Прилично ниска стапка на запишани и дипломирани студенти. Најмал број на дипломирани студенти 661 (2013 година).
- Највисока стапка на активност на населението која изнесува 69,9%. Истата е највисока во однос на сите региони и поголема од националниот просек. Стапката на вработеност која изнесува 56,8% е исто така највисока во однос на сите региони и поголема од националниот просек. Стапката на невработеност е најниска во државата и изнесува 18,8%.
- Вредноста на развојниот индекс на Југоисточниот плански регион изнесува 0,89, односно 11 индексни поени под просекот на државата и се наоѓа на второ место по развиеност (после Скопскиот плански регион). Економско-социјалниот индекс изнесува 1,38, односно 38 индексни поени над државниот просек и демографски индекс од 0,58. [17].
- Според новата класификација за периодот 2013 - 2017 година развојниот индекс на Југоисточниот регион изнесува 97,1, економско-социјалниот 129,5, додека демографскиот 72,4.[18]

17 Одлука за класификација на планските региони според степенот наразвиеност за периодот 2008-2012, Службен весник бр.162/2008
18 Одлука за класификација на планските региони според степенот наразвиеност за периодот 2013-2017, Службен весник бр.88/2013

# 6. ЕКОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Југоисточниот плански регион постигнува значајни резултати во економијата на Република Македонија. После Скопскиот регион овој регион има најдинамичен раст. Во структурата на економијата застапени се сите стопански сектори од кои најзначајни се: земјоделство, градежништво, трговија, рударство, текстилна индустрија, тутунска индустрија и угостителство. Иако доминира индустријата исклучително динамичен раст имаат и услугите. Сепак, Југоисточниот плански регион е претежно земјоделско подрачје кој располага со одлични климатски услови за производство на раноградинарски култури, како и свеж зеленчук и овошје.

Во понатамошниот дел се прикажани трендовите на макроекономските показатели, структурата на претпријатијата и показателите за надворешно – трговското работење.

## *6.1 Макроекономски показатели*

Бруто Домашниот Производ (БДП) е најчесто употребуван показател за утврдување на нивото на економскиот развој на регионите и државите. Во следната табела претставени се: вкупната висина на БДП на Република Македонија и БДП на Југоисточниот плански регион во милиони денари, како и процентот на учество на Југоисточниот регион во вкупниот БДП на државата.

**Табела бр. 8. Бруто домашен производ во Република Македонија и во Југоисточниот регион во периодот 2009 – 2012 година**

| Година | БДП во милиони денари Република Македонија | БДП во милиони денари Југоисточен регион | Процент (%) на учество во вкупниот БДП |
|---|---|---|---|
| 2009 | 409.100 | 32.785 | 8.01 |
| 2010 | 434.112 | 38.023 | 8.76 |
| 2011 | 459.789 | 44.688 | 9.72 |
| 2012 | 458.621 | 42.261 | 9.21 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“***

Од табелата може да се забележи дека во 2012 година, жителите од Југоисточниот плански регион кои претставуваат 8,4% од вкупниот број на жители во државата, создале 9,21% од неговиот бруто домашен производ.  Понатаму, во периодот 2009 – 2011 година, стапката на раст на БДП на регионот е многу повисока во однос на растот на националниот бруто домашен производ. Овој податок зборува дека и покрај фактот што на овој период му претходеше глобалната економска криза во 2008 година, Југоисточниот плански регион забележува висок раст на БДП. Во 2010 година стапката на пораст на БДП на државно ниво е 6,1% во однос на претходната година, додека во регионот БДП пораснал за 15,9%. Во 2011 година БДП на државно ниво пораснал за 5,9%, а во Југоисточниот плански регион за 17,5%. Во 2012 година, БДП на државно ниво опаѓа за 0.4%, а во Југоисточниот плански регион за 4,5 % во однос на претходната година. Треба да се спомене и дека Југоисточниот плански регион во текот на целиот анализиран период има континуирано највисок БДП во споредба со останатите плански региони, со исклучок на Скопскиот регион, што укажува на динамична економија на регионот со бројни можности и потенцијал за инвестиции во производниот и услужниот сектор.

Бруто домашниот производ по жител се добива кога вкупно пресметаниот бруто домашен производ на ниво на држава ќе се подели со вкупниот број на население во државата односно во регионот.

**Табела бр. 9. Раст на бруто домашниот производ по жител во Република Македонија и во Југоисточниот регион во периодот 2009 – 2012 година**

| Година | БДП по жител во Република Македонија | БДП по жител во Југоисточен регион | Индекс |
|---|---|---|---|
| 2009 | 200.293 | 189.566 | 94.64 |
| 2010 | 211.246 | 219.714 | 104.01 |
| 2011 | 223.357 | 258.230 | 115.61 |
| 2012 | 222.384 | 244.207 | 109.81 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија, 2012 и 2014“***

Југоисточниот плански регион во 2012 година остварил БДП од 3.970 евра по жител, што е за 9,8% повисок од просекот на Република Македонија. Во анализираниот период најголем износ на БДП по жител регионот забележал во 2011 година кога тој изнесува 4.199 евра, односно за 15,61% повисок од националниот просек. Најголем раст на БДП, регионот забележал во 2011 година, кога БДП по глава на жител пораснал за 17,5% во однос на претходната година.

Индексите на сите региони во Република Македонија се прикажани во следната табела.

**Табела бр. 10. Индекс на бруто домашниот производ по жител, во планските региони, во периодот 2009 – 2012 година**

| БДП по жител | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |
| Вардарски регион | 96,9 | 97,8 | 102,2 | 104,5 |
| Источен регион | 85,1 | 97,9 | 92,6 | 92,2 |
| Југозападен регион | 70,0 | 73,6 | 72,6 | 78,1 |
| Југоисточен регион | 94,6 | 104,0 | 115,6 | 109,8 |
| Пелагониски регион | 109,7 | 106,7 | 102,0 | 95,0 |
| Полошки регион | 46,9 | 46,8 | 47,3 | 43,9 |
| Североисточен регион | 52,3 | 51,4 | 65,2 | 67,6 |
| Скопски регион | 155,0 | 149,0 | 144,0 | 149,3 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија, 2014“ и пресметки на авторите за 2012.***

Во следниот Графикон се прикажани трендот и динамиката на раст и опаѓање на БДП по глава на жител во Југоисточниот плански регион во периодот 2009 – 2012 година.

**График бр. 1. БДП по жител во Југоисточниот плански регион во периодот 2009 – 2012 година**




***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија, 2014“***



**6.1.1. Бруто додадена вредност според секторот на дејноста**

Во развојот на севкупната економија на Југоисточниот плански регион, земјоделството има најзначајно место. Оваа констатација ја потврдуваат податоците презентирани во подолу прикажаната табела според кои најголема додадена вредност во структурата на БДП на регионот има секторот земјоделство. Овој сектор во структурата на БДП на национално ниво учествува со 10,3%, додека во структурата на БДП на Југоисточниот плански регион учествува со 34,3%. Понатаму, интересен е и податокот дека во Југоисточниот плански регион се создава безмалку една третина од вкупната бруто додадена вредност на овој сектор.

**Табела бр.11. Бруто додадена вредност според позначајните сектори на дејноста во 2010, 2011 и 2012 година во Република Македонија и во Југоисточниот регион**

| Бруто додадена вредност според секторот на дејноста /во милиони денари/ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Позначајни сектори | 2010 | | 2011 | | 2012 | |
| | Р.Македонија | Југоисточен Регион | Р.Македонија | Југоисточен Регион | Р.Македонија | Југоисточен Регион |
| Земјоделство | 43.739 | 13.028 | 43.895 | 12.974 | 40.705 | 12.515 |
| Индустрија | 81.803 | 5.232 | 87.048 | 6.902 | 70.198 | 5.923 |
| Градежништво | 23.902 | 1.806 | 29.924 | 2.553 | 31.166 | 2.279 |
| Трговија | 77.176 | 4.908 | 83.316 | 6.912 | 85.261 | 6.441 |
| Останати дејности | 154.528 | 8.372 | 158.208 | 9.769 | 168.005 | 9.299 |
| Вкупна додадена вредност | 381.148 | 33.346 | 402.392 | 39.110 | 395.335 | 36.457 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија, 2014“***

Во анализираниот период се забележува тенденција на намалување на учеството на додадената вредност во земјоделството во структурата на БДП на регионот. Имено, во 2010 година, земјоделството, учествува со 39,06% во вкупниот БДП на Југоисточниот регион, во 2011 година учеството се намалило и изнесува 33,17%, а во 2012 година овој сектор учествува со 34,33% во вкупниот БДП на регионот. Загрижува податокот дека и покрај зголемените инвестиции во основни средства во овој сектор[19], учеството на секторот во вкупниот БДП во периодот 2010 – 2012 година е намалено за 3,94%. Една од причините за ваквата состојба е негативниот тренд на извозот на регионот.[20] Потребно е детално да се анализира оваа состојба и да се преземат мерки за одржување на растот на овој сектор кој е основен двигател на економскиот развој во регионот.

Индустријата има релативно променливо учество во структурата на БДП на регионот и тоа: 15,70% во 2010 година, 17,64% во 2011 година и 16,24% во 2012 година. Постои простор за понатамошен раст на овој сектор.

Порастот на бруто додадената вредност се забележува и во секторот градежништво и дејности поврзани со недвижен имот. Охрабрува растот на уделот на градежништвото во вкупниот БДП, што укажува на динамична економија со простор за инвестиции во станбени и деловни простори и останати градежни дејности.

**6.1.2. Инвестиции во основни средства**

Вкупната номинална вредност на инвестициите во основни средства, на ниво на Република Македонија, бележи континуиран пораст, и истите се зголемуваат во текот на целиот анализиран период. Во Југоисточниот плански регион состојбата е поинаква. Имено инвестициите во основни средства се зголемени само во 2010 во однос на 2009 година, додека во 2011 и 2012 година бележат тенденција на намалување.

Загрижува и малото учество на инвестициите во основни средства од регионот во вкупното ниво

19 Види Табела бр. 12. Инвестиции во основни средства во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион, 2009 - 2012
20 Види Табела бр. 15 Извоз и увоз во периодот 2008-2012

на инвестиции во основни средства од само 4,33% во 2013 година. Ова генерално укажува дека, мал процент од добивката се вложува во набавка на нова технологија и севкупна модернизација на фирмите. Претпријатијата од овој регион се сè уште предоминантно трудоинтензивни со мала техничко – технолошка опременост.

**Табела бр. 12. Инвестиции во основни средства во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион, 2009 - 2012**

| Година | Република Македонија /износ во милиони денари/ | Југоисточен регион /износ во милиони денари/ |
|---|---|---|
| 2009 | 81.872 | 4.437 |
| 2010 | 82.968 | 5.775 |
| 2011 | 94.698 | 4.959 |
| 2012 | 105.443 | 4.561 |

***Извор: Државен завод за статистика во Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2014“***

Инвестиции во основни средства во позначајните сектори на дејноста во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион се прикажани во следнава табела.

**Табела бр. 13. Инвестиции во основни средства според секторот на дејноста во Република Македонија и во Југоисточниот регион во 2010, 2011 и 2012 година**

| Инвестиции во основни средства според секторот на дејноста (во милиони денари) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Позначајни Сектори | 2010 | | 2011 | | 2012 | |
| | Р.Македонија | Југоисточен Регион | Р.Македонија | Југоисточен Регион | Р.Македонија | Југоисточен Регион |
| Земјоделство | 2.356 | 88 | 2.022 | 233 | 2.557 | 567 |
| Индустрија | 22.469 | 630 | 21.748 | 750 | 26.428 | 1.024 |
| Градежништво | 28.769 | 2.653 | 29.584 | 1.342 | 34.679 | 2.081 |
| Трговија | 12.220 | 2.112 | 20.909 | 1.617 | 15.860 | 448 |
| Останати дејности | 17.152 | 290 | 20.435 | 1.017 | 25.919 | 441 |
| Вкупно | 82.966 | 5.773 | 94.698 | 4.959 | 105.443 | 4.561 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2014“***

Во Југоисточниот плански регион во анализираниот период од 2010 до 2012 година во континуитет растат инвестициите во земјоделството (од 88 на 233 и 567 милиони денари односно 544% во однос на 2010 година), и во индустријата (од 630 на 750 и 1.024 милиони денари односно 62,5% во однос на 2010 година).

Инвестициите во основните средства во градежништвото иако номинално се највисоки, бележат драстичен пад, од 2.653 во 2010 година на 1.342 милиони денари во 2011 година, а потоа повторен пораст на 2.081 милиони денари во 2012 година. Во трговијата се забележува континуиран пад на инвестициите во основни средства од 2.111 милиони денари во 2010 година, на 448 милиони денари во 2012 година.

Сумирано, во анализираниот период се забележува дека иако бруто домашниот производ е зголемен во Југоисточниот регион, од друга страна ионака ниските вкупни инвестиции во основни средства се намалуваат. Ова значи дека голем дел од профитот не се инвестира во основни средства и подолгорочни инвестиции. Затоа неопходно е охрабрување и поддршка на деловните субјекти за поголеми инвестиции во основни средства. Југоисточниот регион во 2012 година учествува со само 4, 33 % во вкупните инвестиции во основни средства на државно ниво.



## *6.2 Структура на претпријатијата*

За утврдување на структурата на претпријатијата во регионот се анализирани неколку показатели како што се: вкупниот број на активни деловни субјекти, активни деловни субјекти според бројот на вработени и активни деловни субјекти според секторот на кој припаѓаат.

Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на активни деловни субјекти во 2013 година во Југоисточниот регион изнесува 6.083 и претставува 8,5% од вкупниот број на активни деловни субјекти во Република Македонија кој изнесува 71.290. Ако го земеме предвид бројот на жители во регионот, може да се заклучи дека 8,4% од физичките лица и 8,5% од правните лица се со живеалиште односно седиште во Југоисточниот плански регион.

Табела бр. 14. Број на активни деловни субјекти според бројот на вработени

| Категоризација | Република Македонија | Југоисточен Регион | Република Македонија | Југоисточен Регион | Република Македонија | Југоисточен Регион | Република Македонија | Југоисточен Регион |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | | 2011 | | 2012 | | 2013 | |
| Вкупно | 75.497 | 6.488 | 73.118 | 6.248 | 74.424 | 6.373 | 71.290 | 6.083 |
| 0[21] | 10.756 | 653 | 6.674 | 355 | 7.158 | 414 | 4.415 | 295 |
| 1-9 | 59.276 | 5.304 | 60.620 | 5.361 | 61.053 | 5.410 | 60.599 | 5.247 |
| 10-19 | 2.483 | 254 | 2.754 | 269 | 2.937 | 274 | 2.989 | 273 |
| 20-49 | 1.568 | 153 | 1.698 | 152 | 1.795 | 153 | 1.787 | 146 |
| 50-249 | 1.211 | 112 | 1.187 | 103 | 1.280 | 113 | 1.291 | 111 |
| 250 + | 203 | 12 | 185 | 8 | 201 | 9 | 209 | 11 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија, 2014“***

Податоците од табелата погоре укажуваат дека во периодот од 2010 до 2013 година се забележува пад на бројот на активни деловни субјекти како на национално ниво, така и на ниво на Југоисточен плански регион (од 6.488 на 6.083). Микро претпријатијата и понатаму се двигател на економијата на регионот и потврда за претприемачкиот дух на неговите жители. Бројот на микро претппријатија континуирано расте во периодот од 2010 до 2012 година, а бележи мал пад во 2013 година (5.247). Понатаму, бројот на малите претпријатија останува речиси непроменет (273), како и бројот на средните претпријатија чиј број во 2010 година е речиси идентичен како и во 2013 година (112 во 2010, 111 во 2013 година). Бројот на големите активни деловни субјекти, со повеќе од 250 вработени, во 2013 година изнесува само 11. Ако се разгледува според критериумот број на вработени, речиси 85% од вкупниот број на активни деловни субјекти во Југоисточниот регион отпаѓаат на деловните субјекти со 1-9 вработени.

Најголем дел од активните деловни субјекти во Југоисточниот регион работаат во секторот на „Трговија на големо и мало; поправка на моторни возила и мотоцикли“ (2.493), потоа следуваат претпријатијата од „Преработувачката индистрија“ (721) и претпријатијата од секторот на „Транспорт и складирање“ (587). Најмалку претпријатија делуваат во секторот „Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација“ (18) што е разбирливо, бидејќи овој сектор бара огромни инвестициони вложувања. Во 2013 споредено со 2012 година се забележува намалување на активните деловни субјекти во два клучни сектори за овој регион. Имено бројот на претпријатијата кои работат во секторот „Земјоделство, шумарство и рибарство“ е намален од 371 на 330, како и бројот на преработувачките капацитети кој е намален од 796 на 721.

## *6.3 Надворешно – трговско работење*

Во анализираниот период (2009 - 2012 година) надворешното трговско работење на Југоисточниот плански регион бележи тенденција на намалување. Во вкупното надворешно трговско работење на Република Македонија, Југоисточниот регион учествува со 8,6 - 10,2% во извозот, односно 4,9 – 5,7% во увозот. Деловните субјекти од регионот во 2012 година оствариле суфицит во надворешно трговската размена во износ од 25,5 милиони САД долари.

21 Вклучувајќи и деловни субјекти со неутврден број на вработени

**Табела бр. 15. Извоз и увоз во периодот 2008-2012**

| Година | ИЗВОЗ | | УВОЗ | |
|---|---|---|---|---|
| | Југоисточенрегион (%)[22] | Југоисточен регион (милиони САД долари) | Југоисточен регион (%)[23] | Југоисточен регион (милиони САД долари) |
| 2008 | 10,2 | 408,6 | 5,7 | 371,1 |
| 2009 | 11,5 | 460,7 | 5,4 | 351,6 |
| 2010 | 10,3 | 412,6 | 5,0 | 325,5 |
| 2011 | 8,3 | 332,5 | 4,7 | 306,0 |
| 2012 | 8,6 | 344,5 | 4,9 | 319,0 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2014" и Пресметки на авторите***

Потребно е да продолжи и да се интензивира ориентираноста кон извозот со оглед на тоа што Република Македонија е мал пазар со ниска апсорпциона моќ. Југоисточниот регион треба да вложува во поголем развој на потенцијалите и конкурентните индустрии како земјоделството, преработката и пакување на производи и во извоз на производи со повисока додадена вредност.

22 Република Македонија = 100%
23 Република Македонија = 100%





# 7. ПАЗАР НА РАБОТНА СИЛА

Показателите за следење на активноста на населението е пресметана како учество на работната сила во работоспособното население на возраст од 15 до 79 години, додека стапката на вработенот односно стапката на невработенот се пресметани како учество на бројот на вработени/невработени од работоспособното население.

Стапката на активност на населението во 2009 година изнесува 69,6% и е највисока од сите региони и е над националниот просек од 56,7%. Стапката на вработеност од 59,6% е исто така највисока во однос на сите региони и е поголема од националниот просек. Стапката на невработеност е најниска и изнесува 14,4%.

Истиот тренд се задржува и во анализираната 2013 година, при што стапката на активност на населението изнесува 69.9% и е највисока во однос на сите региони и поголема од националниот просек. Стапката на вработеност од 56,8% е исто така највисока во однос на сите региони и е над националниот просек. Стапката на невработеност е најниска во државата и изнесува 18,8%.

**Табела бр. 16. Споредбени показатели од социјалната сфера и пазарот на труд во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион за 2009 и 2013 год.**

| Показатели | РМ | Југоисточен | РМ | Југоисточен |
|---|---|---|---|---|
| | 2009 | | 2013 | |
| Стапка на активност | 56.7 | 69.6 | 57,2 | 69,9 |
| Стапка на вработеност | 38.4 | 59.6 | 40,6 | 56,8 |
| Стапка на невработеност | 32.2 | 14.4 | 29,0 | 18,8 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014")***

**Табела бр. 17. Податоци за пазарот на труд - број на работоспособното население, активност, вработеност и невработеност на населението во Југоисточниот плански регион, 2009-2013 година–**

| Показатели | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Работоспособно население | 139.278 | 139.924 | 140.279 | 140.857 | 140.938 |
| Стапка на активност | 69,6 | 69,9 | 71,0 | 70,7 | 69,9 |
| Стапка на вработеност | 59,6 | 61,9 | 64,4 | 60,9 | 56,8 |
| Стапка на невработеност | 14,4 | 11,5 | 9,3 | 13,8 | 18,8 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014").***

Според податоците од Државниот завод за статистика за проценка на бројот на население, Југоисточниот регион, иако незначителен, сепак бележи континуиран раст на бројот на населението.

Стапката на активност на населението е највисока во однос на останатите региони и е значително над националниот просек. Истата бележи континуиран раст во периодот 2009-2012, со благ пад во 2013 во однос на 2012 година.

Стапката на вработеност бележи раст во периодот 2009-2011 година од 59,6% на 64,4%, додека во периодот 2012 и 2013 година има тренд на намалување, односно се намалува од 60,9% на 56,8%. Во истиот период стапката на вработеност на национално ниво изнесува 40.6%.

Иако стапката на невработеност е најмала во однос на останатите региони и е далеку под националниот просек, загрижува трендот на постојан пораст во периодот 2011 – 2013 година, како и податокот дека во 2013 година стапката на невработеност како процент на работоспособното население е највисока во однос на анализираниот период. Во 2012 година невработеноста се зголемила на 13,8% додека во 2013 година, оваа стапка е највисока во анализираниот период и изнесува 18.8%. Стапката на невработеност во Југоисточниот регион е значително повисока во урбаните отколку во руралните средини, што се должи на развиеноста на земјоделството

во регионот[24]. Според полот, состојбата е променлива, но во последните две години, стапката наневработеност е поголема кај жените.

Од горенаведеното може да се заклучи во однос на овие показатели Југоисточниот регион има компаративна предност во однос на сите другу региони во државата. Сепак загрижува големиот раст на невработеноста во периодот 2012 – 2013 година, поради што е неопходно да се изврши детална анализа и утврдување на причините за ваквата состојба.

Сепак, параметрите за исплатена бруто и нето плата не се меѓу највисоките помеѓу регионите. Во 2009 година бруто платата во однос на националниот просек е помала за 22,74%, додека нето платата е помала за 22,53%. Во 2013 година бруто платата во однос на националниот просек е помала за 22,26%, додека нето платата е помала за 22,15%.

Југоисточниот регион е лидер во државата во однос на нивото на стапката на вработеност, но не и според висината на исплатените плати. Имено, просечната исплатена нето-плата по вработен во Југоисточниот регион во 2013 година изнесува 16.462 денари, и е за околу 46,5 % пониска од просечна исплатена нето-плата на државно ниво.

**Табела бр. 18. Податоци за пазарот на труд - исплатена бруто и нето плата во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион за 2010 и 2013 година**

| Показатели | РМ | Југоисточен | РМ | Југоисточен |
|---|---|---|---|---|
| | 2010 | | 2013 | |
| Просечно исплатена бруто-плата по вработен | 30.225 | 23.353 | 31.025 | 24.120 |
| Просечно исплатена нето-плата по вработен | 20.553 | 15.923 | 21.145 | 16.462 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“)***

Висината на просечната исплатена бруто и нето плата по вработен според секторот на дејноста во Република Македонија и во Југоисточниот регион во 2013 година се прикажани во табелата подолу.

24 Трет национален извештај кон рамковната конвенција за климатски промени на ОН, Министерство за животна средина и просторно планирање, Влада на РМ, Јули 2013, Скопје



**Табела бр. 19. Просечно исплатена бруто и нето плата во 2013 година во Република Македонија и во Југоисточниот регион по сектори според НКД 2 класификацијата**

| Сектори | Активни деловни субјекти според НКД 2 класификацијата по сектори | | Просечно исплатена бруто плата по вработен | | Просечно исплатена нето плата по вработен | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | РМ | ЈИ регион | РМ | ЈИ регион | РМ | ЈИ регион |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 2.866 | 330 | 22.624 | 20.120 | 15.639 | 13.815 |
| Рударство и вадење на камен | 164 | 11 | 35.041 | - | 23.293 | - |
| Преработувачка индустрија | 7.918 | 721 | 23.007 | 18.497 | 15.747 | 12.704 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 132 | 6 | 54.131 | - | 36.362 | - |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпадни дејности за санација на окол. | 306 | 18 | 27.415 | 21.000 | 18.714 | 14.433 |
| Градежништво | 4.322 | 276 | 25.092 | 17.197 | 17.302 | 11.792 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 25.429 | 2493 | 27.894 | 22.686 | 19.263 | 15.713 |
| Транспорт и складирање | 6.095 | 587 | 32.935 | 20.640 | 22.399 | 14.163 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 4.482 | 341 | 22.217 | 22.664 | 15.293 | 15.494 |
| Информации и комуникации | 1.446 | 66 | 51.353 | 34.337 | 35.214 | 23.271 |
| Финансиски дејност и дејности на осигурување | 390 | 30 | 55.252 | 45.719 | 37.583 | 30.827 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 485 | 23 | 37.145 | - | 25.183 | - |
| Стручни,научни и технички дејности | 5.817 | 363 | 39.808 | - | 27.488 | - |
| Административни и помошни услужни дејности | 1.514 | 51 | 20.438 | - | 14.002 | - |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осиг. | 258 | 20 | 37.056 | 34.434 | 25.054 | 23.144 |
| Образование | 1.025 | 77 | 31.309 | 28.761 | 21.235 | 19.546 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 3.315 | 268 | 33.839 | 29.177 | 23.104 | 19.832 |
| Уметност, забава и рекреација | 1.179 | 84 | 25.954 | 27.969 | 17.725 | 19.140 |
| Други услужни дејности | 4.147 | 318 | 34.716 | 26.771 | 23.573 | 17.974 |
| Вкупно | 71.290 | 6,083 | 31.025 | 24.120 | 21.145 | 16.462 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“***

Просечната исплатена нето плата во Југоисточниот регион во 2013 година бележи намалување во однос на 2012 година за 0,84%. Падот во платите оди паралелно со намалувањето на бројот на деловните субјекти од 6.373 во 2012 на 6.038 во 2013 година. Слично намалување се забележува и на државно ниво. Највисоко исплатена просечна бруто и нето плата во Југоисточниот регион во 2013 година е во секторот „Финансиски дејност и дејности на осигурување" во износ од 45.719 и 34.827 соодветно, а веднаш зад овој сектор се платите во секторот „Информации и комуникации" со бруто износ од 34.337 и нето износ од 23.271 денари. Просечно исплатената плата во носечкиот сектор во регионот, односно во секторот „Земјоделство, шумарство и рибарство" се ниски и изнесуваат 13.815 денари (нето). Најниски нето плати во Југоисточниот регион се исплатени во секторот „Градежништво" (11.476 односно 11.792 денари).



# 8. СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ОБРАЗОВАНИЕ И РАЗВОЈ

## *8.1 Социјална политика и развој*

Во однос на социјалните параметри како важен податок треба да се напомене стагнацијата на бројот на население, што покажува состојба на проста репродукција без знаци за драстично зголемување и промена. Процентот на население до 14 години во Југоисточниот регион е под државниот просек. Од останатите региони поголем процент на население до 14 години од Југоисточниот регион имаат Полошкиот, Североисточниот и Скопскиот, додека Југозападниот има понизок во 2009, 2010 и 2011 година година.

Во регионот има тенденција на постојано зголемување на населението на возраст со 65 и повеќе години. Процентот се зголемува континуирано во целиот анализиран период, додека во периодот од 2009 до 2013 година бележи пораст од 0,7%.

Коефициентот на старосна зависност изнесува 41,1% за 2013 година, истиот многу малку варира и се движи околу државниот просек. Загрижува трендот на зголемување на коефициентот на старосна зависност во последните три анализирани години (2011, 2012 и 2013 година).

**Табела бр.20. Параметри од социјалната сфера во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион за период 2009 – 2013 година**

| | Југоисточен регион | | | | | Просек на државно ниво (Република Македонија) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Индикатор | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| Население на возраст 0-14 (%) | 17,1 | 16,9 | 16,5 | 16,6 | 16,5 | 17,9 | 17,6 | 17,3 | 17,1 | 16,9 |
| Население на возраст 65+ (%) | 11,9 | 12,1 | 12,2 | 12,4 | 12,6 | 11,6 | 11,7 | 11,8 | 11,9 | 12,2 |
| Коефициент на старосна зависност | 41,0 | 40,9 | 40,7 | 40,8 | 41,1 | 41,8 | 41,3 | 41,0 | 40,9 | 41,1 |
| Живородени (на 1000 жители) | 11,7 | 11,9 | 10,4 | 11,5 | 11,1 | 11,5 | 11,8 | 11,1 | 11,4 | 11,2 |
| Умрени (на 1000 жители) | 9,8 | 10,0 | 10,0 | 10,1 | 9,8 | 9,3 | 9,3 | 9,5 | 9,8 | 9,3 |
| Бракови (на 1000 жители) | 6,1 | 6,0 | 6,7 | 6,1 | 6,7 | 7,3 | 6,9 | 7,2 | 6,8 | 6,8 |
| Разводи (на 1000 жители) | 0,9 | 0,8 | 1,0 | 1,0 | 1,0 | 0,6 | 0,8 | 0,9 | 0,9 | 1,0 |
| Стапка на смртност на доенчиња | 8,4 | 6,8 | 1,7 | 11,0 | 5,7 | 11,7 | 7,6 | 7,6 | 9,8 | 10,2 |
| Вкупна стапка на фертилитет | 1,6 | 1,6 | 1,4 | 1,6 | 1,54 | 1,5 | 1,6 | 1,5 | 1,5 | 1,48 |
| Просечна возраст на население | 38 | 38 | 38 | 38 | 38,6 | 37 | 37 | 38 | 38 | 38 |
| Просечна возраст на умрени | 71 | 71 | 72 | 72 | 72,5 | 71 | 72 | 72 | 72 | 72 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014")***

Природниот прираст на населението како разлика помеѓу бројот на живородените деца и бројот на умрените лица, како и бројот на склучени и разведени бракови за анализираниот период (2009 – 2013 година) покажуваат тренд на стагнација во регионот. Ваквата состојба реално во иднина ќе влијае врз динамиката на економскиот и целокупниот развој на регионот. Регионот го задржува нивото на проста репродукција, меѓутоа ако трендот се задржи, истиот дополнително ќе ја услови потребата од зголемување на човечките и финансиските ресурси од социјалната и здравствената сфера, што би претставувало дополнително оптоварување на институциите и реалниот сектор.

Стапката на живородени деца исто така варира и се движи околу државниот просек. Истата е највисока во 2010 година со 11,9 (на 1.000 жители), а најниска во 2011 година 10,4 (на 1.000 жители). Бројот на бракови и разводи го прати трендот на национално ниво, со многу мали отстапки и изнесува 6,1 во 2009 година, додека во 2013 истиот изнесува 6,7.

Стапката на смртност кај доенчињата варира и е под националниот просек, освен во 2012 година кога изнесува 11,0 (на 1.000 жители), додека најниска стапка на смртност во Југоисточниот регион има во 2011 година кога истата изнесува 1,7 (на 1.000 жители).

Склучените бракови во 2013 година покажуваат позитивен тренд. Истиот е доста висок споредбено со останатите показатели и е блиску до националниот просек. Во иста линија е и бројот на разведени бракови кој е сразмерен со националниот просек.

Трендот на деца згрижени во установи за згрижување и воспитување во Југоисточниот плански регион бележи поголем раст во 2013 година. Бројот на згрижени деца во 2013 во однос на 2012 година е зголемен за 297 или 12,01%, додека во однос на 2009 година за 586 или 23,70%.

**Табела бр. 21. Податоци за деца згрижени во установи за згрижување и воспитување во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион во периодот 2009 - 2013 година**

| Деца во установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки, по години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| Република Македонија | 22.213 | 23.157 | 25.056 | 26.885 | 29.113 |
| Југоисточен регион | 1.887 | 1.873 | 2.119 | 2.176 | 2.473 |
| Процент (%) | 8,50 | 8,09 | 8,46 | 8,09 | 8,49 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“***

**Табела бр. 21.. Податоци за вработени во установи за згрижување и воспитување во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион во периодот 2009 - 2013 година**

| Вработени во установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки, по години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| Република Македонија | 3.665 | 3.739 | 3.815 | 3.937 | 4.087 |
| Југоисточен | 334 | 339 | 338 | 343 | 342 |
| Процент (%) | 9,11 | 9,07 | 8,86 | 8,71 | 8,37 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“***

Трендот на вработени во установите за згрижување и воспитување деца во Југоисточниот плански регион е позитивен, и покажува незначително зголемување во анализираниот период (2009-2013 година).

Бројот на корисници на социјална помош по носител на домаќинство во Југоисточниот плански регион континуирано се намалува. Во периодот 2009-2012 година, бројот се намалил за 53,52% кај носителите на домаќинство или за 54,70% кај корисници на социјална помош според членови на домаќинство. Како една од причините треба да се напомене континуираното зголемување на стапката на вработеност. Втора можна причина се измените во Законот за сооцијална заштита (Сл. Весник на РМ 79/2009) со кој се заоструваат критериумите за остварување право на социјална помош.

Двата параметри даваат доволно аргументи за можните причини за малиот број на корисници на социјална помош и нивното континуирано намалување.



**Табела бр. 23. Корисници на социјална помош според носител на домаќинство во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион за периодот 2009 - 2012 година**

| | Носител на домаќинството (број на домаќинства) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
| Република Македонија | 49.515 | 44.940 | 36.991 | 33.717 |
| Југоисточен регион | 3.180 | 2.073 | 1.702 | 1.702 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“***

**Табела бр. 24. Корисници на социјална помош според членови на домаќинство во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион за периодот 2009 - 2012 година**

| | Членови на домаќинството (заедно со носителот) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
| Република Македонија | 193.220 | 176.431 | 153.385 | 133.539 |
| Југоисточен регион | 11.278 | 8.058 | 5.938 | 6.169 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“***

## *8.2 Образование и развој*

Бројот на основни училишта во Југоисточниот регион изнесува 118 во 2013 година, при што бројот е намален за едно училиште во анализираниот период. Бројот на основни училишта претставува 11,94% од вкупниот број на основни училишта во Република Македонија (988). Бројот на училишта според вкупниот број население и бројот на запишани ученици во основното образование е прилично висок. Бројот на запишани ученици е загрижувачки и процентот од 7,8% е меѓу најниските во државата (само Вардарскиот и Источниот имаат понизок процент).

Бројот на ученици по наставник е 9 и претставува поволен податок во однос на квалитетот на наставата. Исто така и бројот на ученици во основните училишта е многу низок, само Пелагонискиот регион има понизок показател. Овие два податоци укажуваат на неповолен тренд кој на подолг временски период би можел да претставува сериозен проблем во однос на староста на населението во регионот и неможноста за постигнување проста репродукција.

**Табела бр. 25. Показатели во сферата на основното образование во Југоисточниот плански регион за периодот од 2009 – 2013 (учебна 2008/09 – 2012/13)**

| Показател | 2008/9 | 2009/10 | 2010/11 | 2011/12 | 20012/13 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на основни училишта | 119[25] | 119[26] | 119[27] | 119[28] | 118[29] |
| Наставници во основно образование (%) | 8.4 | 7.2 | 9.2 | 9.2 | 9.2 |
| Запишани ученици во основно образование (%) | 7.9 | 7.9 | 7.9 | 7.8 | 7.8 |
| Број на ученици по училиште | 139 | 136 | 132 | 129 | 126 |
| Ученици во основно образование по наставник | 12 | 11 | 10 | 10 | 10 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“)***

Континуираното намалување на ученици по училиште и ученици по наставник во основното образование во Југоисточниот плански регион е во корелација со претходните констатации за намален наталитет и континуирано стареење на населението. Овој тренд од една страна

25 Податоците се однесуваат на редовните основни училишта на почетокот на учебната 2009/2010 година
26 Податоците се однесуваат на редовните основни училишта на почетокот на учебната 2010/2011 година
27 Податоците се однесуваат на редовните основни училишта на почетокот на учебната 2011/2012 година
28 Податоците се однесуваат на редовните основни училишта на почетокот на учебната 2012/2013 година
29 Податоците се однесуваат на редовните основни училишта на почетокот на учебната 2013/2014 година

создава слика на соодветни услови на учениците и наставниците, меѓутоа во основа го одразува намалувањето на бројот на население и на младата популација во регионот.

Бројот на средни училишта во Југоисточниот плански регион изнесува 8 во учебната 2012/2013 година, и претставува 7,08% од вкупниот број на средни училишта во Република Македонија. Бројот на средни училишта е најмал во Република Македонија. Бројот на запишани ученици е прилично низок и изнесува 7,4%, и притоа само Вардарскиот регион има понизок процент (6,7%). Загрижувачки е податокот за завршени ученици во средното образование од 6,9% кој е убедливо најнизок во однос на останатите региони и е помал од државниот просек. Бројот на ученици по наставник е 14 што не треба да изненадува бидејќи и бројот на наставници во средни училишта е најнизок и изнесува 6,4%.

**Табела бр. 26. Показатели во сферата на средното образование во Југоисточниот плански регион за учебната 2008/09 – 2012/13**

| Показател | 2008/9 | 2009/10 | 2010/11 | 2011/12 | 20012/13 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на средни училишта | 7[30] | 7[31] | 8[32] | 8[33] | 8[34] |
| Наставници во средно образование (%) | 6.3 | 6.3 | 6.4 | 6.3 | 6.4 |
| Запишани ученици во средно образование (%) | 7.4 | 7.5 | 7.4 | 7.4 | 7.4 |
| Завршени ученици во средно образование (%) | 6.9[35] | 6.8[36] | 7.5[37] | 7.2[38] | 6.9[39] |
| Ученици во средно образование по наставник | 16 | 16 | 15 | 14 | 14 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2014“)***

Во однос на запишаните ученици во основното и средното образование Југоисточниот регион го прати трендот на континуирано намалување на бројот на запишани ученици. Ваквиот тренд, според статистичките податоци е констатиран на ниво на цела држава, со исклучок на бројот на ученици во средното образование во Полошкиот и Скопскиот регион за одредени години.

Бројот на ученици во основното образование во Југоисточниот регион во учебната 2008/2009 е многу низок и изнесува 16.798. Трендот на намалување на бројот на ученици е задржан во целиот анализиран период и во учебната 2012/2013 година има 15.318 ученици во основното образование што претставува намалување за 8,81% во анализираниот период.

30 Податоците се однесуваат на редовните средни училишта на почетокот на учебната 2009/2010 година
31 Податоците се однесуваат на редовните средни училишта на почетокот на учебната 2010/2011 година
32 Податоците се однесуваат на редовните средни училишта на почетокот на учебната 2011/2012 година
33 Податоците се однесуваат на редовните средни училишта на почетокот на учебната 2012/2013 година
34 Податоците се однесуваат на редовните средни училишта на почетокот на учебната 2013/2014 година
35 Податоците се однесуваат на завршени ученици во редовните средни училишта на крајот на учебната 2008/2009 година
36 Податоците се однесуваат на завршени ученици во редовните средни училишта на крајот на учебната 2009/2010 година
37 Податоците се однесуваат на завршени ученици во редовните средни училишта на крајот на учебната 2010/2011 година
38 Податоците се однесуваат на завршени ученици во редовните средни училишта на крајот на учебната 2011/2012 година
39 Податоците се однесуваат на завршени ученици во редовните средни училишта на крајот на учебната 2012/2013 година



**Табела бр. 27. Вкупен број запишани ученици во основното и средното образование во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион за учебната 2008/09 – 2012/13**

| Индикатор | 2008/9 | 2009/10 | 2010/11 | 2011/12 | 20012/13 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на запишани ученици во основно образование во РМ | 216 180 | 210 381 | 204 439 | 198 856 | 195 311 |
| Број на запишани ученици во основно образование во Југоисточен регион | 16.798 | 16.539 | 16.148 | 15.693 | 15.318 |
| % на запишани ученици во однос на национално ниво | 7,77 | 7,86 | 7,90 | 7,89 | 7,84 |
| Број на запишани ученици во средно образование во РМ | 93 843 | 95 343 | 94 155 | 93 064 | 89 884 |
| Број на запишани ученици во средно образование во Југоисточен регион | 7.155 | 7.084 | 7.026 | 6.889 | 6.613 |
| % на запишани ученици во однос на национално ниво | 7,62 | 7,43 | 7,46 | 7,40 | 7,36 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“***

Бројот на ученици во средното образование во Југоисточниот регион во учебната 2008/2009 е многу низок и изнесува 7.155 (помалку има само во Вардарскиот регион). Регионот го задржува истиот тренд во целиот анализиран период и во учебната 2012/2013 година има 6.613 ученици во средно образование што претставува намалување за 8,57% во однос на учебната 2008/2009 година.

Кај високото образование, показателитепоказатели исто така не се најповолни. Бројот на дипломирани студенти на 1.000 жители во Југоисточниот регион во учебната 2012/2013 изнесува 3,8. Загрижува апсолутниот број на дипломирани студенти кој во студентската година 2012/2013 изнесува 661 и е најмал во државата.

**Табела бр. 28. Показателипоказатели во сферата на високото образование во Југоисточниот плански регион во споредба со другите региони за студентската 2012/2013 година**

| Показатели | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на дипломирани студенти | 749 | 894 | 844 | 661 | 1.117 | 1.105 | 729 | 3.067 |
| Број на дипломирани студенти на 1.000 жители | 4.9 | 5.0 | 3.8 | 3.8 | 4.8 | 3.5 | 4.1 | 5.0 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2014“***

**Табела бр. 29. Показателипоказатели во сферата на високото образование во Југоисточниот плански регион за период од 2009 – 2013 (учебна 2008/09 – 2012/13)[40]**

| Показател | 2008/9 | 2009/10 | 2010/11 | 2011/12 | 20012/13 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на запишани студенти | 4.344 | 4.380 | 4.814 | / | / |
| Број на дипломирани атуденти | 596 | 638 | 653 | 795 | 661 |
| Број на дипломирани студенти на 1.000 жители | 3,5 | 3,7 | 3,8 | 4,6 | 3,8 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“***

40 Забелешка: Бројот и процентот на запишани и дипломирани студенти е според местото на живеење.

Прикажаниот број на запишани и дипломирани студенти во табелите погоре укажува на позитивниот тренд во Југоисточниот регион во однос на високото образование, освен во периодот 2013 година кога има намален број дипломирани студенти. Сепак доколку ги погледнеме податоците за бројот на дипломирани студенти се забележува дека и процентуално и како број тој е најнизок во споредба со сите останати региони. Во однос на националниот просек, бројот на дипломирани студенти во Југоисточниот регион во 2008/09 година изнесува 5,6%, во 2009/10 изнесува 6,36%, во 2010/11 тој број е 6,66% и во 2011/12 8,19%.[41]

41 http://makstat.stat.gov.mk/





# 9. ТРАНСПОРТ И ИНФРАСТРУКТУРА

## *9.1 Комунална инфраструктура*

Основен проблем при изготвувањето на оваа анализа беше недостатокот на релевантни и обработени информации. Поголем дел од податоците се од Пописот во 2002 година, како и информации обезбедени од единиците на локалните самоуправи и Центарот за развој на Југоисточниот плански регион. Самите податоци не се систематизирани и класифицирани според однапред поставени параметри по кои се води евиденција и истите се различни во секоја од општините од каде се обезбедени. Поради тоа, наведените информации треба да се земат со одредена резерва.

Покриеноста на Југоисточниот регион со водоводна мрежа и организирани системи за водоснабдување изнесува околу 87% и во најголем дел ги покрива урбаните центри на општините. Покриеноста на населението во урбаните средини со системи за вода за пиење се движи околу 95%. Водоснабдителната норма во целиот регион се движи помеѓи 350 – 450 литри на ден по жител што е исклучително висока норма ако се земе предвид фактот дека во високо развиените урбани центри таа норма е помеѓу 100 – 120 литри на ден по жител. Проценетите загуби, во кои влегува и ненаплатената вода, се дополнителен проблем за квалитетно водоснабдување и тие изнесуваат околу 40% на регионално ниво.

Состојбата во Југоисточниот плански регион во однос на пречистувањето на отпадните води е доста лоша. Во целиот регион постои само една станица за пречистување на отпадни води во Дојран со капацитет од 3.000 еквивалент жители. Покриеноста на населението со пречистителни станици за отпадни води изнесува околу 5,0%, што е значително под националниот просек од 12,5%.

Во руралните средини, процент на одведени отпадни води се движи од 0% до 80%. Во дел од руралните средини каде се користат септички јами истите не се со доволен капацитет и се прелеваат, а има појава и на директно испуштање на отпадните води во разните површински канали или на земјоделско земјиште.

Во завршна фаза на подготовки е реализацијата на прочистителните станици во Струмица и Гевгелија. Реализацијата е планирана да се финансира од ИПА фондовите на Европската Унија (ИПА компонента III Регионален развој) и со средства од државниот буџет.

Во однос на наводнувањето на земјоделските површини, регионот припаѓа на две водостопански подрачја Струмица и Долен Вардар и многу мал дел од водостопанство Средна и Долна Брегалница.

Од аспект на наводнувањето на земјоделските култури, Југоисточниот регион не поседува големи извори на вода. Ова значи дека во иднина снабдувањето со вода за наводнување ќе треба да се решава со изградба на брани и акумулации. За вакви зафати најголеми релјефни можности и хидролошки карактеристики постојат на територија на Општина Радовиш и тоа: на Подарешка Река (акумулација Подареш) и на Ораовечка Река (акумулација Ораовечка), како и доградба на постојниот систем Мантово кој се наоѓа на територијата на Општина Конче.

**Табела бр. 30. Површини под системи за наводнување во Република Македонија и во Југоисточниот регион (ха)**

| | Вкупно РМ | Југоисточен | % |
|---|---|---|---|
| Индивидуален сектор | 69.070 | 12.234 | 17,71 |
| Деловни субјекти | 10.568 | 2.350 | 22,24 |
| Вкупно | 79.638 | 14.585 | 18,31 |

***Извор:** http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007/Dialog/Saveshow.asp*

Одлагањето на цврстиот комунален отпад во Југоисточниот плански регион се врши на локалните или ткн. општински депонии, кои не ги задоволуваат ниту основните санитарно -технички стандарди за безбедно депонирање на отпадот. Ниту една од депониите нема подземен слој со кој ќе се заштитат почвите и подземните води. Најголема опасност претставуваат дивите депонии, кои според непроверени информации ги има повеќе од 700, каде неконтролирано се одлага комунален и индустриски отпад кој влијае директно врз загадувањето на животната средина, а индиректно врз здравјето на населението.

Во Табелата бр. 31 и Табелата бр. 32 подолу се прикажани податоци на регионално ниво во однос на снабдувањето со вода и испуштање непречистена вода.

**Табела бр. 31. Снабдување со вода во Република Македонија и во Југоисточниот регион (во илјади м$^3$)**

| | Вкупно РМ | Југоисточен | % |
|---|---|---|---|
| 2010 | 6.368.589 | 22.849 | 0,36 |
| 2011 | 5.869.979 | 98.816 | 1,68 |
| 2012 | 5.006.246 | 99.360 | 1,98 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2014“***

Зголемувањето на количините за снабдување со вода во периодот 2010 и 2011 година во Југоисточниот регион може да се должи на прибирањето и усогласувањето на податоци на регионално ниво. Количините вода во периодот 2011 и 2012 се стабилни иако во 2012 има зголемување од 0,55%. Сепак, ако се споредат со количините на вода на државно ниво, се покажува недостатокот од вода во регионот.

**Табела бр. 32. Испуштање на непречистена вода во Република Македонија и во Југоисточниот регион (во илјади м$^3$)**

| | Вкупно РМ | Југоисточен | % |
|---|---|---|---|
| 2010 | 6.221.267 | 16.406 | 0,26 |
| 2011 | 5.062.710 | 91.768 | 1,81 |
| 2012 | 4.808.627 | 91.712 | 1,91 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2014“***

Зголемувањето на количините на испуштена непречистена вода во Југоисточниот регион може да се должи на прибирањето и усогласувањето на податоци на регионално ниво. Количините на испуштена вода во периодот 2011 и 2012 се стабилни иако во 2012 има намалување од 0,06%.

Разликите од количините на снабдена вода со количините на испуштена непречистена вода ја даваат количината на вода која или се испушта незагадена или истата се третира.

## *9.2 Патна инфраструктура*

Патниот транспорт и инфраструктурата играат клучна улога во економскиот развој, зголемувањето на бројот на туристите во регионот, како и на животниот стандард на населението во целост.

Надлежни институции за патната инфраструктура во регионот се: Министерството за транспорт и врски, Јавното претпријатие за државни патишта и општините. Јавните патишта според нивното државно, економско, стопанско и сообраќајно значење и нивната изграденост се поделени на државни и општински.

Според државното, економското, стопанското и сообраќајното значење, како и нивото на изграденост дел од државните патишта се категоризираат како автопатишта, експресни патишта и магистрални патишта (А-патишта) и служат за поврзување на Република Македонија со европскиот патен систем и одржување на континуитет на меѓународната патна мрежа (меѓународните коридори - Е патишта), и поврзување на патната мрежа со меѓународни патни гранични премини и сообраќајно поврзување со патиштата на соседните држави. Вкупните државни патишта се поделени на: А - Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта), Р1 - Регионални патишта од прва категорија и Р2 - Регионални патишта од втора категорија.

Од вкупно 14.395 км патна мрежа во Република Македонија, на територијата на Југоисточниот регион поминуват 1.557,0 км или 10,82%, со што може да се заклучи дека поврзаноста на регионот е на задоволително ниво. Сепак дел од регионалните патишта не се изградени или не се довршени, додека дел се во незавидна состојба (патен правец А4 делница Штип – Радовиш). Исклучок е патниот правец А4 Радовиш – Струмица кој во најголем дел ги задоволува стандардите и е во добра состојба. Состојбата е лоша на делницата од патниот правец Струмица - граница со Р. Бугарија (ГП Ново Село), како заради состојбата на самата коловозна лента, така и во однос на хоризонталната и вертикална сигнализација. Притоа треба да се земе предвид дека патот проаѓа низ повеќе населени места и води кон граничниот премин за влез кон Република Бугарија.

Во прегледот подолу се наведени сите патишта со должините кои се наоѓаат на територијата на Југоисточниот регион.

**Табела бр. 33а. А - Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта)**

| Ред. бр. | Ознака | Релација | Должина во км |
|---|---|---|---|
| 1 | А1 | Граница со Р. Србија (ГП Табановце) – Куманово –Велес - Неготино - Демир Капија – Гевгелија – граница со Р. Грција (ГП Богородица) и делница Градско – Прилеп (врска со А2) | 42,0 |
| 2 | А4 | Граница со Р. Косово (ГП Блаце) – Крстосница Стенковец - обиколница Скопје – Петровец –Миладиновци – Свети Николе – Штип – Радовиш –Струмица – граница со Р. Бугарија (ГП Ново Село) | 90,1 |
| | | Вкупно А патишта | 132,1 |

***Извор: Студија за можности за развој на патната мрежа во Југоисточен плански регион***[42]

Автопатиштата и магистралните патишта (А1 и А4) кои поминуваат низ регионот се во релативно добра состојба. Во фаза на изградба е делницата од автопатот А1 Демир Капија – Смоквица (врска со А2). Изградбата на оваа делница ќе создаде можност за економски развој преку брза размена на стока и луѓе, како и развој на транзитниот туризам бидејќи оваа е главна државна артерија (коридор север – југ) преку која низ земјата транзитираат голем број на луѓе и стока чиишто број и количина е во постојан пораст.

***Табела бр. 33.б. Р1 - Регионални патишта од прва категорија***

| Ред. бр. | Ознака (нова категор.) | Релација | Должина во км |
|---|---|---|---|
| 1 | Р1102 | Скопје (врска со А2 - обиколница Скопје) – Катланово -Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија (врска со А1) | 157,9 |
| 2 | Р1105 | Давидово (врска со Р1102) - Удово (врска со А1) -Валандово - Раброво - Дојран - граница со Р. Грција (Сретеново) и делница Стар Дојран - граница со Р. Грција (Николиќ) | 44,0 |
| 3 | Р1108 | Гевгелија (врска со Р1102) - Моин - Конско - Смрдлива Вода - СЦ Кожув | 62,1 |
| 4 | Р1109 | Гевгелија (врска со А1) - Богданци - Фурка (врска со Р1105) | 18,6 |
| 5 | Р1302 | Делчево (врска со А3) - Пехчево - Берово - Дабиле (врска со А4) | 20,8 |
| 6 | Р1310 | Радовиш (врска со А4) - Подареш - Владимирово (врска со Р1302) - Берово - граница со Р. Бугарија (ГП Клепало) | 19,8 |
| 7 | Р1401 | Струмица (врска со А4) - Раброво - Валандово - Балинци - Марвинци (врска со А1) | 29,9 |
| 8 | Р1402 | Куклиш (врска со Р1401) - Банско - Ново Коњарево (врска со А4) | 32,4 |
| 9 | Р1403 | Врска со А4 - Радовиш - Владевци - Василево - Струмица (врска со А4) | 28,1 |
| | | Вкупно регионални патишта од прва категорија | 413,6 |

***Извор: Студија за можности за развој на патната мрежа во Југоисточен плански регион***

42 Студија за можности за развој на патната мрежа во Југоисточен плански регион – Проект од Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција бр. ИПА/2009/ДН21101/ЦН307

**Табела бр. 33.в. Р2 - Регионални патишта од втора категорија**

| Ред. бр. | Ознака | Релација | Должина во км |
|---|---|---|---|
| 1 | P2431 | Радовиш (врска со Р1310) – Плачковица – Аргулица(врска со Р2334) | 21,5 |
| 2 | P2432 | Струмица (врска со А4) – Вељуса – Василево (врска со Р1403) | 9,5 |
| 3 | P2433 | Радовиш (врска со А4) – Конче – Загорци – Лесковица (врска со Р1103) – Селце - Софилари (врска со А4) | 13,5 |
| 4. | P2434 | Врска со Р1401 - Рич - врска со Р2433 | 78,8 |
| | | Вкупно регионални патишта од втора категорија | 123,3 |

***Извор: Студија за можности за развој на патната мрежа во Југоисточен плански регион***

**Табела бр. 33г. Р29 - Регионални патишта**

| Ред. бр. | Ознака | Релација | Должина во км |
|---|---|---|---|
| 1. | P29177 | Врска со А1 – Миравци | 5,5 |
| 2. | P29471 | Подареш (врска со Р1310) – Јаргулица – Покрајчево – Злеово – Радичево (врска со А4) | 13,9 |
| | | Вкупно Р29 патишта | 19,4 |

***Извор: Студија за можности за развој на патната мрежа во Југоисточен плански регион***[43]

Состојбата на регионалните и локалните патишта во најголем дел е лоша. Најлоша е состојбата со локалните патишта. Регионот има најмала должина на локални патишта, просекот се движи околу 10% во однос на вкупната должина на локални патишта во Република Македонија. Исто така многу неповолен е фактот дека најголем процент од локалните патишта се земјани. Во 2009 година 28,94% од локалните патишта отпаѓаат на асфалтни, додека 65,29% се земјани и непросечени. Во 2013 година, 43,24% од локалните патишта се асфалтни, додека 54,28 се земјени и непросечени. Зголемувањето на должината на нови асфалтни локални патишта за 118 км во анализираниот период претставува показател за позитивен развој.

Табела бр. 34. Локална патна мрежа во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион, 2009-2013 година (км)

| Година | Должина на локални патишта во Р. Македонија (во км) | Должина на локални патишта во Југоисточниот регион (во км) | Процент од вкупната должина на локални патишта (во %) |
|---|---|---|---|
| 2009 | 9.258 | 919 | 9,93 |
| 2010 | 9.252 | 969 | 10,47 |
| 2011 | 9.300 | 977 | 10,50 |
| 2012 | 9.355 | 957 | 10,23 |
| 2013 | 9.471 | 888 | 9,37 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“***

43 Забелешка: Во табеларните прегледи на А – патиштата и регионалните патишта се наведени вкупните должини. За должините на изградени/неизградени А и регионални патишта повеќе детали во "Студија за можности за развој на патната мрежа во Југоисточен плански регион" – студија од проектот финансиран од Програмата за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција бр. ИПА/2009/ДН21101/ЦН307.



**Табела бр. 35. Локална патна мрежа во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион, 2013 година (км)**

| | Република Македонија | Југоисточен регион | % |
|---|---|---|---|
| А - патишта | 1.153 | 132,1 | 11,45 |
| Регионални патишта | 3.771 | 536,9 | 14,24 |
| Локални патишта | 9.471 | 888,0 | 13,08 |
| Вкупно | 14.395 | 1.557,0 | 10,82 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2014“***

Во 2009 година, од локалните патишта 319 км или 34,71% отпаѓаат на асфалт или коцка (макадам) што не претставува поволен податок.

Во 2013 година, од локалните патишта 406 км или 45,72% отпаѓаат на асфалт или коцка (макадам) што покажува позитивен тренд на подобрување на состојбата. Најлоша ситуација во анализираниот период е во руралните средини, особено во планинските села и областите со специфични развојни потреби каде се потребни значителни инвестиции.

**Табела бр. 36. Споредбени показатели за локалната патна инфраструктура во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион во 2009 година**

| | Вкупно | Асфалт и коцка | Макадам | Земјани | Непросечени |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 9.258 | 4.355 | 786 | 2.880 | 1.237 |
| Југоисточен | 919 | 266 | 53 | 359 | 241 |
| Процент (%) | 9,93 | 6,11 | 6,74 | 12,46 | 19,48 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012“***

**Табела бр. 37. Споредбени показатели за локалната патна инфраструктура во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион во 2013 година**

| | Вкупно | Асфалт и коцка | Макадам | Земјани | Непросечени |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 9.471 | 4.859 | 716 | 2.663 | 1.233 |
| Југоисточен | 888 | 384 | 22 | 256 | 226 |
| Процент (%) | 9,38 | 7,90 | 3,07 | 9,61 | 18,33 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2014“***

Како генерален заклучок може да се констатира дека состојбата на локалната патната мрежа во регионот според должината е на многу пониско ниво во однос на другите региони. Состојбата на патната мрежа во регионот е на многу пониско ниво во однос на европските стандарди. Комуникациските врски се добри, меѓутоа состојбата на патиштата, вертикалната и хоризонталната сигнализација е во незавидна состојба.

Неопходни се инвестиции за подобрување на патната мрежа меѓу населените места, како и локалните патишта кои водат до природните, културните и туристички локалитети. Особено големи инвестиции се потребни во подрачјата со специфични развојни потреби (види Табела Бр. 71), земајќи го фактот дека најголем дел од тие подрачја се во руралните и пограничните области.

Туристичката сигнализацијата е исто така во лоша состојба и не нуди информации и знаци за туристичките локалитети во регионот. Исто така се потребни инвестиции во патната инфраструктура и во инфраструктурата до постоечките индустриски и економски зони.

### 9.2.1 Просечен годишен дневен сообраќај

Интензитетот на сообраќајот на државната патна мрежа се мери преку броење на сообраќајот кое се спроведува секоја година. Броењето се врши со примена на автоматски бројачи и рачно од страна на вработени во ЈП „Македонија пат".

Броењето на сообраќајот на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија се врши согласно методолошкото упатство од 2010 година (Државен завод за статистика - Броење на сообраќајот на патиштата, 2010).

Целта на броењето на сообраќајот на патиштата е да се соберат податоци кои ќе служат за следење на состојбите на патиштата, планирање на изградбата и одржувањето на патиштата. Ова од друга страна треба да обезбеди безбеден сообраќај. Броењето се реализира секоја година континуирано на сите категории на патишта за повеќе категории на возила.

Резултатите од мерењата во 2011 и 2012 година на магистралната и регионалната патна мрежа во Југоисточниот регион се прикажани табеларно.

Просечниот годишен дневен сообраќај во Југоисточниот плански регион во 2011 година е прикажан во табелата 38. подолу.

**Табела бр. 38. Просечен годишен дневен сообраќај (ПГДС) во Југоисточниот регион во 2011 година**

| Просечен годишен сообраќај (ПГДС) во Југоисточниот регион во 2011 година | Југоисточен регион |
|---|---|
| Магистрални | 19.944 |
| Регионални патишта | н.п. |
| Вкупно | 19.944 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Транспорт и други услуги 2012"***

Збирните податоци за просечниот годишен дневен сообраќај во Југоисточниот регион во 2012 година се прикажани во табелата бр. 39 подолу.

**Табела бр. 39. Просечен годишен дневен сообраќај (ПГДС) во Југоисточниот регион во 2012 година**

| Просечен годишен сообраќај (ПГДС) во Југоисточниот регион во 2012 година | Југоисточен регион |
|---|---|
| Магистрални | 19.877 |
| Регионални патишта | 13.688 |
| Вкупно | 33.565 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Транспорт и други услуги 2012"***

Според податоците наведени за просечниот годишен сообраќај во Југоисточниот регион, во анализираниот период од2011 до 2012 година единствената споредба е можна на сообраќајот на магистралните патишта. Истиот е речиси константен, и во 2011 година изнесувал 19.944, додека во 2012 година 19.877, што претставува минимално намалување од 0,34%.

### 9.2.2 Категоризација на возила во 6 категории при мерењето на просечниот годишен сообраќај

Заради подобро квалитативно следење на сообраќајот, освен по бројност просечниот годишен дневен сообраќај се следи и според категории на возила. Подолу се наведени категориите на возила:

К1 – патнички возила

К2 – лесни товарни возила



К3 – автобуси

К4 – тешки товарни возила со две осовини

К5 – тешки товарни возила со три осовини

К6 – тешки товарни возила со повеќе од три осовини.

### 9.2.3. Превезени патници преку патниот патнички сообраќај

Од анализираниот период, бројот на регистрирани патници превезени со патниот патнички сообраќај варира во позитивна и негативна насока. Најголемиот број патници е превезен во 2011 година, и тоа 2.856.000 патници што претставува 18,26% од вкупно превезените патници во Република Македонија, додека најмалку во 2013 година, или 1.497.000 патници што претставува 9,33% од националниот параметар. Во анализираниот период од 2009 до 2013 година, бројот на превезени патници во Југоисточниот регион е прилично висок (само Југозападниот има поголем број превезени патници). Намалување во бројот на превезени патници е констатирано во 2013 година за 39,69% во однос на 2012 и 47,58% во однос на 2011 година.

**Табела бр. 40. Показатели за бројот на превезени патници во патниот патнички сообраќај во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион, 2009 – 2013 (во илјади)**

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 11 607 | 13 474 | 15 644 | 15 594 | 16 052 |
| Југоисточен регион | 2 061 | 2 453 | 2 856 | 2 482 | 1 497 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014"***

**Табела бр. 41. Показатели за бројот на превезени патници во такси превозот во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион, 2009 – 2013 (во илјади)**

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 43 685 | 38 063 | 32 116 | 40 413 | 32 906 |
| Југоисточен регион | 2 963 | 1 577 | 4 926 | 3 284 | 3 453 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014"***

Бројот на регистрирани патници превезени со такси превоз бележи голем пад во 2010 година од 46,78% во однос на 2009 година. Разликата на бројот на патници во 2010 година во однос на 2011 година изнесува 67%. Најголемиот број на патници 4.926.000 со овој вид превоз се превезени во 2011 година. –. Во 2012 година се превезени вкупно 3.284.000, што е намалување од 33,33% во однос на 2011 година. Сепак во последните две години од анализираниот период бројот на превезени патници со такси превоз бележи пораст.

## *9.3 Железничка инфраструктура*

Југоисточиот регион не е покриен со железничка инфраструктура, освен општина Гевгелија. Вкупната должина на железничката пруга во регионот изнесува 24 км, додека просечната густина 8,46 км/км².

Железничкиот транспорт во Југоисточниот регион, како и железничкиот транспорт на национално ниво бележи континуиран пад. Трендот се однесува како за патничкиот, така и за товарниот превоз.

**Табела бр. 42. Податоци за железничката инфраструктура и сообраќајот во Република Македонија, 2008 - 2012**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| Должина на железничка пруга во км | 696 | 696 | 696 | 696 | 696 |
| Број на железнички станици | 97 | 127 | 124 | 124 | 124 |
| Број на локомотиви | 56 | 53 | 55 | 53 | 43 |
| Број на патнички вагони | 124 | 110 | 64 | 61 | 68 |
| Број на товарни вагони | 1.494 | 1.323 | 1.144 | 1.007 | 1.011 |
| Превезени патници (во 000) | 1.448 | 1.523 | 1.512 | 1.421 | 1.013 |
| Превезена стока (во 000 тони) | 4.296 | 2.929 | 3.097 | 2.770 | 2.539 |
| Вкупен промет на стока (во 000 тони) | 2.662 | 2.182 | 2.198 | 1.903 | 1.876 |

*Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Транспорт и други услуги, 2012*

Состојбата со железничкиот сообраќај е во лоша состојба не само во Југоисточниот регион, туку и на целата територија на Република Македонија. Состојбата е лоша како во однос на железничките пруги, така и со возниот парк и пратечката инфраструктура.

**Табела бр. 43. Број на превезени патници во железничкиот сообраќај во Република Македонија и воЈугоисточниот регион, 2008 - 2012**

| | Вкупно РМ | Вкупно железничка станица Гевгелија | % |
|---|---|---|---|
| 2008 | 1.448.000 | 50.000 | 3,45 |
| 2009 | 1.523.000 | 58.000 | 3,80 |
| 2010 | 1.512.000 | 56.000 | 3,70 |
| 2011 | 1.421.000 | 50.000 | 3,52 |
| 2012 | 1.013.000 | 35.000 | 3,46 |

*Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Транспорт и други услуги 2012“*

Единственото населено место со железничка станица во Југоисточниот плански регион е Гевгелија. Најголем број патници се превезени во 2009 година, односно 58.000 патници, додека во 2012 година биле превезени 35.000 патници. Бројот на патници во 2012 година бележи пад од 39,66% во однос на 2009 година.

**Табела бр. 44. Вкупен промет на стока во железничкиот сообраќај во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2008 - 2012 (во тони)**

| | Вкупно РМ | Вкупно железничка станица Гевгелија | % |
|---|---|---|---|
| 2008 | 2.662.420 | 20.926 | 0,78 |
| 2009 | 2.182.302 | 6.607 | 0,30 |
| 2010 | 2.198.206 | 4.249 | 0,19 |
| 2011 | 1.902.581 | 6.447 | 0,34 |
| 2012 | 1.875.974 | 55.393 | 2,95 |

*Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Транспорт и други услуги 2012“*



Негативниот тренд во железничкиот сообраќај е евидентен и кај прометот и кај превозот на стока. Најголем пад кај Југоисточниот регион (железничка станица Гевгелија) има во 2010 година кога прометот на стоки изнесувал 4.249 тони или 0,19% од вкупниот промет во Република Македонија. Енормно зголемување има во 2012 година, со промет од 55.393 тони што претставува 2,95% од вкупниот промет во државата.

Можностите за подобро поврзување со железнички транспорт на Југоисточниот регион е возможно со изградба на железничка линија и поврзување со Штип и железничката линија која поминува кај Петрич (Република Бугарија). Втората можност е поврзување со железничката линија кај с. Миравци, општина Валандово.

### *9.4 Енергетска инфраструктура и карактеристики*

Количината на потрошена енергија во Југоисточниот регион во 2009 година изнесувала 164 GWh, додека во 2012 година истата изнесувала 155 GWh, што претставува намалување од 5,5%. Во однос на енергетскиот потенцијал, треба да се напомене дека регионот не е богат со хидро-енергетски потенцијал и целосно е зависен од електрична енергија. Инсталираниот капацитет за производство на електрична енергија изнесува 2 MW.

**Табела бр. 45. Вкупна потрошувачка на електрична енергија во Република Македонија и по региони во периодот 2008 - 2012**

| | Електрична енергија во GWh | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
| Република Македонија | 2 606 | 1 755 | 2 194 | 2 693 | 2 369 |
| Вардарски регион | 838 | 620 | 686 | 856 | 915 |
| Источен регион | 100 | 109 | 79 | 70 | 76 |
| Југозападен регион | 46 | 45 | 44 | 45 | 42 |
| Југоисточен регион | 164 | 142 | 138 | 139 | 155 |
| Пелагониски регион | 154 | 148 | 149 | 156 | 169 |
| Полошки регион | 425 | 117 | 289 | 490 | 389 |
| Североисточен регион | 26 | 38 | 38 | 39 | 36 |
| Скопски регион | 853 | 536 | 770 | 898 | 587 |

*Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“*

**Табела бр. 46. Вкупна инсталирана моќност за производство на електрична енергија во Република Македонија и по региони во периодот 2008 - 2013**

| | Инсталиран капацитет во MW | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| Република Македонија | 1 562 | 1 593 | 1 846 | 1 849 | 1 913 | 1 938 |
| Вардарски регион | 330 | 330 | 330 | 330 | 330 | 331 |
| Источен регион | 15 | 15 | 16 | 16 | 17 | 20 |
| Југозападен регион | 254 | 255 | 257 | 257 | 258 | 263 |
| Југоисточен регион | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 |
| Пелагониски регион | 681 | 681 | 681 | 683 | 709 | 712 |
| Полошки регион | 190 | 190 | 190 | 190 | 190 | 201 |
| Североисточен регион | - | - | - | - | 0 | 1 |
| Скопски регион | 90 | 120 | 370 | 370 | 406 | 40 |

*Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“*

Од горе наведените податоци може да се заклучи дека Југоисточниот регион е скоро целосно зависен од електрична енергија. Односот „инсталирана моќност – потрошена електрична енергија“ во 2012 година е огромен (2 MW/ 155 GWh).

Можно решение за големата енергетска зависност е насочување кон искористувањето на обновливите извори на енергија (ветер, сонце и биомаса), со кои овој регион располага. Сончевите денови/часови кои изнесуваат повеќе од 2.300 во годината, треба да се искористат, заедно со ветровите. Од искористувањето на обновливите извори на енергија веќе во функција е ветро паркот на А.Д. ЕЛЕМ во општина Богданци, со инсталиран капацитет од 36,8 MW и неколку мини централи со фото-волтаични панели со помал инсталиран капацитет.



# 10. ТУРИЗАМ И КУЛТУРА

## *10.1 Туристичка понуда на регионот*

Во изминатиот период регионот успеа да го привлече вниманието на туристите и да ги презентира чистата и здрава околина со езера, планини, водопади, термални води, етно-села, манастири, но исто така и локалните манифестации, здравата и традиционална храна и гостопримството на жителите од југоистокот.

Југоисточниот плански регион има изобилство од убавини коишто овозможуват сеопфатна туристичка понуда на регионот која е претставена во следната табела.

**Табела бр. 47. Туристичка понуда на Југоисточниот плански регион**

| Видови на туризам | Туристичка понуда на Југоисточниот плански регион |
|---|---|
| Езерски туризам | Дојранско Езеро<br>вештачки езера: Мантово, Водоча, Паљурци и Турија |
| Бањски туризам | Бања Банско и Негорски Бањи |
| Планински турзам | Ски-центар Кожуф |
| Селски туризам | Водопади и извори: Смоларе, Колешино, Габрово, Мокрино и Банско.<br>Природни реткости: Моноспитовско блато<br>Еко храна: Ново Коњско, Конче и Паљурци. |
| Културен и црковен туризам | Историски настани: Битката на Беласица, Битката на Македонскиот фронт и Посетата на Св. Павле во Паљурци.<br>Археолошки локалитети: Исар – с. Марвинци, Стакина чешма – Валандово, Страната – с. Ангелци, црква „Св. Петка" – с. Трибичино, Вардарски Рид – Гевгелија, Пилав Тепе – Радовиш, Римска вила – Милетково, Цареви Кули – Струмица, Орта џамија – Струмица, Римска Терма – с. Банско, Комплексот Цркви „Св. 15 Тивериополски маченици" – Струмица, Манастирски комплекс – с. Водоча, "Свети Стефан" – с. Конче, Црвено Поле" - с. Барбарево, Ќерамидарка – с. Мокрино, Пирго – с. Мокриево, Голема Трпеза – с. Ново коњарево, Црква "Св. Пророк Илија" – Дојран и Мрдаја – Дојран.<br>Цркви: Соборен храм „Света Троица"- Радовиш; Манастирска црква Света Богородица Милостива (Елеуса) – Вељуса, Комплекс цркви Св. Леонтиј – Водоча, Манастирскиот комплекс „Св. Ѓорге" - Валандово, Црква „Св. Пророк Илија" - Дојран, Комплексот Цркви „Св. 15 Тивериополски маченици" - Струмица, Конечки манастир - Конче и Манастирот „Свети Спас" - Гевгелија.<br>Културни институции: постојана музејска поставка во НУ „Завод и Музеј" – Струмица; етнолошка поставка сместена во куќа од староградска архитектура т.н Турска пошта; галеријата на икони сместена во комплексот цркви „Св. 15 Тивериополски маченици"; постојана музејска поставка на Музејот на Првата светска војна во Дојран; повремени музејски и етнолошки поставки во НУ Музеј – Гевгелија и Центар за култура „Ацо Караманов" во Радовиш.<br>Театри: Народниот театар – Гевгелија и Народен театар „Антон Панов" – Струмица |
| Активен туризам | Рекреативна патека Дојран – Паљурци, рекреативна патека есерско крајбрежје - Дојран; Патека на железната завеса; 25 пешачки, велосипедски и планински патеки во Струмичкиот микро регион; |
| Здравствен туризам | Приватни стоматолошки ординации во Гевгелија, Струмица и Радовиш. |
| Манифестациски туризам | Струмички Карневал; Фолк Фест Валандово; Струмица Опен Фестивал, Фестивал на камерен театар Ристо Шишков; Меѓународната струмичка ликовна колонија; Филмски фестивал Астер фест; Карамановi средби; Дојрански ракувања; Ракијада, Смоквијада, Празијада и Костенијада; |
| Конференциски туризам | Солидна понуда за организација на семинари, конференции и деловни презентации во Струмица, Гевгелија и Дојран. |
| Ловен туризам | 31 ловиште ( 18 наменети за крупен дивеч и 13 за ситен дивеч) |
| Вински туризам | 5 винарии во Валандово, Гевгелија, Василево и Босилово, од кои 3 отворени за гости. |
| Казино туризам | Хотели Принцес, Фламинго и Аполонија - Гевгелија |

***Извор: Анализа на експертскиот тим***

## *10.2 Анализа на состојбите во туризмот и културата во периодот 2009 – 2013 година*

За утврдување на состојбите во областа на туризмот и културата во Југоисточниот плански регион во периодот 2009 – 2013 година, анализирани и интерпретирани се група на показатели за утврдување на бројот на сместувачкиот капацитет во регионот, трендовите во угостителскиот сектор, пристигнувања и ноќевања кај туристите, бројот на културни институции, нивната посетеност и друго.

### 10.2.1 Сместувачки капацитет

Капацитетот на објектите во кои се нудат услуги за сместување на гости се изразува во број на соби и број на легла, а во согласност со националната регулатива истите се поделени на основни и комплементарни сместувачки капацитети. Најголем дел од леглата во регионот се во групатата на основните сместувачки капацитети како што се хотели и мотели, но застапени се и легла во комплементарните сместувачки капацитети како што се приватни соби, бањи и одморалишта на претпријатија. Објектите за сместување во Република Македонија се категоризирани и според системот на ѕвезди. Според оваа категоризација, 3 хотели кои се лоцирани на територијата на регионот ги исполнуваат строгите критериуми за категоризација со најголем број на ѕвезди.

**Табела бр. 48. Трендови кај капацитетите за сместување во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион, во периодот 2009 - 2013**

| Сместувачки капацитети | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | | | | | |
| Број на соби | 26.390 | 26.189 | 26.448 | 26.877 | 26.887 |
| Број на легла | 69.561 | 69.102 | 69.737 | 70.287 | 70.297 |
| Југоисточен регион | | | | | |
| Број на соби | 2.152 | 2.105 | 2.277 | 2.298 | 2.346 |
| Број на легла | 5.750 | 5.724 | 6.069 | 6.088 | 6.298 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2014“***

Од податоците прикажани во табелата 48. погоре се забележува дека во периодот од 2009 до 2013 година сместувачкиот капацитет на Југоисточниот плански регион бележи тенденција на пораст. Бројот на соби во 2013 година е зголемен за 9,01% во однос на 2009 година, а вкупниот број на легла е зголемен за 8,70%. Во однос на вкупниот сместувачи капацитет на Република Македонија, Југоисточниот плански регион, во 2009 година учествувал со 8,14% во вкупниот број на соби, а во 2013 година учеството благо пораснало и изнесува 8,72%. Состојбата е слична и во однос на вкупниот број на легла. Во 2009 година, 8,2% од вкупниот сместувачки капацитет по легло е во Југоисточниот плански регион, додека во 2013 година учеството изнесува 8,95%.

Бројот на соби наспроти бројот на населението во регионот е еден од показателите за инвестициите во областа на туризмот. Бројот на соби на 1.000 жители во 2013 година во Југоисточниот плански регион изнесува 13,69, додека на државно ниво овој број изнесува 13,02.

### 10.2.2 Угостителски објекти

Според националната законска рамка угостителските објекти се поделени на: 1. Ресторани (ресторани, гостилници, ресторани за самопослужување, експрес ресторани, киосци, млечни ресторани, ресторан бавчи, летни бавчи, кебапчилници, бистро, пицерии, објекти за брза храна и слично); 2. Барови (кафеана, кафетерија, ноќен бар, кафе бар, кабаре, дискоклуб, дискоклуб на отворен простор, пивница и слично); 3. Кантини и 4. Други угостителски објекти за исхрана.

Во 2012 година, во Југоисточниот регион функционирале 176 угостителски објекти со 11.672 места за седење. Повеќето од ресторантите имаат современ амбиент и ориентирани се кон брза храна, скара и меѓународна кујна. Забележливо е дека во регионот постои недостаток на традиционални ресторани со традиционална архитектура кои во целост ќе ја негуваат традиционалната кујна и традиционалната народна музика.



Согласно важечката законска рамка сите ресторани треба да бидат регистрирани и категоризирани согласно меѓународните стандарди за оценување со ѕвезди. Меѓутоа, оваа категоризација сè уште не се применува целосно.

**Табела бр. 49. Трендови кај угостителските објекти во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион во периодот, 2009 - 2013**

| Угостителски објекти | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013[22] |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | | | | | |
| Деловни единици | 1.967 | 1.914 | 1.950 | 1.949 | 1064 |
| Седишта | 110.354 | 115.309 | 117.006 | 118.755 | 95.221 |
| Работници | 12.039 | 12.250 | 12.308 | 12.441 | 9.943 |
| Вкупен промет во илјада денари | 7.636.016 | 7.352.408 | 7.816.343 | 8.166.264 | 6.788.215 |
| Југоисточен Регион | | | | | |
| Деловни единици | 171 | 162 | 182 | 176 | 126 |
| Седишта | 9.946 | 10.856 | 11.886 | 11.672 | 9405 |
| Работници | 1.719 | 1.796 | 1.851 | 1.715 | 1.600 |
| Вкупен промет во илјада денари | 615.443 | 599.780 | 688.685 | 710.263 | 674.285 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2014“***

Погоре прикажаната табела, содржи податоци за движењето на 4 показатели, за утврдување на трендовите во угостителскиот сектор во периодот 2009 – 2013 година, во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион. Имајќи предвид дека податоците за 2013 година се нецелосни, оваа година е исклучена од понатамошната анализа.

Бројот на деловни единици во регионот се менувал во текот на годините. Најголем број на угостителски објекти односно деловни единици регионот имал во 2011 година кога се евидентирани 182 угостителски објекти, а најголемо учество во вкупниот број на угостителски објекти на државно ниво, регионот остварил во 2012 година кога 9,33% од вкупниот број на угостителски објекти во Република Македонија биле регистрирани на територијата на Југоисточниот плански регион. Бројот на седишта во угостителските објекти, од година во година бележи тенденција на зголемување. Бројот е највисок во 2011 година, кога се евидентирани 11.886 места за седење распоредени во 182 објекти. Просечниот број на места за седење во угостителските објекти во регионот изнесува 66 седишта по угостителски објект.

Бројот на вработени во угостителскиот сектор во 2010 и 2011 година бележи тренд на зголемување за 3 до 4%, додека во 2012 година истиот се намалил за 7% во однос на претходната година и опаѓа под нивото на вработени во 2009 година. Најголем број вработени секторот има во 2011 година, кога 1.851 лица работеле во угостителството, односно 15% од вкупниот број на вработени во секторот на ниво на држава. Просечниот број на вработени во еден угостителски објект во регионот во 2011 година изнесува 10,17, додека на државно ниво овој просек е значително помал и изнесува 6,32.

Вкупниот регистриран промет во угостителскиот сектор наизменично се зголемувал и намалувал од година во година, за разлика од просечниот промет по угостителски објект, кој секоја година е повисок во однос на претходната. Највисок промет во овој сектор е регистриран во 2012 година, кога 176 објекти од регионот, пријавиле промет од 710.263.000 денари односно 8,70% од вкупниот промет на овој сектор на ниво на држава.

### 10.2.3 Пристигнувања и ноќевања на домашните и странските туристи

За анализата на трендовите во пристигнувањата и ноќевањата на туристите се користени податоци од Државниот завод за статистика, според кој туристи се лица кои остваруваат ноќевања во угостителски или друг објект кој дава услуги за ноќевања. Според тоа, во анализата не се опфатени

излетници, екскурзијанти, транзитни патници и други туристи кои престојувале во регионот, но не оствариле ноќевање или пак ноќевањата не се евидентирани.

Бројот на туристи во Југоисточниот плански регион во 2013 година изнесува 109.982, од кои 54% се домашни туристи, а околу 45% се странски туристи. На државно ниво пак преовладуваат странските туристи кои оствариле 57% од вкупните регистрирани посети.

**Табела бр. 50. Трендови во секторот туризам во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион во периодот 2009 – 2013**

| Показатели | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | | | | | |
| Вкупно туристи | 587.770 | 586.241 | 647.568 | 663.633 | 701.794 |
| Домашни | 328.566 | 324.545 | 320.097 | 312.274 | 302.114 |
| Странски | 259.204 | 261.696 | 327.471 | 351.359 | 399.680 |
| Вкупно ноќевања | 2.101.606 | 2.020.217 | 2.173.034 | 2.151.692 | 2.157.175 |
| Домашни | 1.517.810 | 1.461.185 | 1.417.868 | 1.339.946 | 1.275.800 |
| Странски | 583.796 | 559.032 | 755.166 | 811.746 | 881.375 |
| Југоисточен регион | | | | | |
| Вкупно туристи | 90.998 | 84.856 | 108.555 | 106.978 | 109.982 |
| Домашни | 68.416 | 59.403 | 58.351 | 58.761 | 59.977 |
| Странски | 22.582 | 25.453 | 50.204 | 48.217 | 50.005 |
| Вкупно ноќевања | 277.030 | 262.787 | 312.377 | 305.163 | 327.279 |
| Домашни | 233.220 | 220.654 | 217.903 | 219.050 | 231.870 |
| Странски | 43.810 | 42.133 | 94.474 | 86.113 | 95.409 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2013“ и Публикација „Туризам во Република Македонија 2009 - 2013“***

Од претходната табела може да се забележи:

Вкупниот број на домашни туристи кои го посетиле Југоисточниот плански регион во анализираниот петгодишен период изнесува 304.908 посетители. Овие посетители во разгледуваниот период реализирале 1.122.697 ноќевања односно просечната должина на престојот на домашните туристи во Југоисточниот регион изнесувала 3,68 денови. На територијата на Република Македонија домашите туристи оствариле вкупно 1.587.596 посети, а од нив 27% биле во Југоисточниот регион.

- Најголем број на посети од страна на домашните туристи во регионот е остварен во 2009 година. Домашните туристи ги намалиле посетите на регионот, во периодот 2010 – 2013 година, но ја зголемиле должината на престојот. Бројот на домашни туристи во 2013 во однос на 2009 година се намалил за 14,07%, додека бројот на нивните ноќевања е намален за 0,58%. Во 2013 година домашните туристи просечно оствариле 3,8 ноќевања во регионот, за разлика од 2009 година кога и покрај релативно повисокиот број на посети просечно се реализирани 3,4 ноќевања.

- Вкупниот број на странски туристи кои го посетиле Југоисточниот регион во анализираниот петгодишен период изнесува 196.461 посетители. Овие посетители реализирале вкупно 361.939 ноќевања односно просечната должина на престојот на странските туристи во Југоисточниот регион изнесувала 1,84 денови. На територијата на Република Македонија странските туристи оствариле вкупно 1.599.410 посети, а од нив 12,28% биле во Југоисточниот регион.

- Бројот на посети на странските туристи на Југоисточниот регион во периодот 2009 – 2013 година бележи тенденција на пораст. Имено во разгледуваниот период (2009-2013) бројот на странски туристи се зголемил за 121,43%, додека бројот на ноќевања реализирани од нив е зголемен за 117,8%. Споредбено, на територијата на целата држава, бројот на странски туристи е зголемен за 54,19%. Престојот на странските туристи во регионот во континуитет изнесува 1,9 дена. Во 2013 година бројот на посети од странските туристи се зголемил, но нивниот престој во регионот останал ист како и во 2009 година.



### 10.2.4 Анализа на трендовите во културата

Во Југоисточниот плански регион постојат мал број на културни институции (музеи, театри и кина). Во анализираниот период 2009 – 2013 година, Државниот завод за статистика обезбедува делумни податоци за посетеноста на 2 музеи и 1 професионален театар кои се наоѓаат на територијата на регионот. Според овие податоци посетеноста на културните институции е многу мала и во текот на целиот петгодишен период регистрирани се вкупно 8.800 посетители во музеите и 34.712 посетители на театарски претстави.

Презентираните податоци треба да се земат со резерва затоа што најголем дел од посетите на постоечките музеи, галерии и театри не се евидентирани бидејќи истите со слободен влез и тешко може да се утврди вкупниот вистински број на посетители.

# 11. ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## *11.1 Земјоделство*

Југоисточниот регион е најзначајниот земјоделски регион во Република Македонија. Располага со вкупна земјоделска површина од 37.852 хектари што претставува 11,7% од вкупната земјоделска површина на Република Македонија. Вкупното користено земјиште изнесува 32.078 хектари кое што процентуално изразено изнесува 12,1% од вкупното користено земјиште во Република Македонија.

Површината за користеното земјоделско земјиште како и неговата структура дадени се во следната табела:

**Табела бр. 51. Користено земјоделско земјиште во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2013 година (хектари)**

| | Бр.на индивид. земјодел. стопанст. | Вк.распол. површина на земјиштето | Користено земјоделско земјиште | | | | Бр.на одвоени делови на користено земјиште |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вк.користено земјиште | Сопствено земјиште | Земено на корист. од други | Дадено на користење на други | |
| Република Македонија | 192.378 | 321.813,7 | 264.338,58 | 222.819,95 | 46.720,93 | 5.202,29 | 636.911 |
| Југоисточен регион | 25.978 | 37.851,86 | 32.078,34 | 27.271 | 5.683,60 | 876,28 | 116.466 |
| % | 13,5% | 11,7% | 12,1% | 12,2% | 12,1% | 16,8% | 18,2% |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Земјоделство, 2007 – Книга II“***

Земјоделското земјиште во Југоисточниот регион изнесува 8,83% од вкупната површина на национално ниво. Земјоделското земјиште најмногу се користи за земјоделско производство, потоа за ораници и бавчи, како и за лозја. Во Југоисточниот регион користеното земјоделско земјиште по категории е прикажано подолу.

**Табела бр. 52. Користено земјоделско земјиште во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2013 година (хектари)**

| | Земјод. површина | Вкупно | Ораници и бавчи | Овоштарници | Лозја | Ливади | Пасишта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 1.260.336 | 508.546 | 412.972 | 15.212 | 21.497 | 58.865 | 751.187 |
| Југоисточен регион | 111.340 | 55.938 | 47.830 | 1.507 | 4.557 | 2.044 | 64.032 |
| % | 8,83 | 10,99 | 11,58 | 9,90 | 21,19 | 3,47 | 8,52 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Полјоделство, овоштарство и лозарство, 2013“***

Според податоците кои ги опфаќаат капацитетите на индивидуалните земјоделски стопанства, како и производството на земјоделските задруги и земјоделските претпријатија во периодот од 2009 до 2013 година на национално ниво, забележано е намалување на засеаната и ожнеана површина со жита, како и на производството на жита. Најголемо производство на жита има во 2009 година и во наредните години истото се намалува. При тоа најголемо намалување има во производството на пченицата.

Во следната табела дадени се податоци за површината и производството на жита во Југоисточниот регион за 2013 година.

**Табела бр. 53. Површина и производство на жита во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2013 година**

| | Пченица | | | | 'Рж | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Површина-ха | | Производство | | Површина-ха | | Производство | |
| | засеана | ожнеана | Вкупно во тони | кг. по хектар | засеана | ожнеана | засеана | ожнеана |
| Република Македонија | 81.759 | 80.980 | 258.960 | 3.198 | 3.760 | 3.759 | 8.898 | 2.368 |
| Југоисточен регион | 7.962 | 7.962 | 44.634 | 34.884 | 304 | 304 | 753 | 21.455 |
| % | 9,73 | 9,83 | 17,23 | | 8,08 | 8,08 | 8,46 | |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Полјоделство, овоштарство и лозарство, 2013“***

**Табела бр. 54. Површина и производство на жита во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2013 година**

| Општина | Јачмен | | | | Овес | | | | Пченка | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Површина-ha | | Производство | | Површина-ha | | Производство | | Површина-ha | | Производство | |
| | засеана | ожнеана | Вкупно во тони | Кг. по хектар | засеана | ожнеана | засеана | ожнеана | засеана | ожнеана | Вкупно во тони | Кг. по хектар |
| Република Македонија | 42.234 | 41.944 | 125.565 | 2.994 | 2.789 | 2.781 | 5.215 | 1.875 | 31.032 | 21.028 | 131.043 | 4.223 |
| Југоисточен регион | 2.599 | 2.599 | 6.550 | 27.176 | 29 | 27 | 49 | 7.900 | 4.173 | 4.173 | 25.583 | 60.449 |
| % | 6,15 | 6,20 | 5,22 | | 1,04 | 0,97 | 0,94 | | 13,44 | 19,84 | 19,52 | |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Полјоделство, овоштарство и лозарство, 2013“***

Според издадениот Извештај за годишното производство во земјоделството од страна на Државниот завод за статистика кој се однесува на национално ниво, и во кој е опфатено и производството на фуражните растенија може да се види намалување на производството од 2009 до 2013 година. Зголемување се забележува единствено при производството на детелината.

Производството на луцерката во Југоисточниот регион опфаќа 17,95% од вкупното производство на национално ниво, додека производството на детелина опфаќа 3,68% од вкупното производство на детелина во Република Македонија. Во општина Василево се забележува најголемо производство на луцерка и детелина во Југоисточниот регион во 2013 година.

Податоците за производството на фуражни растенија во Југоисточниот регион во 2013 година се прикажани во табелата подолу.



**Табела бр. 55. Површина и производство на фуражни растенија во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2013**

| | Детелина | | | | Луцерка | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Површина-ха | | Производство | | Површина-ха | | Производство | |
| | засеана | ожнеана | вкупно во тони | кг. по хектар | засеана | ожнеана | вкупно во тони | кг. по хектар |
| Република Македонија | 3.392 | 3.392 | 12.933 | 3.813 | 19.404 | 19.350 | 113.195 | 5.850 |
| Југоисточен регион | 97 | 97 | 477 | 26.430 | 2.090 | 2.040 | 20.322 | 78.431 |
| % | 2,86 | 2,85 | 3,68 | | 10,77 | 10,54 | 17,95 | |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Полјоделство, овоштарство и лозарство 2013“***

Ако се споредува производството на индустриските растенија во периодот од 2009 до 2013 година на национално ниво, може да се забележи дека зголемување има во производството на тутун (притоа најголемо производство е забележано во Општина Радовиш), додека при производството на афион и сончоглед е забележано намалување.

Податоците во следната табела ја покажуваат состојбата во Југоисточниот регион во однос на производството на индустриски растенија во 2013 година (тутун и сончоглед). Во Југоисточниот регион нема производство на сончоглед.

Табела бр. 56. Површина и производство на индустриски растенија во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2013

| | Сончоглед | | | | Тутун | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Површина-ха | | Производство | | Површина-ха | | Производство | |
| | засеана | ожнеана | вкупно во тони | кг. по хектар | засеана | ожнеана | вкупно во тони | кг. по хектар |
| Република Македонија | 2.481 | 2.458 | 3.832 | 1.559 | 19.178 | 19.178 | 27.859 | 1.453 |
| Југоисточен регион | / | / | / | / | 6.389 | 6.389 | 10.384 | 16.367 |
| % | / | / | / | / | 33,31 | 33,31 | 37,27 | |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Полјоделство, овоштарство и лозарство 2013“***

Доколку се анализира периодот од 2009 до 2013 година, се забележува намалување на производство на градинарски култури на целата територија на Република Македонија. Постојат голем број на фактори кои имаат влијание при намалување на производството на градинарските култури меѓу кои можат да се набројат: климатските услови, промените на темературите како резултат на климатските промени, лошиот пласман на производите на домашните и странските пазари и др.

Доколку се разгледува производството на градинарските растенија во Југоисточниот регион во 2013 година може да се забележи дека најголемо производство на компир, лук и грашок има во Општина Струмица. Најголемо производство на кромид има во Општина Богданци, додека во општините Босилово и Струмица забележано е најголемо производство на грав.

Во следната табела дадени се податоци за површината и производството на градинарски култури (компир и кромид) во Југоисточниот регион во 2013 година.

**Табела бр. 57. Површина и производство на градинарски растенија во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2013**

| | Компир | | | | Кромид | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Површина-ха | | Производство | | Површина-ха | | Производство | |
| | засеана | ожнеана | Вкупно во тони | кг. по хектар | засеана | ожнеана | засеана | ожнеана |
| Република Македонија | 13.477 | 13.477 | 185.590 | 14.071 | 3.499 | 3.490 | 50.787 | 14.522 |
| Југоисточен регион | 1.350 | 1.350 | 26.736 | 192.147 | 704 | 704 | 22.561 | 233.746 |
| % | 10,01 | 10,01 | 14,40 | | 20,12 | 20,12 | 44,42 | |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Полјоделство, овоштарство и лозарство 2013“***

Во Табелата бр. 58 подолу дадени се податоци за површината и производството на градинарски култури (лук, грав и грашок) во Југоисточниот регион во 2013 година.

**Табела бр. 58. Површина и производство на градинарски растенија во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2013**

| | Лук | | | | Грав | | | | Грашок | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Површ. ха | | Производ. | | Површ. ха | | Производ. | | Површина-ха | | Производ. | |
| | засеана | ожнеана | Вкупно во тони | Кг. по ха | засеана | ожнеана | Вкупно во тони | Кг. по ha | засеана | ожнеана | Вкупно во тони | Кг. по ha |
| Република Македонија | 928 | 920 | 1.031 | 1.031 | 1.031 | 1.031 | 5.127 | 1.113 | 1.031 | 1.031 | 2.078 | 2.017 |
| Југоисточен регион | 15 | 15 | 231 | 231 | 231 | 231 | 1.566 | 15.944 | 231 | 231 | 561 | 23.430 |
| % | 1.62 | 1.62 | 22.4 | 22.4 | 22.4 | 22.4 | 30.54 | | 22.4 | 22.4 | 27.0 | |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Полјоделство, овоштарство и лозарство 2013“***

Во Југоисточниот регион производството на зелка изнесува 72,21% од вкупното производство на национално ниво, од кои 19.754 тони зелка се произведени во опшина Струмица. Производството на домати е 56,12% од вкупното производство во Република Македонија. Општина Струмица најголем производител на домати.

**Табела бр. 59. Површина и производство на градинарски растенија во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2013**

| | Зелка | | | | Домати | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Површина-ха | | Производство | | Површина-ха | | Производство | |
| | засеана | ожнеана | Вкупно во тони | кг. по хектар | засеана | ожнеана | Вкупно во тони | кг. по хектар |
| Република Македонија | 4.491 | 4.482 | 119.662 | 26.698 | 5.478 | 5.457 | 130.960 | 23.999 |
| Југоисточен регион | 2.474 | 2.473 | 86.414 | 328.190 | 1.399 | 1.387 | 73.504 | 419.654 |
| % | 55,08 | 55,17 | 72,21 | / | 25,53 | 25,41 | 56,12 | / |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Полјоделство, овоштарство и лозарство 2013“***

Најголемото производство на пиперки и краставици има во општина Струмица кое изнесува 36.674



тони пиперки и 12.784 тони краставици, додека во Општина Ново Село е евидентирано најголемо производство на бостан со вкупно 11.595 тони.

Од производството на овошје во Југоисточниот регион, најзабележително е производството на дуњи со 26,08% и кајсии со 23,33% од вкупното производство на национално ниво, додека праските се опфатени со 21,54%, сливите со 19,35%, црешите со 16,23%, крушите со 10,66%, вишните со 7,08% и јаболките со 2,76%. Податоците се прикажани во табелите бр. 60, 61 и 62 подолу.

**Табела бр. 60. Број на овошни стебла и производство на овошје во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2013**

| | Цреши | | Вишни | | Кајсии | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр.на стебла | Вк.производство во тони | Бр.на стебла | Вк.производство во тони | Бр.на стебла | Вк.производство во тони |
| Република Македонија | 220.153 | 6.037 | 858.692 | 8.867 | 167.332 | 3.968 |
| Југоисточен регион | 26.798 | 980 | 29.663 | 628 | 33.610 | 926 |
| % | 12,17 | 16,23 | 3,45 | 7,08 | 20,08 | 23,33 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Полјоделство, овоштарство и лозарство 2013“***

**Табела бр. 61. Број на овошни стебла и производство на овошје во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2013**

| | Дуњи | | Јаболка | | Круши | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр.на стебла | Вк.производство во тони | Бр.на стебла | Вк.производство во тони | Бр.на стебла | Вк.производство во тони |
| Република Македонија | 53.755 | 1.257 | 4.466.957 | 112.929 | 387.217 | 7.265 |
| Југоисточен регион | 10.470 | 337 | 85.466 | 3.126 | 35.070 | 775 |
| % | 19,47 | 26,08 | 1,91 | 2,76 | 9,05 | 10,66 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Полјоделство, овоштарство и лозарство 2013“***

**Табела бр. 62. Број на овошни стебла и производство на овошје во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2013**

| Општина | Сливи | | Праски | |
|---|---|---|---|---|
| | Бр.на стебла | Вк.производство во тони | Бр.на стебла | Вк.производство во тони |
| Република Македонија | 1.678.682 | 38.902 | 489.828 | 11.034 |
| Југоисточен регион | 190.251 | 7.530 | 113.307 | 2.377 |
| % | 11,33 | 19,35 | 23,13 | 21,54 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Полјоделство, овоштарство и лозарство 2013“***

## *11.2 Сточарство*

Според индексите издадени во публикацијата „Сточарство, 2013“ од страна на Државниот завод за статистика, може да се забележи дека во Југоисточниот плански регион индивидуалниот сектор е значително поразвиен во однос на одгледување на коњи, овци, кози, живина и пчелни семејства. Особено може да се истакнат деловните субјекти во одгледување на говеда и свињи. Во следната табела прикажани се индексите во индивидуалниот сектор и деловните субјекти во Југоисточниот регион.

**Табела бр. 63. Индекси на вкупниот број на добиток и живина во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2012/2013**

| | Коњи | Говеда | Свињи | Овци | Кози | Живина | Пчелни семејства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Македонија | 95,4 | 94,9 | 94,7 | 99,9 | 118 | 123,9 | 129,1 |
| Индивидуален сектор | 95,5 | 94,3 | 100,5 | 99,2 | 117,7 | 101,2 | 128,7 |
| Деловни субјекти | 9,1 | 121 | 82,5 | 122,5 | 144,5 | 186 | / |
| Југоисточен регион | 108,6 | 52,2 | 96,8 | 160,4 | 181 | 96,4 | 75,4 |
| Индивидуален сектор | 108,6 | 51,2 | 96,7 | 160,4 | 181 | 86,4 | 75,4 |
| Деловни субјекти | / | 107,3 | 102,6 | / | / | / | / |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Сточарство, 2013“***

Следната табела ја прикажува состојбата со бројот на добиток, живина и пчелни семејства на национално ниво и во Југоисточниот регион. Статистиката укажува на тоа дека индивидуалниот сектор во Југоисточниот регион е вклучен во одгледувањето на сите видови на добиток, живина и пчелни семејства додека деловните субјекти се вклучени во одгледувањето на говеда и свињи и тоа далеку под капацитетите на природните ресурси кои регионот ги поседува за развој на сточарството.

**Табела бр. 64. Вкупен број на добиток, живина и пчелни семејства во Република Македонија и во Југоисточниот регион, 2012/2013**

| | Коњи | Говеда | Свињи | Овци | Кози | Живина | Пчелни семејства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Македонија | 20.682 | 238.333 | 167.492 | 731.828 | 75.028 | 2.201.550 | 68.294 |
| Индивидуален сектор | 20.681 | 231.414 | 120.134 | 702.563 | 74.093 | 1.314.824 | 68.102 |
| Деловни субјекти | 1 | 6.919 | 47.358 | 29.265 | 935 | 886.726 | 192 |
| Југоисточен регион | 4.426 | 25.616 | 7.297 | 98.209 | 19.112 | 117.442 | 2.639 |
| Индивидуален сектор | 4.426 | 24.646 | 7.056 | 98.209 | 19.112 | 117.442 | 2.639 |
| Деловни субјекти | / | 970 | 241 | / | / | / | / |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Сточарство, 2013“***

Карактеристично за Југоисточниот регион е производството на мед. Целокупното производство на мед во регионот е од страна на индивидуалниот сектор. Југоисточниот регион произведува 33 тони мед и учествува со нешто помалку од 5% од вкупното производство на мед во државата. Ова секако претставува недоволна искористеност на природните потенцијали за ваков вид на дејност, посебно ако се има во предвид дека просекот на произведен мед по пчелно семејство во Југоисточниот регион е поголем од просекот на национално ниво.

**Табела бр. 65. Производство на мед во во Република Македонија и во Југоисточниот регион**

| | Мед | | |
|---|---|---|---|
| | Број на пчелни семејства | Просек по пчелно семејство | Вкупно производство на мед (тони) |
| Р.Македонија | 68.294 | 11,5 | 784 |
| Индивидуален сектор | 68.102 | 11,0 | 782 |
| Деловни субјекти | 192 | 8,0 | 2 |
| Југоисточен регион | 2.639 | 13,0 | 33 |
| Индивидуален сектор | 2.639 | 13,0 | 33 |
| Деловни субјекти | / | / | / |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Публикација „Сточарство 2013“***

## *11.3 Рурален развој*

Согласно пропишаните критериуми за рурални населени места и рурални територии кои се дефинирани во соодветните законски рамки, пред се со Законот за земјоделство и рурален развој и релевантните подзаконски акти, територијата на Југоисточниот регион е доминантно рурална територија. Законските критериуми што го дефинираат руралното подрачје и руралните населени места се ускладени со критериумите на ОЕЦД и ЕУ и тие го дефинират руралното подрачје како територија со густина на населеност под 150 жители на км$^2$, додека за населено место со рурален карактер се зема критериумот за населено место кое има под 3.000 жители. Ваквите критериуми ја дефинираат целата територија на регионот како рурална територија доколку се земе во предвид фактот дека просечната густина на населението изнесува 62,5 жители на км$^2$ со исклучок на градот Струмица кој брои над 30.000 жители. Од вкупното население во Југоисточниот регион, 95.134 жители или 55,50% (171.416) живее во 163 рурални населби[44] – села. Следната табела дава приказ на бројот на населените места за секоја општина одделно, како и бројот на населението кое што живее во град или село.

**Табела бр. 66. Населени места и број на население по општини во Југоисточниот плански регион**

| Општина | Вкупно населени места - села | Население | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Град | Село | Вкупно |
| Богданци-рурална општина | 4 | / | 8.707 | 8.707 |
| Босилово-рурална општина | 16 | / | 14.260 | 14.260 |
| Василево-рурална општина | 18 (2 раселени села) | / | 12.122 | 12.122 |
| Валандово | 28 | 6.000 | 5.890 | 11.890 |
| Гевгелија | 16 | 15.685 | 7.303 | 22.988 |
| Дојран | 11 | 2.000 | 1.426 | 3.426 |
| Конче-рурална општина | 13 | / | 3.536 | 3.536 |
| Радовиш | 35 (16 раселени села) | 17.137 | 11.107 | 28.244 |
| Струмица | 24 | 35.460 | 19.216 | 54.676 |
| Ново Село-рурална општина | 16 | / | 11.567 | 11.567 |
| Вкупно: | 181 | 76.282 | 95.134 | 171.416 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија***

44 Вкупниот број на рурални населби – села во Југоисточниот плански регион изнесува 181, но 18 села се раселени

# 12. ЖИВОТНА СРЕДИНА

Управувањето и заштитата на животната средина е суштински сегмент во политиката на регионалниот развој. Состојба со квалитетот на животната средина во Југоисточниот плански регион не се разликува премногу од другите региони во Република Македонија.

## *12.1 Цврст и течен отпад*

### 12.1.1 Комунален и цврст отпад во руралните средини

Во најголемиот дел од руралните населени места не се врши собирање и депонирање на цврстиот комунален отпад. Општинските јавни комунални претријатија имаат воспоставено систем на собирање транспорт и депонирање на комунален и цврст отпад за центрите на општините и во некои случаи за поголемите рурални населби. Поради ваквата ситуација, како и поради ниската свест и лошата економска состојба на руралното население, овој отпад се третира со палење или се депонира на диви депонии чија бројка, според неофицијални информации, во регионот изнесува околу 700 депонии. Во најголем број тие се лоцирани во непосредна близина на селата, во близина на речните корита или на земјоделските површини и како такви претставуваат сериозна опасност од загадување на почвата, подземните и површинските води и конечно, по здравјето на луѓето.

### 12.1.2 Собирање и депонирање на цврст отпад и диви депонии

Состојбата со управување со цврст отпад во моментов е под сите стандарди во однос на грижата за животната средина. Мониторингот на истата е исто така доведена во прашање со оглед на тоа дека стратегиите за управување со отпад се или застарени или општините не се во финансиска состојба да ги спроведуваат.

Управувањето со комуналниот и цврст отпад е во надлежност на општините. Тие оваа надлежност ја спроведуваат преку јавните комунални претпријатија. Истите, до сега, не се координирани и работат по свои регулативи кои генерално создаваат дисфункционален регионален систем кој има негативни последици за целиот плански регион. Собирањето, транспортот и депонирањето на отпадот не го покрива целиот регион, т.е. од овој систем се изземени поголемиот број на села што резултира со постоење и постојано создавање на нови диви депонии. Ова до одреден степен го овозможува и недоволно развиеното, т.е. недоволно прецизирано примарно и секундарно законодавство.

Количините на собран и создаден отпад во регионот во период 2011 – 2013 година се прикажани во табелата подолу.

**Табела бр. 67. Собран и создаден отпад во Југоисточниот плански регион , 2011-2013 година**

| 2011 | |
|---|---|
| Собран комунален отпад (тони) | Создаден комунален отпад (тони) |
| 39.674 | 91.364 |
| 2012 | |
| Собран комунален отпад (тони) | Создаден комунален отпад (тони) |
| 45.474 | 68.146 |
| 2013 | |
| Собран комунален отпад (тони) | Создаден комунален отпад (тони) |
| 34.339 | 51.465 |

***Извор:http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi***

Најголемите количини на создаден отпад во регионот доаѓа како отпад од рударството, отпад од пакување, апсорбенти, крпи за бришење, материјали за филтрирање и заштитна облека, отпад од термички процеси, шут од градење и рушење, отпад од земјоделството, шумарството, и преработувачката индустрија и комуналнниот отпад.

Дивите депонии се најчесто резултат од тоа што во поголемиот дел од руралните населби не се врши подигање и депонирање на цврстиот комунален отпад од страна на јавните комунални претпријатија. Еден од најголемите проблеми со овие депонии е одлагањето на токсична амбалажа

од пестицидите и другите хемиски препарати. Не толку критично, но со значаен придонес кон загадувањето на животната средина е и одлагањето на органскиот отпад при обработка на површините.

За да се надмине пролемот со собирањето и третманот на цврстиот комунален отпад во регионот, потребно е да се продолжат напорите за изнаоѓање на зедничко решение за интергрирано управување со истиот. Во изминатите години во регионот постоеше иницијатива за решавање на проблемот преку испитување на можностите за формирање на регионален центар за управување со цврстиот отпад низ формите на јавното-приватно партнерство, но до сега не е дојдено до задоволително решение. Во моментов продолжува иницијативата за разгледување на можностите за изградба на регионална депонија но, останува прашањето на санација на настанатите проблемите од веќе посточките депонии.

Според постоечките податоци, несоодветното депонирање на комуналниот отпад и создавање на емисии на стакленички гасови – метан, диоксини и фурани и тешки метали учествуваат со околу 5,5 –7,0% во вкупните емисии на стакленички гасови во државата. На споредбена основа, истото важи и за регионот.

### 12.1.3 Течен отпад - Атмосферски и фекални води

Југоисточниот плански регион во голема мера нема систематско регулирање на отпадните води. Иако во тек се изградба на голем број на канализациски системи во руралните населени места, домаќинствата во истите, во голем број, користат системи на септички јами. Овој систем не вклучува третирање така што нема и третман на метанот.

Третманот на индустриските води е од особено значење ако се земе во предвид дека тука функционираат голем број на микро произведувачи и преработувачи на мебел т.е. дрвна индустрија, производители на вино и конзервната индустрија кои се вклучуваат во редот на големи загадувачи. И покрај задолжителното третирање на индустриските води, истото не е доволно квалитетно за да се намали влијанието на водите и почвата.

Како најголеми загадувачи на водите, покрај земјоделците, се и рудниците. Но, како засебен проблем се јавува реката Вардар. Истата има висока загаденост поради немање на пречистителни станици по должина на течението. Канализациските системи и индустриските води се слеваат во неа т.е. истите завршуваат во Југоисточниот плански регион. Иако водата е забранета за користење забележано е користење на истата за наводнување и друга намена. Водите на ова река ги загадува и околните подповршински води кои имаат долготраен ефект на загадувањето.

## *12.2 Земјоделството и животната средина*

Југоисточниот регион е најпознатиот и најразвиениот регион во делот на производство на раноградинарски култури и преработка на истите. Регионот располага со вкупна земјоделска површина од 37.852 хектари што претставува 11,7% од вкупната земјоделска површина во Република Македонија. Вкупното користено земјиште изнесува 32.078 хектари кое што процентуално изразено изнесува 12,1% од вкупното искористено земјиште во Република Македонија.

Од аспект на користење на земјоделското земјиште, во Југоисточниот регион земјоделската површина изнесува 8.83% од вкупната површина на национално ниво. Во регионот има голема расцепканост на земјишните плацеви. Со оглед на тоа дека истите се во доминантно приватна сопственост може да се заклучи дека истите може да се предмет на пренамена на земјоделските култури, а со тоа и да се промени структурата која придонесува во создавањето на стакленички гасови, но и директно предизвикува загрозување на животната средина преку користењето на агрохемиски препарати.

Вклученоста на земјоделството во заштитата на животната средина е во директна зависност од начинот на обработка на земјиштето, типовите на земјоделски култури и нивното третирање. Исто така, големо влијание има пренамената на шумите во земјоделско земјиште. Во овој сегмент, земјоделството се поврзува и со енергетскиот систем со оглед на тоа дека дрвната маса е и најупотребуваната биомаса за загревање на домаќинствата. Исто така се користи и за загревање на земјоделските пластеници и стакленици но, треба да се напомене дека тука најмногу се користат јагленот и мазутот.



Секторот земјоделство е воедно и втор најголем прозиводител на цврст отпад (животински и растителен) по рударскиот сектор. Со примена на добра земјоделска практика во Југоисточниот регион може драстично да се промени сликата по однос на загадувањето. Ова се должи на можноста за употреба животинските и растителните ткива, кои се нус-производ, во процесот на создавање и искористување на обновливи енергии. За жал во регионот недоволно се посветува внимание на создавање на капацитети за третман и депонирање на ваков тип на отпад.

По однос на ефектите од климатските промени врз земјоделството во Југоисточниот плански регион, изработен се две студии[45]. Едната е фокусирана на ефектите од климатските промени врз земјоделскиот сектор во Македонија, а другата е со фокус на нивното негативно влијание врз сточарството. Студијата за сточарство е прва од овој тип во Македонија. Целта на документите е да придонесе за подобро справување на земјоделскиот сектор со климатските промени.

Алармантен е и податокот за претпоставките изнесени во Националните планови за климатски промени, дека во 2025 година, земјоделството ќе го превземе водството во производство на стакленички гасови.

Органското производство е дел од позитивните промени кои можат во голема мера да придонесат кон зачувувањето на животната средина. Истите мора систематски да се применат т.е. мора да се изработи стратегија за конверзија кон органско производство поради големиот број на засегнати страни и економското влијание врз истите.

Хидропотенцијалот на регионот воедно е и клучен фактор во одржувањето на здравата животна средина во регионот. Како доминантно земјоделско подрачје, Југоисточниот плански регион е зависно од хидропотенцијалот на сливното подрачја на реката Струмица како и долното сливно подрачје на реката Вардар.

Сливното подрачје на реката Струмица е определено со Одлука на Влада на Република Македонија за определување на границите на подрачјата на речните сливови (Сл. весник на РМ 107/12 од 27.8.2012). Овој слив опфаќа територија од 1.649 км$^2$ или 6,41% од територијата на Република Македонија и се протега на територијата на шест општини: Конче, Радовиш, Струмица, Ново Село, Василево и Босилово. Сливот на реката Струмица е составен од сливовите на река Струмица, Дворишка и Лебничка река и е дел од сливот на река Струма, кој припаѓа на сливот на Егејското Море. Сливот на река Струмица е едно од четирите сливни подрачја во Република Македонија.

Главен реципиент е реката Струмица. Должината на реката е 114 км, од кој 81 км на територијата на Република Македонија и 33 на територијата на Република Бугарија. Реката Струмица има регулирано речно корито од 31 км. Реката Струмица нема посебен извор туку изворишна челенка составена од Радовишка и Ореовешка река, кои се соединуваат кај Радовишко Поле и во овој дел Струмица е позната под името Стара Река. Лева притока на Реката Струмица е реката Турија со должина на речно корито од 22 км - од Браната Турија до вливот со реката Струмица. Турија има 8 км регулирано корито. Десна притока на реката Струмица е Моноспитовскиот канал со 14,1 км речно корито. Во него од левата страна се влива Реката Водочница со 15 км регулирано речно корито. Десна притока на Моноспитовскиот канал со 6 км регулирано речно корито е реката Тркања.

Во тек е проект чија цел е да го подобри управувањето со водите во рамките на овој слив, преку преку развивање план за управување со сливот и хармонизација на националното законодавство со ЕУ директивите. Проектот спроведува серија на мерки на ниво на сливно подрачје за да се подобри квалитетот на водите во сливното подрачје, но и да се минимизираат ризиците од поплавите, сушите и другите штетни ефекти од климатските промени врз водните ресурси. Проектот е финансиран од швајцарската влада, а се имплементира преку Програмата за развој на ОН во Република Македонија и треба да биде завршен во текот на 2015 година.

Со зголемување на температурите поради климатските промени, поради немарноста при експлоатација на рудните богатства како и поради несоодветната употреба на пестициди и други агро-хемиски препарати истите се соочуваат со голем ризик на загаденост. Медијација на овие проблеми кои се предизвикани од човечки фактор се можни и истата може да се направи во релативно краток период. Најголем ризик за хидропотенцијалот во регионот се климатските промени. Потребно е да се направи долгорочна стратегија во делот на регулација на водотеците т.е. да се направи систем на акумулација. Ова подразбира, чистење, санирање и надоградба на

45 „Студија за адаптација на земјоделтвото кон климатските промени и „Студија за адаптација на сточарството кон климатските промени во Македонија", Проект на УСАИД за адаптација на земјоделството кон климатските промени

одводните канали и нивно систематско поврзување на хидроакумулациите како и зголемување на нивниот број и изградба на нови и проширување на постоечките системи за наводнување.

## 12.3 Шуми

Шумите во Југоисточниот плански регион спаѓаат во групата средно отворени шуми. Во регионот има присуство на листопадни и иглолисни шуми, мешовити шуми но, присутни се и деградираните шуми. Од листопадните шуми најзастапени се дабовата и буковата шума, а од четинарите црниот и белиот бор и елата.

Вкупниот шумскиот фонд во Југоисточниот плански регион е претставен во следните табели бр. 68 и 69.

**Табела бр. 68. Вкупен шумски фонд во Југоисточниот плански регион, 2010 -2013**

| Вкупно (ха) | | | |
|---|---|---|---|
| 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| 141.216 | 141.216 | 141.216 | 141.189 |

Извор: Извор: http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi

**Табела бр. 69. Шумски фонд во Југоисточниот плански регион според типови на шуми (ха), 2010 -2013**

| 2010 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Листопадни шуми | Иглолисни шуми | Мешовити шуми | Деградирани шуми |
| 141 216 | 95.917 | 9.171 | 30.132 | 5.996 |
| 2011 | | | | |
| Вкупно | Листопадни шуми | Иглолисни шуми | Мешовити шуми | Деградирани шуми |
| 141.216 | 80.193 | 9.180 | 45.847 | 5.996 |
| 2012 | | | | |
| Вкупно | Листопадни шуми | Иглолисни шуми | Мешовити шуми | Деградирани шуми |
| 141.216 | 80.193 | 9.180 | 45.847 | 5.996 |
| 2013 | | | | |
| Вкупно | Листопадни шуми | Иглолисни шуми | Мешовити шуми | Деградирани шуми |
| 141.189 | 94.202 | 9.184 | 31.807 | 5.996 |

***Извор: http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi***

Според формата има високостеблени разновозрасни насади, високостеблени едновозрасни насади, нискостеблесни насади и шумски култури. Во следната табела е претставена информацијата за површината под шуми според видовите дрвја во регионот.

**Табела бр. 70. Површина под шума според видови дрвја, 2012**

| Југоисточен плански регион | Површина (ха) |
|---|---|
| Вкупно површина под шума | 141.216 |
| Листопадни видови | 80.193 |
| Иглолисни видови | 9.180 |
| Мешовити шуми | 45.847 |
| Деградирани шуми | 5.996 |

***Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, 2012 (www.stat.gov.mk)***

Освен дрвната маса, од шумата се искористуваат и други (второстепени) шумски производи како што се: дабовиот лишај, кантарионот, ајдучката трева, печурката вргањ и слично. Стопанисувањето со шумскиот фонд во регионот се управува преку подружниците на ЈП „Македонски шуми" кои се лоцирани во Струмица, Радовиш, Гевгелија и Валандово.

Развојот и одржливото управување со шумите, освен за збогатување на шумскиот фонд, има цел и заштита на шумското и на земјоделското земјиште од ерозивните процеси.



## 12.4 Заштитени подрачја

Во Југоисточниот регион постојат повеќе заштитени подрачја - поединечни споменици на природата и природни резервати. Од аспект на посебноста на биодиверзитетот се одвојуваат: Моноспитовското блато и Дојранското езеро. Кон нив треба да се придодадат и водопадите во Смоларе и Колешино, Мокринските извори, и др.

Дојранското езеро е заштитено со Закон за езера во Република Македонија и по соочувањето со катастрофата од исушување езерото полека се полни со вода од хидросистемот „Ѓавато" и постепено го враќа биодиверизитетот кај екосистемот на езерото.

Моноспитовското Блато е најпространото водно станиште од блатно-мочуришен тип во Република Македонија. Тоа денеска претставува последно мочуриште во Република Македонија и неговата сегашна состојба е само мал остаток од некогашните пространи површини под вода, трска и влажни ливади богати со жив свет. Освен од флористички аспект, неговата биолошка разновидност е многу малку проучена.

## 12.5 Климатски промени и нивните влијанија

Југоисточниот регион се смета за еден од најранливите региони по однос на климатските промени. Стакленичките гасови се сметаат за највиновни за настанување и забрзување на процесот на климатските промени. Согорувањето на фосилните горива се заблежуваат како најголеми емитори на $CO_2$ и истите, се смета, дека се зголемени за 70% во последните три децении. Покрај зголемувањето на температурата на годишно ниво, се бележи и намалување на деновите со врнежи и количеството на истите. Исто така е забележано и зголемување на евапотранспирацијата. Освен влијанието што го имаат врз луѓето кое најмногу се манифестира кај луѓето со респираторни и кардиоваскуларни проблеми, истото има и влијание врз земјоделските и шумските култури. Уште позначајно е нивното влијание врз хидрометолошките параметри кои ги опфаќаат подземните и надземни води т.е. нивното количество.

Во текстот што следи се наведени секторите и областите кои ќе бидат највеќе погодени од климатските промени.

### 12.5.1 Земјоделство

Како најзначајна индустриска гранка во Југоисточниот плански регион, земјоделството може да претрпи големи штети, а со тоа да предизвика и негативни ефекти и во социо-економските општествени збиднувања. Со зголемување на негативните последици од климатските поромени за очекување е да се намалат приносите кај пченицата, грозјето, луцерката како и доматите. Како долгорочни последици ќе се забележат во деградацијата на почвата и нејзина ерозија.

### 12.5.2 Биолошка разновидност

Овие промени значајно ќе ги изменат рефугијалните заедници кај кои се забележува вертикално поместување на вегетациските појаси. Ова значи дека одредени видови во регионот може трајно да исчезнат, а со тоа и да се промени природниот ланец на регулација на биодиверзитетот. Едно од најзначајните природни резервати во Македонија, Моноспитовското блато покрај човечкиот фактор, се соочува и со предизвиците кои доаѓаат со климатските промени и ќе биде едно од најпогодените од овие промени.

### 12.5.3 Хидрогрфски ресурси

Климатските промени исто така ќе имаат влијание на водните ресурси во Југоисточниот плански регион, а истите се од големо значење за економскиот развој на регионот. Со зголемување на температурата ќе се јави и поголема потреба од наводнување на земјоделските површини но, во исто време се очекува и драстично намалување на водните ресурси. Поради ова, потребно е да се направи ситематизација на површинските и подземни води, а исто така да се направи и стратегија за нејзина употреба како и складирање.

### 12.5.4 Човеково здравје

Дополнително на изложеноста на хемиски препарати кои интензивно се употребуваат во земјоделството како и негативното влијание при ископувањето на руда, човековото здравје ќе биде

погодено и од климатските промени. За очекување е да се зголеми употребата на пестициди при земјоделските активности како заштита од нови заразни болести и паразити, а со тоа и загадување на водите. Директно влијание ќе почуствуваат и жителите со кардиоваскуларни и респираторни проблеми, зголемен топлотен стрес, малигни заболувања и др.

Со цел да се направи митигација на климатските промени, за Југоисточниот плански регион мора да се изготви стратегија која би опфатила анализа и препораки за подобрување во управувањето со животната средина т.е. управување со тврд и течен отпад, регулирање на подземните и површински води како и долготрајна ревитализација и заштита на почвата и воздухот. Исто така, мора да се внимава и долгорочно да се испланира унапредувањето на растителниот и животински свет, а посебни мерки да се применат за заштита на заштитените подрачја. Покрај изработката на стратегии и детални акциски планови, потребно е да се направи и генерална едукација на населението т.е. да се подигне нивната свест за ефектите од климатските промени и нивниот придонес во справувањето со истите.



## 13. ПОДРАЧЈА СО СПЕЦИФИЧНИ РАЗВОЈНИ ПОТРЕБИ

Врз основа на член 6 став (4) и (5) од Законот за рамномерен регионален развој, Владата на Република Македонија на одржаната седница на 10.02.2014 година ја донесе одлуката за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во Република Македонија за периодот 2014 -2016 година.

Според оваа одлука во член (2) наведени се подрачјата со специфични развојни потреби во Република Македонија:

- Погранични, рурални, ридско-планински и други подрачја што заостануваат во развојот;
- Подрачјата со природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон и
- Други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон.

Во Југоисточниот плански регион не се утврдени подрачја според категоризацијата: подрачја со природни богатства и кулурно наследство кои се заштитени со закон како и други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон.

Населените места кои се наоѓаат во пограничните, рурални, ридско-планински и други подрачја што заостануваат во развојот наведени се во Листата бр.1 како составен дел на одлуката и тие се објавени во Службениот весник на Република Македонија бр. 33/2014. Истите се преземени и се прикажани во табела бр. 71.

**Табела бр. 71. Подрачја со специфични развојни потреби**

| ОПШТИНА БОГДАНЦИ | | |
|---|---|---|
| Ридско-планински | Погранични | Рурални подрачја |
| / | Селемли<br>Стојаково | / |
| ОПШТИНА БОСИЛОВО | | |
| Ридско-планински | Погранични | Рурални подрачја |
| / | / | Бориево<br>Босилово<br>Гечерлија<br>Дрвош<br>Еднокуќево<br>Иловица<br>Моноспитово<br>Петралинци<br>Радово<br>Робово<br>Сарај<br>Секирник<br>Старо Балдовци<br>Турново<br>Хамзали<br>Штука |
| ОПШТИНА ВАСИЛЕВО | | |
| Ридско-планински | Погранични | Рурални подрачја |
| Кушкулија<br>Нивичино | / | Ангелци<br>Варварица<br>Басиелво<br>Висока Маала<br>Владиевци<br>Градошорци<br>Доброшинци<br>Дукатино |

| | | |
|---|---|---|
| | | Едренаково<br>Кушкулија<br>Нивичино<br>Нова Маала<br>Пиперово<br>Радичево<br>Седларци<br>Сушево<br>Требичино<br>Чанаклија |
| ОПШТИНА ВАЛАНДОВО | | |
| Ридско-планински | Погранични | Рурални подрачја |
| / | Бајрамбос | / |
| ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | | |
| Ридско-планински | Погранични | Рурални подрачја |
| Хума | Богородица<br>Моин<br>Хума<br>Конско | / |
| ОПШТИНА ДОЈРАН | | |
| Ридско-планински | Погранични | Рурални подрачја |
| / | Органџали | Дурутли<br>Ѓопчели<br>Кутамзали<br>Николиќ<br>Нов Дојран<br>Органџали<br>Севендели<br>Сретеново<br>Стар Дојран<br>Фурка<br>Црничани<br>Чаушли<br>Џумабос |
| ОПШТИНА КОНЧЕ | | |
| Ридско-планински | Погранични | Рурални подрачја |
| Горни Липовиќ | / | Габревци/<br>Гавран<br>Горна Враштица<br>Горни Липовиќ<br>Дедино<br>Долна Враштица<br>Долни Липовиќ<br>Долни Радеш<br>Загорци<br>Конче<br>Лубница<br>Негреновци<br>Ракитец<br>Скоруша |
| ОПШТИНА НОВО СЕЛО | | |
| Ридско-планински | Погранични | Рурални подрачја |



| | | |
|---|---|---|
| Барбарево<br>Стиник | Стиник<br>Бадолен<br>Дражево<br>Старо Коњарево<br>Ново Коњарево<br>Смолари<br>Мокрино<br>Мокриево<br>Борисово<br>Колешино | Бадолен<br>Бајково<br>Барбарево<br>Борисово<br>Дражево<br>Зубово<br>Колешино<br>Мокриево<br>Мокрино<br>Ново Коњарево<br>Ново Село<br>Самоилово<br>Смолари<br>Старо Коњарево<br>Стиник<br>Сушица |
| ОПШТИНА РАДОВИШ | | |
| Ридско-планински | Погранични | Рурални подрачја |
| Али Коч<br>Али Лобаси<br>Козбунар<br>Коџалија<br>Ново Село<br>Папавница<br>Смиланци<br>Шаинташ<br>Шипковица<br>Штурово | / | / |
| ОПШТИНА СТРУМИЦА | | |
| Ридско-планински | Погранични | Рурални подрачја |
| / | Габрово | / |

***Извор: Службен весник на Република Македонија бр. 33/2014***

Според Одлуката за определување на подрачјата со специфични развојни потреби Во Југоисточниот плански регион се класифицирани 16 ридско-планински, 19 погранични и 77 рурални подрачја со специфични развојни потреби.

# 14. СВОТ АНАЛИЗА НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

За изработка на релевантна и сеопфатна стратегија потребна е сеопфатна СВОТ анализа. Истата на систематски и организиран начин помага во идентификување и анализа на надворешните и внатрешните фактори и нивно меѓусебно поврзување.

Правилното и деталното поставување на релациите и поврзувањето со PEST анализата дава сеопфатна слика на опкружувањето во кое ќе биде реализирана Програмата.

Првичната селекција на факторите беше нивно дефинирање на:

- **Важни (битни),**
- **Неважни (небитни),**
- **Позитивни, и**
- **Негативни.**

Како продолжение на PEST анализата, беше направена проценка на ситуацијата која ја постави основата на оправдувањето за релевантноста и соодветноста на Програмата. Користејќи ја SWOT матрицата, беа анализирани и дефинирани:

Силните и слабите страни дефинирани како внатрешни карактеристики на регионот

- **Силните страни** на регионот како внатршни карактериситики на регионот кој ќе придонесат кон реализацијата на Програмата и искористување на можностите и елиминирање на заканите.
- **Слабите страни** страни на регионот како внатрешни услови кои негативно ќе влијаат на реализацијата на Програмата, ќе го зголемат влијанието на заканите и ќе го намалат потенцијалот на можностите.
- **Можностите** дефинирани како надворешен фактор кои ако се искористат користејќи ги силните страни можат да придонесат кон успешната реализација на Програмата.
- **Заканите** дефинирани како надворешен фактор кои ако не се елиминираат со силните страни и искористувањето на можностите ќе придонесат кон неуспех во реализација на Програмата.

За да биде корисна направената SWOT анализа по дадените сектори во себе ги содржи последиците на идентификуваните фактори релевантни за територијата и населението за Пелагонискиот плански регион.

За да се постигне посакуваниот ефект беа приоретизирани и беше направена синтеза на најважните фактори врз анализираните сектори и теми поврзани со истите.

При реализацијата на SWOT анализата беше направена проценка за ресурсите со кои се планира реализацијата на Програмата.

SWOT анализата ги илустрира потенцијалните врски помеѓу различните аспекти/ теми и треба да идентификува можности за решавање на истите.

Следејќи ги принципите на транспарентност, партиципативност а во исто време и придржувањетот кон законската рамка, при изработката на анализата се внимаваше на квалитетот и изворот на внесените информации со претходна анализа и верификација на истите.

Крајниот продукт од оваа анализа беше добиената реална проценка на потребите на регионот.

Во наредната фаза беа поставени релевантните стратешки цели, приоритети и мерки, кои ги земаат предвид потребите и можностите во нардниот петгодишен период.

**Табела бр. 72 а. Силни страни на Југоисточниот плански регион**

| СИЛНИ СТРАНИ |
|---|
| • Добра географска положба (во близина на две земји членки на ЕУ) |
| • Природни ресурси (минерални суровини, рудни богатства, вода, обработливо земјиште) |
| • Поволни климатски услови за производство на раноградинарски култури |
| • Извозно ориентирана преработувачка индустрија |
| • Голем број на активни делови субјекти |
| • Голем број на локални индустриски зони |
| • Препознатливи брендови |
| • Природни богатства (Дојранско езеро, Моноспитовско блато, Водопади) |
| • Геотермални извори ( Банско, Негорци) |
| • Заштитени подрачја (Смоларски водопади) |
| • Културно – историски објекти и археолошки локалитети |
| • Организација на голем број настани (карневали, фестивали, манифестации) |
| • Голем број на туристичко – угостителски објекти ( ресторани, барови , и др.,) |
| • Богата гастрономска понуда |
| • Гостопримливо население |
| • Високо образуван и стручен кадар (работна сила) - во секторите информатичка технологија, земјоделството и градежништво |
| • Поволе тренд (пораст) на БДП |
| • Доволен капацитет на училишната инфраструктура да ги прими учениците |
| • Професионална општинска администрација |
| • Воспоставена соработка на општинските центри за социјална работа |
| • Добри пракси за меѓуопштинска соработка |
| • Флексибилност и иновативност во однос на побарувачката на пазарот |
| • Ефтина (конкурентна) работна сила |
| • Близина на населените места |
| • Број на транспортни средства (камиони) |
| • Постоење на голем број проектантски и градежни фирми |
| • Капацитет (обем и квалитет) на фирмите во секторот градежништво |
| • Најголем и најпознат регион за производство на земјоделски производи |
| • Погодна клима |
| • Квалитет на почва |
| • Зголемени земјоделски површини |
| • Геотермални води |
| • Воден потенцијал |
| • Подготвени проекти за искористување на термални води |
| • Голем број на сончеви часови |
| • Биомаса |
| • Геостратешка поставеност - Добра географска позиција и врска до европските граници, пазари и гости |
| • МСП преработувачи - Флексибилни МСП и лесно приспособливи според побарувачката на пазарот |
| • Преработувачката на земјоделските производи е извозно ориентирана гранка во регионот |
| • Агроберза и дистрибутивни центри |
| • Воведени нови технологии во земјоделството |
| • Површина под шуми |
| • Квалитетно и препознаено производство |
| • Непостоење на големи загадувачи во регионот |
| • Човечки ресурси(образовани кадри во јавниот и приватниот сектор во доменот на примарносто земјоделство и преработка на храна ) |
| • Воспоставени работни навики кај земјоделците |
| • Доволни површини со пасишта |
| • Поволни еколошки и микро климатски услови за развој на сточарството |
| • Автентична храна и традиција |
| • Граѓански сектор со капацитети за здружување и заеднички настап во реализација на иницијативи и проекти |
| • Разнообразност на природните ресурси и релативно добра состојба на истите |
| • Непостоење на големи загадувачи во регионот |
| • Човечки ресурси(образовани кадри во јавниот и приватниот сектор во доменот на животната средина, климатските промени и енергетстаката ефикасност ) |
| • Поволни климатски услови за искористување на алтернативни извори на енергија |
| • Постоење на одредена пракса во подобрување на енергетската ефикасност на објектите во регионот и искористување на сончевата енергија за добивање на соларна и фотоволтаична енергија |
| • Заштитени подрачја со богат растителен и животински свет |
| • Изработена Студија за ефектите од климатските промени во земјоделството за ЈИПР |
| • Изработена Студија за искористување на обновливи извори на енергија ви ЈИПР |
| • Општинска надлежност во заштитата на животната средина – Б интегрирани дозволи и решенија по елаборати за заштита на животната средина |
| • Голем потенцијал за производство на енергија од обновливи извори (релативно ветровит регион, голем број на сончеви денови) |
| • Постоење делумно изградена инфрастуктура на сончеви колектори, ветерници |

**Табела бр. 72 б. Слаби страни на Југоисточниот плански регион**

| СЛАБИ СТРАНИ |
|---|
| • Лоша патна инфраструктура |
| • Неорганизиран пласман на земјоделски производи |
| • Слаба конкурентност на постоечките претпријатијата |
| • Мали инвестиции во основни средства |
| • Слаба техничко технолошка опременост на претпријатијата |
| • Тенденција на намалување на извозот |
| • Мал број на дипломирани студенти |
| • Недостаток на институционална поддршка за бизнис секторот |
| • Ниско ниво на иновации |
| • Неуредени индустриски зони |
| • Мал број на производи со висока додадена вредност |
| • Недостаток на капитал и готови пари за финансирање на развојни проекти на бизнис заедницата |
| • Неусогласеност на работната сила со потребите на пазарот |
| • Диви депонии во близина на туристички локалитети |
| • Слаба туристичка сигнализација |
| • Лоша состојба на објектите за бањски туризам |
| • Низок квалитет на услуга во туристичко- угостителските објекти |
| • Недоволно приватни инвестиции во туризмот |
| • Мала туристичка понуда во близина на природните атракции и селата |
| • Недоволно заштитени и уредени културно – историски објекти и археолошки локалитети |

- Мал број на културни институции (кина, театри, музеи)
- Неунифицирана и лоша презентација на културното историско наследство
- Мал број на туристички информативни центри
- Слаба промоција
- Непостоење на интегрирана туристичка понуда
- Недостаток на лиценцирани туристички водичи
- Нема тело/организација за управување со турсистичката дестинација
- Недостаток на мотивација кај младите лица за работа во туристичко – угостителскиот сектор
- Слаба соработка помеѓу субјектите од областа на образовниеото, културата и туризмот
- Недоволна опременост со училишни помагала (нагледни средства и инвентар)
- Недоволно средства - финансиски “тенок општински буџет“ (ниски ставки за образование и социјална политика)
- Недоволна соработка помеѓу институциите на локално и регионално ниво
- Несоодветно институционално и вонинституционалн образование на возрасни (преквалификација и доквалификација)
- Несоодветен стручен кадар и професионална ориентираност
- Несоодветен баланс помеѓу помеѓу понуда и побарувачка на работна сила
- Зголемување на бројот на лицата до прагот на сиромаштија особено на маргинализираните и социјално исклучените категории граѓани
- Лоша патна поврзаност меѓу општините (и меѓусебна и меѓу населените места)
- Недостаток од квалификувана работна сила (по одредени сектори)
- Недоволна соработка помеѓу градоначалниците
- Законска регулатива (средно законодавно ниво)
- Недоволен капацитет за спроведување проекти финансирани од ЕУ
- Непостоење на подземен катастар
- Застарени системи за водоснабдување, системи за отпадни и атмосферски води
- Недоволен капацитет на канализационата мрежа (фекална канализација)
- Недоволен број на паркинг места и локации (паркинзи)
- Расцепканост на земјоделското земјиште – мали површини
- Застарена механизација кај земјоделските стопанства и индивидуални производители
- Неискористеност на ЕУ фондови (ИПАРД)
- Немање на урбанистичка планска документација за селата и руралните подрачја
- Низок стандард – економска моќ на земјоделците
- Недоволно едуцирани земјоделци за примена на нови технологии
- Слаб капацитет и заинтересираност за здружување на земјоделците и економските субјекти
- Недоволен капацитет на сточен фонд во споредба со природните ресурси и можности
- Недоволна искористеност на лабораториски услуги
- Нестимулирачки субвенции – социјална димензија
- Неискористени кредитни линии (недоволен капацитет за искористување)
- Неорганизиран пласман на земјоделски производи
- Слаба регионална соработка и регионален маркетинг
- Неадекватно искористување на воден потенцијал
- Застарени системи за наводнување и вода за пиење
- Високи цени и слаба застапеност на ветеринарни услуги и стандарди
- Слаб пласман на сточните производи
- Немање објекти – кланици со застарена технологија
- Слаб интерес за сточарство

- Непланско производство
- Немање и недостиг на (автентична) амбалажа
- Лоша просторно/урбанизтичка уреденост и недоволна развиеност на инфраструктурата во поголемиот дел на села
- Слаби приватни/индивидуални сместувачки капацитети во руралните населени места
- Недоволна искористеност на природните и културни ресурси за развој на руралниот туризам
- Непостоење на регионален стратешки документ за управување со животната средина
- Големи разлики во капацитетите на општините за спроведување на надлежностите во животната средина
- Недоволен број на високо стручни лица во областа
- Непостоење на регионален систем за собирање и третман на цврст отпад
- Непостоење на регионална депонија и инфрастуктутра за третман и рециклажа на отпадот
- Непостоење на инфрастуктура за депонирање и соодветен третман на мрши и конфискати од стока
- Напостоење на инфраструктура за соодветно складирање и третман на амбалажа од хемиски ѓубрива
- Недоволна покриеност на целиот регион за собирање на отпад (рурални подрачја и населени места)
- Голем број диви депонии
- Мал број на пречистителни станици
- Слаба свест на граѓаните за депонирање на отпадот
- Мал процент на наплата на комунални такси
- Неселектирање на отпадот
- Недоволна опременост на ЈП со механизација (стара механизација – скапа цена на чинење на собирање на цврст отпад)
- Неискористеност на постоечките капацитети за поефикасно управување со животната средина
- Непостоење на техничка документација (во сите општини) за изградба на инфрастуктура за одвод и третман на отпадни води и атмосферска канализација
- Слаб капцитет и застареност на хидромелиоративните системи
- Застареност и слаб капацитет за одводни канали за атмосферски води
- Недоволно промовирање на обновливи извори на енергија
- Опаѓање на подземни води
- Наводнување со загадени води
- Неконтролирано испуштање отпадни материи и хемиски супстанции во водата и почвата - загрозување на водните ресурси, инфрастуктурните објекти, земјоделското земјиште и шумите во регионот
- Нарушување на биодиверзитетот во регионот
- Недоволен капацитет на стимулации за користење на обновлива енергија (сонце, ветар, биомаса)
- Отсуство на институционална координираност
- Непостоење на регионален пристап во заштита на шумите
- Слаб капацитет на системот за противпожарна заштита и непокриеност на целиот регион со истата

**Табела бр. 72 в. Можности на Југоисточниот плански регион**

| МОЖНОСТИ |
| --- |
| • Зголемена побарувачка на храна во глобални рамки<br>• Нови извозни пазари<br>• Гасификација на Регионот<br>• Промоција и привлекување на инвестиции во индустриски зони<br>• Привлекување на инвестиции во прехранбената индустрија<br>• Формирање на Бизнис центар за поддршка и консултански услуги за мали и средни претпријатија<br>• Советодавна и експертска помош за бизнис секторот за подобрување на конкурентноста<br>• Формирање на технолошки парк<br>• Формирање на бизнис инкубатор<br>• Користење на ЕУ и други меѓународни фондови<br>• Користување на програми за поддршка на бизнисот од централниот буџет<br>• Инвестирање од страна на дијаспората<br>• Воспоставување на соработка со економските промотори и вклучување на дијаспората во промотивните активности на регионот<br>• Воведување на нови технологии<br>• Преквалификација на работната сила<br>• Брендирање на производи<br>• Програми за претприемништво и самовработување<br>• Здружување на приватниот сектор<br>• Користење на евтини енергенси<br>• Експлоатација на минерални суровини (Иловица)<br>• Стимулирање на Јавното приватно партнерство (ЈПП)<br>• Зголемување на сообраќајот по Автопат А1 (Демир Капија – Смоквица Делница) и развој на транзитен туризам<br>• Искористување на Програми / Фондови за подобрување на инфраструктурата во селата и подрачјата со специфични развојни потреби<br>• Искористување на домашни и меѓународни фондови за подобрување на туристичката инфраструктура<br>• Затворање на дивите депонии во близина на туристички места и ревитализација на просторот / регионална депонија<br>• Зголемување на сместувачкиот капацитет<br>• Привлекување на инвеститори во туризмот<br>• Развој на понуда за приватно сместување<br>• Категоризација на сместувачки капацитети и угостителски објекти<br>• Едукација на населението за рурален туризам<br>• Зголемена побарувачка за активен, рекреативен и спортски туризам<br>• Привлекување на домашни туристи со поголема куповна моќ<br>• Конзервација, реставрација и реконструкција на културно-историски споменици<br>• Формирање на туристички инфо центри<br>• Формирање на мултимедијални центри за промоција на туризмот<br>• Искористување на новите технологии за подобрување на туристичката презентација и промоција на регионот<br>• Развој на туристички атракции (панорамски трамвај, етно село)<br>• Јавно приватно партнерство како алтернативна форма за инвестирање<br>• Промоција на капацитетите за одржување на конференции и развој на конгресен-конференциски туризам |



| |
| --- |
| • Креирање на регионална туристичка понуда<br>• Развој на вело туризам по патеката на железната завеса (ЕуроВело 13)<br>• Ловен и риболовен туризам<br>• Формирање на тело за менаџирање на туристичката дестинација<br>• Дијаспора, ЕУ фондови, ИПАРД<br>• Развој на иновативни туристички производи<br>• Обука, преквалификација на кадри<br>• Кампањи и мерки за мотивирање на младите за работа во туристичкиот сектор<br>• Меѓуопштинска соработка<br>• Отварање на нови училишни паралелки со стручно образование<br>• Јавно приватно партнерство (ЈПП) со образованите институции и и институциите во доменот на социјалната политика<br>• Преквалификација и доквалификација заради задоволување на потребите на пазарот на труд<br>• Можности на делегирање надлежности на ЕЛС на други субјекти<br>• Соработка на регионално и меѓународно ниво (ЕУ проекти – прекугранична соработка). Трансфер на знаења и користење добри практики<br>• Добра геостратешка положба<br>• Добри комуникациски услови за развивање на бизнис<br>• Пристап и користење на ИПА фондовите (СВС и ИПАРД), националните фондови и други фондови<br>• Искористување на субвенциите во развојни цели<br>• Искористување на кредитни линии<br>• Доследно спроведување на секторската законска регилатива<br>• Унапредување на свеста кај населението за производство на здрава храна<br>• Изработка на планска документација<br>• Воведување на стандарди во производство и преработка<br>• Брендирање на земјоделски производи и храна<br>• Органско ЕКО производство и воведување стандарди во органско производство<br>• Пристап до нови технологии и механизација<br>• Воведување на ГлобалГАП и други добри земјоделски практики (ГАП) во примарното производство, HACCP и други стандарди во преработка на земјоделското производство<br>• Здружување (кооперативи, кластери, задруги) и сикористување на поволностите од здружувањето<br>• Едукација на земјоделците<br>• Постоење на субвенции<br>• Окрупнување на земјоделските стопанства<br>• Модернизација на патната и руралната инфраструктура<br>• Модернизација на комунална инфраструктура<br>• Нови капацитети и технологии за наводнување – капка по капка<br>• Отворање на нови пазари поради глобалната политика<br>• Природни и културни ресурси за развој на руралниот туризам и неземјоделска рурална економија<br>• Користење на ИПА фондовите (СВС) и националните фондови<br>• Доследно спроведување на секторската законска регилатива<br>• Унапредување на еко свеста кај населението<br>• Искористување на технологии за управување со отпад и пристап до финансии за истите<br>• Искористување на технологии за одржливи извори на енергија (ОИЕ)<br>• Регионално управување со отпад |

- Зголемување на соработката со граѓанскиот сектор на проекти за заштита на животната средина
- Поттикнување на соработката помеѓу јавниот, бизнис секторот и универзитетите
- Воведување на нови „зелени“ технологии
- Гасификација на Регионот
- Воспоставување на Јавно – приватни партнерства во доменот на искористување на ОИЕ и управување со отпад
- Искористување на постоечкиот воспитно образовен систем во регионот за зголемување на едукацијата на граѓаните
- Стимулирање и мотивација на граѓаните и економските субјекти за користење на ОИЕ преку создаден регионален систем на субвенционирање/ослободување од даноци
- Рекултивација на постоечките и дивите депонии

**Табела бр. 72 Г. Закани на Југоисточниот плански регион**

ЗАКАНИ

- Влијание на климатски промени во земјоделието
- Миграција
- Неефикасно судство
- Мала алокација на финансиски средства на национално ниво за подобрување на инфраструктурата во регионот
- Криза во Украина
- Глобална политичка состојба во Европа(извоз во Русија)
- Глобализација – туристичка побарувачка
- Намалување на куповна моќ на населението
- Одолжување на пристапувањето во Европска Унија и НАТО
- Миграции / Иселување (село -град - странство)
- Конкуренција (Грција , Бугарија )
- Глобална економска криза
- Миграција на населението (механички одлив /
- Намалување на бројот на ученици (основно и средно образование)
- Миграција на стручен кадар (млади / работоспособни)
- Намалување на блок дотациите
- Индиректно влијание на климатските промени во образованието
- Неважечки урбанистички планови (ГУП, ДУП, урбанистички планови на села)
- Несоодветно одржување на постојната инфраструктура
- Несоодветни паркинг локации
- Национална и ЕУ политика – постоење на одредени неусогласености
- Стагнација на процес за влез во ЕУ и НАТО
- Демографска промена - Миграција и емиграција
- Недостаток на финансии
- Националана политика на увоз и извоз на земјоделските производи
- Одлив на високо образувана и работна сила
- Недеклариран семенски и саден материјал
- ГМО
- Неконтролиран увоз на евтини земјоделски производи
- Неконтролирана употреба на пестициди и минерални ѓубрива
- Скапа опрема и нејзино одржување
- Висока на цена на енергенси
- Влијание на климатски промени земјоделството
- Слаб капцитет и застареност на хидромелиоративните системи
- Опаѓање на подземни води
- Наводнување со загадени води
- Неконтролирано испуштање отпадни материи и хемиски супстанции во водата и почвата - загадување на водните ресурси, инфрастуктурните објекти, земјоделското земјиште и шумите во регионот
- Високи цени на енергенси
- Нестабилна каматна политика
- Променлива законска регулатива
- Нелојална конкуренција
- Пренамена на пасишта во обработлива или градежна површина
- Неусогласеност на ставови по однос на управувањето со регионалната депонија (национално, регионално, локално)
- Неусогласеност во спроведувањето меѓу националната, регионалната и локалната политика.
- Влијание на климатски промени во социо-економскиот живот и природните ресурси (природни непогоди, зголемена температура и сл.)
- Локација на индустриски зони (дефинирани од централната власт)
- Отварање на рудници
- Стагнација на процесот на пристапување во ЕУ/НАТО
- Мала алокација на финансиски средства на национално ниво за подобрување на инфраструктурата во регионот
- Загадување на животната средина – почва, подземни и надземни води
- Промена на структура на почва
- Загрозување на биодивезитетот (флора и фауна) од загадувања и климатски промени
- Слаба економска моќ на граѓаните за заштита на животната средина и справување со климатските промени
- Слаби капацитети на администрацијата за управување со животната средина

## *14.1 Опис на СВОТ анализите и нивна меѓусебна поврзаност*

Врз основа на погоре презентираните SWOT анализа може да се сумираат следниве заклучоци:

### 14.1.1 Економија и инвестиции

Секторот Економија и инвестиции во Југоисточниот регион има значајни предности кои истовремено претставуваат и можност за дополнителен економски развој. Регионот има добра географска положба, близина со две земја членки на Европската Унија (Република Грција и Република Бугарија), голем број на активни деловни субјекти и извозно ориентирана преработувачка индустрија.

На територијата на регионот има значајни природни ресурси (обработливо земјиште, минерални суровини, рудни богатства, вода, сончеви денови) кои се недоволно искористени и претставуваат потенцијал а воедно и силна страна.

Југоисточниот плански регион е претежно земјоделско подрачје кој располага со одлични климатски услови за производство на раноградинарски култури како свеж зеленчук и овошје. Зголемената побарувачка за храна во глобални рамки, постојаниот пораст на цените на храната, отворањето на нови пазари за извоз на земјоделски и конзервирани производи се можности за поинтензивен развој на земјоделството, а со тоа и на севкупната економија на регионот, меѓутоа загрижува намалувањето на активните деловни субјекти во секторот земјоделство, шумарство и рибарство и преработувачката индустрија како и тенденцијата на намалување на извозот. Глобална политичка состојба во Европа и кризата во Украина се потенцијални закани за зголемување на извозот.

- Експлоатацијата на минералните суровини (Рудникот Бучим во Радовиш и инвестициите во изградба на рудник за бакар и злато во село Иловица, Босилово) претставуваат значајна можност за подинамичен развој на секторот Рударство и вадење на камен.

- Гасификацијата на регионот, но и спроведувањето на активности за обезбедување енергија од стабилни, сигурни, чисти и обновливи извори е огромен потенцијал кој се должи на поволните климатски услови во регионот за производство на енергија од сонце, ветар и био маса.
- Во регионот егзистираат голем број на активни деловни субјекти што претставува дополнителна можност за развој на регионот. Микро претпријатијата и понатаму се двигател на економијата на регионот и потврда за претприемачкиот дух на неговите жители. Освен во земјоделскиот сектор евидентен е и потенцијалот на регионот во секторот градежништво кој има можност за експанзија со оглед на тоа што регионот има позитивно миграционо салдо и стабилна стапка на наталитет. Загрижува малата вредност на инвестициите во основни средства, ниската технично – технолошка опременост и ниското ниво на иновации од страна на претпријатијата. Од друга страна во регионот има слаба институционална поддршка на бизнис секторот, поради што тој ретко користи услуги од стопанските комори и други институции за доедукација, маркетинг и експертиза.

Неопходна е активна поддршката за подобрување на конкурентноста на постоечките претпријатија преку воспоставување на институционална рамка за поддршка на бизнисот, поддршка за воведување на нови технологии, вопоставување на квалитетна советодавна и експертска помош за бизнисот и поддршка за формирање на кластери. Неопходно е и поттикнување на иновативноста кај претпријатијата и создавање на сет на мерки за креирање на економија базирана на знаење преку промовирање на можностите за примена на науката во развојот на економијата.Формирањето на Бизнис центар за поддршка и консултански услуги за мали и средни претпријатија и Технолошки парк се можност за надминување на претходно споменатите слабости. Недостатокот на капитал за инвестиции и готови пари за финансирање на развојни проекти на бизнис заедницата е слаба страна, а за нејзино надминување неопходно е спроведување на мерки за олеснување на пристапот до расположливите финансиски средства, градење на капацитети за користење на средства од државни, европски и меѓународни фондови наменети за бизнисот, како и промоција на различни форми на заедничко вложување со цел да се зголеми и општествената одговорност на бизнис секторот.

Постоењето на локални индустриски зони со утврдена урбанистичко планска документација е значаен предуслов и силна страна за зголемување на инвестициите. Од друга страна постојните индустриски зони не располагаат со целосната инфраструктура. Потребно е и да се преземат активности за изградба на инфраструктура во постоечките индустриските зони, но и промоција на компаративните предности на регионот пред потенцијалните инвеститори. Вклучувањето на дијаспората и економските промотори се можност за зголемување на нивото на инвестициите во сите сектори, а особено во преработувачката индустрија. Неефикасното судство и одолговлекување на процесот на пристапување во ЕУ и НАТО се потенцијални закани за регионот.

Лошата патна инфраструктура е сериозна пречка за развој на бизнисот во регионот. Вложувањето во подобрување на инфраструктурата има позитивни ефекти врз економијата бидејќи се намалуваат транспортните трошоци и се создаваат услови за побрз проток на стоки и луѓе. Малата алокација на финансиски средства од централниот буџети понатаму претставува закана за подобрување на патната инфраструктурата во регионот.

Неусогласеност на работната сила со потребите на пазарот и тенденција за раст на стапката на невработеноста во последните две години, се сериозни пречки за брз економски развој. Промоцијата на активните мерки за вработување, преквалификацијата на кадри, промоцијата на програмите за поттикнувањето на претприемништвото, самовработувањето и занаечиството, формирањето на бизнис инкубатор се можности кои треба да се искористат. Потенцијална закана е миграцијата на населението.

### 14.1.2 Туризам и култура

Географската поставеност е поволна и е значајна предност на регионот бидејќи низ него поминуваат важни патни правци (автопат А1 и магистралниот пат А4) и три гранични премини (Богородица, Дојран и Ново Село). Како слаби страни поврзани со инфраструктурата се дивите депонии во близина на туристичките локалитети, лошата комунална инфраструктура во рурални средини и слабата туристичка сигнализација која не нуди доволно информации и знаци за туристичките локалитети во регионот. И во овој поглед утврдени се можности за подобрување на состојбите преку искористување на расположливите фондови за развој на селата и подрачјата со специфични развојни потреби, како и ревитализацијата на просторот околу дивите депонии преку изградбата на регионалната депонија и воспоставување на систем за организирано собирање на отпадот.

Југоисточниот регион има изобилство од оригинални природни убавини коишто претставуваат основен потенцијал за развој на туризмот и тоа: природни и вештачки езера, планини, водопади, природни извори, бањи и други ресурси. Туристичките места Дојран, Кожуф, Смоларе, Колешино, Банско, Негорци и други имаат дефинирана туристичка понуда. Недостатоци односно слаби страни во заложбата за зголемување на бројот на туристите се: лошата состојба на објектите за бањски туризам, слабиот квалитет на услугата во туристичко - угостителските објекти, недоволните приватни инвестиции во туризмот и малата туристичко угостителска понуда во близина на природните атракции. Можности за подобрување на состојбите се привлекување на нови инвестиции во туристичко – угостителскиот сектор, изградба на автентични сместувачки капацитети во традиционален стил, едукација на населението за рурален туризам, привлекување на домашни туристи со поголема куповна моќ, развој на понуда за приватно сместување, категоризација на објектите во туристичко – угостителскиот сектор, подобрување на инфраструктурата во селата како и презентација на традиционалните обичаи, занаети и гастрономија. Како потенцијални закани се утврдени одложување на пристапувањето во Европска Унија и НАТО што негативно ќе се одрази во заложбите за привлекување на нови инвестиции, понатаму тенденциите на иселување од селата во урбаните средини и странство, понудата на конкурентските дестинации во Грција и Бугарија и намалувањето на куповната моќ на домашните туристи.

Во регионот постојат бројни културно - историски локалитети и објекти. Слаби страни се недоволната грижа за културно – историските објекти, малиот број на културни институции (кина, музеи и театри), како и неунифицираната и слаба презентација на културното – историско богатство. Потребно е да се вложат поголеми заложби за заштита на културното наследство и спроведување на повеќе активности за конзервација, реставрација и реконструкција на културно-историските споменици. Формирањето на туристички инфо центри, мултимедијални центри за промоција на туризмот како и искористувањето на новите технологии за подобрување и унифицирање на презентацијата на културното наследство се други можности кои им стојат на располагање на заинтересираните страни во реализација на намерата туристите да добијат јасна слика за историјата на регионот. Понатаму, вложувањето во развој на нови туристички атракции (панорамски трамваи, етно села и др.), ќе влијаат значително позитивно врз развојот на културниот и црковниот туризам. Освен стандардните начини за финансирање на инвестициите од оваа област се појавува и можноста за создавање на партнерства помеѓу јавниот и приватниот сектор и формирање на модел за одржлив развој на туризмот во регионот.

Големиот број на културни настани и манифестации кои се организираат во регионот е значаен потенцијал за развој на туристичката дестинација Југоисток. Неопходно е интегрирање на целата понуда на регионот и создавање на неколку туристички пакети за посета на Југоисточниот регион. Дополнителните потенцијали со кои располага регионот (капацитети за конференциски туризам, винарии, ловишта) се идентификувани како можности за креирање на квалитетна регионална понуда која ќе привлече дополнителен број на туристи и ќе го зголеми времетраењето на посетата на регионот. Формирањето на тело/организација за управување со туристичката дестинација е дополнителна можност за создавање на долгорочни позитивни трендови во оваа област.

Во регионот егзистираат голем број на угостителски објекти, а жителите се познати по својата гостопримливост. Сепак за реализација на амбициозните заложби основен предуслов е зајакнување на капацитетите на кадрите во туристичко – угостителскиот сектор. Неопходно е елиминирање на утврдените слаби страни: недостаток на мотивација кај младите лица за работа во туристичко – угостителскиот сектор, мал број на лиценцирани туристички и планинарски водичи и отсуство на соработка помеѓу субјектите од областа на образованието, културата и туризмот и искористување на сите можности кои стојат на располагање и тоа: искористување на ресурси од европски и меѓународни фондови, идентификување на потребите од работна сила, обука, преквалификација и усовршување на кадри, создавање на партнерски однос помеѓу сите засегнати страни, спроведување на кампањи за мотивација и друго. Иселувањето од регионот е најзначајната дефинирана закана за елиминирање на претходно споменатите слаби страни.

### 14.1.3 Социјална политика и образование

Секторот Социјална политика и образование во Југоисточниот регион има значајни предности кои истовремено претставуваат и можност за дополнителен развој на регионот. Освен

географската положба, близина со две земја членки на Европската, поволниот тренд на БДП-то, високо образуваниот и стручен кадар (ефтина и конкуретна работна сила), и флексибилноста и иновативноста во однос на побарувачката на пазарот на труд создава поволна основа и потенцијал за развој на регионот

Од демографските карактеристики позначајни се стагнирањето на растот на население и постигнувањe на проста репродукција на населението, мал број на корисници на социјална помош.

Иако регистрираниот број на доселени и отселени лица е низок, сепак тоа не ја покажува реалната ситуација поради процедурите и голем број лица кои не се регистрираат особено при отселување од регионот.

На територијата на регионот постојат доволен број образовни институции (високо-образовни и средни училишта) но сепак бројот на ученици во основните и средното образование се намалува.

Во однос на образованието (средното и високото) потребна е поголема соработка и синергија со бизнис секторот и создавање нови програми (курикулуми), училишта и факултети сразмерно на потребите на бизнис секторот и побарувачката на работна сила, како и искористување на флексибилноста и иновативноста како на работната сила, така и на бизнис секторот.

Од социјалните параметри треба да се напоменат:

Воспоставените добри практики на меѓуопштинско ниво треба да ја подобри комуникацијата и соработката на регионално ниво во секторите Социјална политика и Образование. Подобрувањето на условите во социајлната сфера преку делегирање на одредени услуги од страна на општините на други субјекти.

Добро развиениот мал и среден бизнис кој создава услови за јавно приватно партнерство во сферата на социјалните услуги и образованието.

Восопоставување институционални и неформалните облици на образование (обуки, преквалификации и доквалификации) и флексибилноста на работната сила треба да овозможат уште подобри услови на пазарот на труд и создавање работна сила според потребите на бизнис секторот.

Искористувањето на добрите практики на меѓурегионално и прекугранично ниво како можности се фактор кој може да го подобри животниот стандард во сферата на социјалната политика и образованието.

### 14.1.4 Транспорт и инфраструктура

Секторите Транспорт и Инфраструктура во Југоисточниот регион во компарација со останатите региони има повеќе предности отколку недостатоци. Позитивниот баланс треба да претставува можност за дополнителен развој. Географската местоположба и постоењето на два гранични премини со две земји членки на Европската Унија (Република Грција и Република Бугарија), добрата комуникациска поврзаност, значителен број на фирми во секторот градежништво треба да претставуваат добра основа за интензивен и одржлив развој на регионот

Патната инфраструктура е комуникациски добро развиена, иако постојат услови за нејзино подобрување.

Должината и квалитетот на локалната патна инфраструктура е задоволителен но е далеку под европските стандарди. Трендот на зголемување на должината на асфалтните патишта е позитивен. Сепак потребни се нови локални патишта и подобрување на постоечките патни правци особено помеѓу населените места во општините и помеѓу општините.

Должината и квалитетот на автопатиштата, експресните и магистралните патишта е задоволителен но е далеку под европските стандарди. Според законската регулатива овие патишта се под надлежностите на државата.

На територијата на регионот не постои железничка патна мрежа, иако постојат услови за спојување на два железнички патни правци. Едниот е Струмица-Валандово-Миравци, а другиот е Штип-Струмица-Петрич (Р. Бугарија).

Од авионскиот сообраќај, аеродром во Струмица за спортски и стопански цели ќе овозможи подобрување на комуникацијата, како за земјоделски и други стопански гранки, така и за развој на спортот (падобранство, параглајдинг и едриличарство) со можност за развој на туризмот поврзан со овие спортски гранки.

Комуналната инфраструктура во регионот не е во завидна состојба, особено во руралните подрачја. Населбите се снабдуваат со вода за пиење претежно од бунарски системи и од површински води (акумулации ). Постојат услови за нејзино подобрување преку регионални иницијативи и проекти.

Југоисточниот плански регион е сиромашен со природни извори на вода и се чувствува недостиг на вода за санитарна вода и вода за пиење. Покрај недостигот констатирана е висока водоснабдителна норма и големи загуби на вода во дотрајаните водоснабдителни мрежи. Водоснабдителната норма е 350 – 450 л/жител/ден – големи загуби на вода, застарена мрежа, неефикасни јавни претпријатија и слабо организирани, слаба наплата под 40%. Потребно е реконструкција и рехабилитација на постоечките водоводни мрежи, нивно модернизација (замена со нови еколошки цевководи), иградба на нови системи за водоснабдување и намалување на загубите на вода (вклучувајќи и ненаплатена)

Состојбата со системи за отпадни води е доста лоша. Колекторски и канализациски системи за одведување на отпадни води во најголема мерка постојат во урбаните центри, иако и тиа не се 100% покриени. Руралните средини се во незавидна состојба и во најголем број случаи проблемот е решаван со септички јами. Во регионот постои само една пречистителна станица во Дојран. Од планираните активности, во завршна фаза на подготовка на техничка документација е реализацијата на пречистителна станица за Струмица и пречистителна станица за Гевгелија.

Количината на потрошена енергија во регионот е многу голема споредбено со произведените количини. Во однос на енергетскиот потенцијал, треба да се напомене дека регионот не е богат со хидро-енергетски потенцијал и е целосно зависен од електрична енергија и други енергенси. Како решение за големата енергетска зависност е искористувањето на обновливите извори на енергија (ветер, сонце и биомаса). Од искористувањето на обновливите извори на енергија веќе се во функција ветерници во општина Богданци и неколку мини централи со фото-волтаични колектори со мал инсталиран капацитет во Дојран.

### 14.1.5 Земјоделство и рурален развој

Југоисточниот плански регион има значајни предности во секторот земјоделство и рурален развој и во содејство со постоечките можности даваат основа за уште поголем и поинтензивен развој на оваа област. Југоисточниот плански регион е најголемиот и најпознат регион за производство на земјоделски производи. Неговата локација има стратегиско значање за ваков вид стопански активности: пограничен регион кој граничи со две земји членки на ЕУ, релативно добра патна инфраструктура и поврзаност во рамките на самиот регион но и со останатите делови од земјата.

Регионот поседува значителни природни ресурси кои се потребни за развој на овој сектор. Тие се: квалитетна почва, зголемени земјоделски површини, водниот потенцијал и присуството на геотермални води. Дел од овие ресурси не се најефективно искористени и тоа се пред сè капацитетите на водниот потенцијал по однос на наводнувањето и геотермалните води како чиста енергија. Во регионот постојат и доволен број на пасишта кои го овозможуваат развојот на сточарството. Пренамената на дел од пасиштата во обработливо или градежно земјиште претставуваат закана која може да го усложни и блокира развојот на оваа стопанска гранка.

Југоисточниот регион има добри климатски потенцијали за развој на земјоделството. Големиот број на сончеви денови нудат извонредни услови за развој на градинарстовто, овоштарството и лозарството. Климатските услови се погодни и за искористување на одржливите извори на енергија во насока на обезбедување на енергенси за земјоделскиот сектор. Впрочем, анализата покажа дека во регионот се започнати конкретни иницијативи за поставување на вакви постројки преку поставување на соларни и фотоволтаични системи кај некои од стопанските капацитети, а тука е воспоставената основна гасификациска мрежа која сепак има потреба од понатамошно развивање.

Земјоделскиот сектор е водечка индустриска гранка и генератор на развојот на регионот. Најголемиот број од активните деловни субјекти се во делот на примарното земјоделство и преработката на земјоделските производи. Секторот е составен и од голем број на помали

семејни земјоделски стопанства и индивидуални производители. Освен примарното земјоделско производство, во регионот се присутни и преработувачките капцитети кои се застапени пред се преку МСП кои се извозно приентирани, флексибилни и лесно приспособливи на побарувачката на пазарот. Кај дел од овие преработувачки капацитети се воведени нови, современи технологии и стандарди за производство и работа. Исто така во регионот веќе постои структура на верига на вредности преку откупно-дистрибутивни центри и агро берза, но истата има потенцијал и потреба од зајакнување. Иако сточарството е застапено во регионот, идентификувана е потребата од интегриран и стратешки пристап за негово зајакнување. Анализата укажува на потреба од воспоставување на институционална форма за организирана и активна поддршка за зголемување на конкурентноста на економските субјекти од земјоделско преработувачкиот сектор низ воспоставување на можности за здружување, организиран и заеднички настап, воведување на нови технологии и стандарди во работењето, вопоставување на квалитетна советодавна поддршка за подигнување на квалитетот на финалниот производ. Дополнително, потребна е и поддршка за примена на иновациите во секторот кои ќе влијаат на намалување на трошоците и зголемување на вредноста на производите. Идентификувана е и потребата за соработка на земјоделските стопанства и високообразовните институции заради примена на науката во развојот на модерен земјоделски сектор како и едуцирање на земјоделците за примена на нови технологии. Недостатокот на капитал за инвестиции и готови пари за финансирање на развојни проекти во земјоделскиот сектор е слаба страна, а за нејзино надминување неопходно е спроведување на мерки за олеснување на пристапот до расположливите финансиски средства како и промоција на различни форми на заедничко вложување со цел да се зголемат капацитетите и стандардите на секторот. Зајакнувањето на капцитетите за органско земјоделство и преработка на органски земјоделкски приозводи нудат голема можност во зајакнување на конкурентноста и зголемување на извозот. Потребни се мерки кои ќе влијаат на свеста на субјектите за конверзија кон ваков вид производство и организрана советодавна и финансиска поддршка за зголемување на површините на кои се одгледува органски земјоделски производ и зголемување на преработувачките капацитети. Тука предвид доаѓа и поддршката за сертификација и трансфер на know-how.

Иако земјоделскиот сектор има најголеми развојни потенцијали, регионот се соочува со диспаритети во социо-економскиот развој меѓу руралните општини и општините кои за центар имаат урбани населени места. Проблемите кои генерираат разлики се во капцитетите на човечките ресурси, пред сè во однос на претприемништвото, пониският квалитет на животен стандард и достапност на услугите како и тенденцијата на мигрирање на младото работоспособно население надвор од државата. Иселувањето на руралните подрачја е сериозна закана која пак заедно со одливот на професионална и млада работна сила претставува сериозен предизвик за развојот на секторот и регионот воопшто. Доколку се сака да се опстои на намерата за понатамошно развивање на земјоделството во регионот, потребни се активни мерки за намалувањето на миграциските процеси преку подобрување на квалитетот на живот и пристап до услугите во руралните подрачја, пред сè, подобрување на комуналната и патната инфраструктура и вложувања во развој на селата, стимулирање на претприемачкиот дух за отворање на нови бизниси и понатамошното зајакнување на капцитетите на човечките ресурси. Националните програми за земјоделство и рурален развој, ИПАРД програмата и програмите на другите министерства се сериозна можност која може да придонесе во промена на моменталната ситуација доколку стратешки се пристапи во градење на капцитети за нивно искористување.

Регионот има претежно рурален карактер и како таков нуди можности за диверсификација на руралната економија. Силните страни укажуваат на постоење на предуслови за зајакнување на активностите во оваа насока. Тука пред сè се човечките ресурси, географската поставеност на регионот и активните економски субјекти кои имаат седиште во руралните населени места. Нивното поефикасно мобилизирање може да придонесе во отворање на нови бизнис субјекти и нови работни места кои ќе имаат позитивно влијание врз квалитетот на животот и миграциските процеси. Природните и културните ресурси имаат капацитет и овозможуваат нивно искористување и за развој на неземјоделски економски активности во руралните подрачја. Руралниот туризам е еден од аспектите на таквиот можен развој.

**14.1.5 Земјоделство и рурален развој**

Состојбата со заштитата и управувањето со животната средина во Југоистичниот плански регион е релативно добра и на регионот му даваат силен предзнак за еколошки чист предел. Непостоењето на големи загадувачи во регионот овозможуваат разнообразноста на природните ресурси сè уште да биде на генерално добро ниво. Природното наследство во регионот е бројно и разновидно. Регионот е богат со шуми и подземни води, реки, природно езеро и одреден број на вештачки акумулации. Дел од подземните води се познати како води со голем капацитет на геотермална енергија. Во регионот постојат повеќе поединечни споменици на природата и природни резервати. Како најзначајни од аспект на посебноста на биодиверзитетот се одвојуваат Моноспитовското блато како единственото преостанато мочуриште во Република Македонија и Дојранското езеро кое е заштитено со Закон за езера во Република Македонија. Кон нив треба да се придодадат и водопадите во Смолари и Колешино, Моноспитовско Блато и др.. За заштитата на природното наследство и биодиверзитетот во регионот е неопходно постоење силна политичка визија на централната власт и локалните власти во регионот, интегрирани напори во дефинирање на развојно-заштитни мерки и иницијативи, соодветни финансиски средства и човечки ресурси кои имаат капацитет да ги спроведат ваквите мерки и иницијативи во конкретни проекти. Клучната слабост е идентификувана во тоа што регионот нема регионален стратешки документ за управување со животната средина што укажува на фактот дека во регионот не постои јасна и заенички утврдена визија, цели, приоритети и мерки за заштита и управување со животната средина.

Единиците на локалната самоуправа имаа надлежности во управувањето со животната средина пред се во воспоставувањето на инспекциски служби, во делот на издавање на Б интегрирани дозволи и решенија по елаборати за заштита на животната средина и изработка на ЛЕАП-и, но воедно анализата укажува на диспаритет на општинските капцитети во регионот по однос на оваа надлежност. Најголемиот дел од руралните општини немаат институционални единици за оваа надлежност што значи дека истата не се спроведува. Потребни се мерки за создавање на општински капацитети за спроведување на надлежноста доколку се сака да се изгради систем на локално ниво кој поефикасно ќе управува со животната средина. Анализата укажува дека во регионот постојат човечки ресурси во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор кои имаат одредени искуства и знаење за одржливо управување со животната средина, но исто така во идентификуваните слабости е идентификуван недостатокот од високостручни кадри кои имаат подлабоки познавања и искуство во валоризацијата и заштитата на биолошката разновидност. Во слабостите на регионот треба да се придодадат и неконтролираното испуштање отпадни материи и хемиски супстанции во водата и почвата како и големиот број диви депонии што пак може да доведе до нарушување на биодиверзитетот преку загрозување на водните ресурси, инфрастуктурните објекти, земјоделското земјиште и шумите во регионот. Во регионот не постои ефикасен регионален пристап во заштита на шумите, пред сè во делот на заштитата од пожари и свлечишта. Поради тоа е потребно дефинирање на мерки кои ќе го подобрат системот на заштита на шумите и ќе обезедат покриеност на целиот регион со систем на противпожарна заштита.

Стекнатиот имиџ на еколошки чист предел треба да се одржува и надградува бидејќи регионот е најпознат по производство на земјоделски производи и преработка на истите. Компаративните предности на регионот (поволната клима, релативно чистата животна средина, квалитетната почва, водниот потенцијал и др.) му обезбедуваат основа за понатамошен економски развој, пред сè во земјоделскиот сектор но и во делот на искористувањето на обновливите извори на енергија, туризмот и „зелената“индустрија. Во регионот постои одредено искуство и човечки ресурси пред сè во доменот на земјоделството и енергетстаката ефикасност, но и искуство во доменот екологијата и справувањето со ефектите од климатските промени. Сепак, регионот има сериозни слабости во зачувувањето на квалитетот на природното наследство пред сè поради проблемите со управувањето со цврстиот и течниот отпад. Регионот сè уште се соочува со предизвикот за регионално решавање на проблемот со собирање и третман на цврстиот отпад. Ворегионот се уште не постои регионална депонија и инфраструктуа за третман на отпадот како ни изграден регионален систем за депонирање и третман на мрши и конфискати од стока. Исто така во регионот постои мал број на прочистителни станици на отпадни води, дел од системот за водоснабдување е застарен, а системот за одводна и атмосферска канализација не го покрива целиот регион. Голем дел од селата не се дел од ваквиот систем. Потребни се мерки за изработка на техничка документација и изградба на системи за третман на различните видови на отпад кои ќе функционираат согласно стандардите кои ги пропишува релевантаната законска рамка. Идентификуваните можности укажуваат на поволности во искористувањето на придобивките од ИПА фондовите и националните фондови.

Климатските фактори во регионот обезбедуваат солидни услови за поефикасно искористување на алтернативните извори на енергија. Регионот има изработено Студија за искористувањето на

обновливите извори на енергија која дава проценка на капацитетите на регионот и препораки за воспоставување развојни активности за поефикасно искористување на овие ресурси. Студијата дава информации дека регионот е релативно ветровит што овозможува услови за изградба на ветерници за производство на електрична енергија. Исто така, го потврдува и фактот за големиот број на сончеви денови во текот на годината што пак обезбедува услови за искористување на сончевата енергија за греење и производство на електрична енергија. Анализата идентификува и одредено регионално искуство во подобрување на енергетската ефикасност на објектите кои се во сопственост и се управувани од чинителите на јавниот сектор. Во овој дел постои јаз во реализираните активности и тука предничат општините кои имаат центар во урбаните населени места. Анализата утврдува и недоволен регионален и локален капацитет на стимулации за користење на обновлива енергија (сонце, ветар, биомаса). За подобрување на состојбата во овој домен, потребно е дефинирање на мерки кои ќе ја зголемат свесноста и едукацијата на граѓаните и субјектите за придобивките од искористувањето на обновливите извори на енергија и ефектите врз квалитетот и стандардот на живеење, како и мерки кои ќе ја стимулираат зголемената употреба на овој вид на енергија преку инсталирање на технологија за производство на топлинска и електрична енергија.

Климатските промени се едни од главните закани за социо-економскиот живот на регионот. Според научните предвидувања и анализи на научниците, Југоисточниот регион ќе биде најпогодениот регион во државата од ефектот на климатските промени. Во силните страни е идентификувано дека за регионот има изработена Студија за ефектите од климатските промени во земјоделството и со тоа е направен првиот чекор во преземањето мерки за митигација на овие ефекти. Студијата дава информација за сериозните ефекти на климатските промени врз земјоделскиот сектор и дава одредени препораки за справување со овие штетни дејства. Во слабостите на регионот е идентификуван застарениот и слаб капцитет на ситемите за наводнување како и на системите за акумулирање на вода. Во регионот исто така не постои инфрастуктура за одвод и складирање на поројните дождови ниту пак систем за анализа и предвидување на можни свлечишта како резултата на временски неприлики. Во овој контекст потребни се мерки кои ќе овозможат изработка на студии за ефектите од климатските промени и во другите сегменти од општественото и економското живеење на регионот и преземање на активности согасно препораките на ваквите студии како и изработка на документација и изградба на инфраструктура за подобрување на управувањето со водните ресурси и справување со временски непогоди како и мерки за едукација на населението за ефектите на климатските промени.



# 15. ВИЗИЈА И МИСИЈА НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

## *ВИЗИЈА*

Југоисточниот регион до 2019 година ќе биде привлечно место за живеење, двигател на сопствениот одржлив развој, со задоволни и мотивирани граѓани, препознатливи производи со додадена вредност, посакувана дестинација со препознатливи особености и културно – историски вредности

## *МИСИЈА*

Одржлив развој на Југоисточниот регион преку оптимално користење на ресурсите, функционални институции за пристап до услуги, инвестиции, иновативност и конкурентност за подобрување на условите за работа и живот во регионот.

# 16. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ – ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ

## *16.1 Стратешка цел 1 – Поттикнување на економски раст во регионот*

Во согласност со компаративните предности на регионот, резултатите од извршените анализи и севкупните потреби на регионот, прва стратешка цел во Програмата дефинирана за периодот 2015 – 2019 година е **Поттикнување на економскиот раст.**

Југоисточниот регион има значајни предности како што се добра географска положба, близина со две земји членки на Европската Унија (Р.Грција и Р. Бугарија), одлични климатски услови за производство на раноградинарски култури, голем број на активни деловни субјекти, извозно ориентирана преработувачка индустрија, богатство на минералните суровини и голем број на индуструски зони. Од друга страна во регионот има слаба институционална поддршка на бизнис секторот, лоша патна инфраструктура и недостаток на капитал за финансирање на развојни проекти на бизнис заедницата.

Од макроекономски аспект, стапката на БДП на регионот бележи континуиран раст, но инвестициите во основни средства се многу ниски, извозот се намалува, бруто додадената вредност на земјоделскиот сектор е исто така со тенденција на намалување, а бројот на претпријатијата кои работат во овој сектор е намален.

Неопходно е преземање на мерки за искористување на компаративните предности на регионот и поттикување на економскиот раст. Остварувањето на оваа комплексна цел ќе се постигне преку следните приоритети:

Приоритет 1.1: Институционална поддршка на бизнис секторот и зајакнување на капацитетите на малите и средните претпријатија;

Приоритет 2.1: Промоција на регионот и привлекување на инвестиции;

Приоритет 3.1: Зголемување на извозот и подобрување на конкурентноста на извозно ориентираните претпријатија.

**Показатели за следење на остварувањето на стратешка цел:**

| Р.бр. | Показатели | Вредност во базна година | Вредност во 2019 |
|---|---|---|---|
| 1. | Бруто домашен производ во Југоисточниот регион; | 42.261 | 48.000 |
| 2. | Бруто домашен производ во Југоисточниот регион по жител; | 244.207 | 265.000 |
| 3. | Процент на учество во вкупниот БДП на Република Македонија; | 9.21 % | 9.8% |
| 4. | Бруто додадена вредност во земјоделството; | 12.515 | 14.500 |

**Приоритет 1.1: Институционална поддршка на бизнис секторот и зајакнување на капацитетите на малите и средните претпријатија**

За поттикнувањето на развојот и растот на економијата на регионот, од особено значење е воспоставувањето на институционална поддршка, односно определување на форми на соработка помеѓу јавниот и бизнис секторот, дефинирање на услуги за поддршка на бизнис секторот, обезбедување на финансиска и советодавна поддршка на претпријатијата, и поттикнување на претприемништвото.

Постојните и новите институции за поддршка на бизнис секторот во регионот треба да обезбедат пакет на услуги за зајакнување на капацитетите на малите и средни претпријатија, размена и ширење на информации и зголемување на довербата помеѓу јавниот и приватниот сектор.

**Овој приоритет ги содржи следните мерки:**

1.1.1 Воспоставување на функционален и оперативен Регионален Бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија

1.1.2 Изградба на технолошки парк и формирање на бизнис инкубатори за млади претприемачи

1.1.3 Подобрување на конкурентноста на малите и средни претпријатија преку вмрежување и формирање на кластери

1.1.4 Градење на капацитетите на малите и средни претпријатија и институциите одговорни за поддршка на бизнисот за искористување на европските и меѓународни фондови

1.1.5 Поттикнување на иновативноста кај претпријатијата и создавање на економија базирана на знаење

1.1.6 Поттикнување на претприемништвото кај млади и жени

1.1.7 Поттикнување на општествената одговорност на бизнис секторот

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Одржани средби со бизнис заедницатаи број на претпријатија учесници;<br>• Број на барани и број на реализирани советодавни услуги за МСП;<br>• Изграден технолошки парк;<br>• Број на формирани кластери;<br>• Број на спроведени обуки/обучени поединци;<br>• Број на поднесени и одобрени апликации за проекти финансирани од ИПАРД;<br>• Вредност на одобрените проекти финансирани од ИПАРД;<br>• Вредност на одобрени сретства од други фондови;<br>• Број на претпријатија кои донирале во општеството; | • Број на регистрирани нови претпријатија;<br>• Број на регистрирани иновации;<br>• Број на претпријатија корисници на услугите на регионалниот бизнис центар;<br>• Број на претпријатија кои работат во технолошкиот парк; |

**Приоритет 1.2: Промоција на регионот и привлекување на инвестиции**

За континуиран раст на економијата на регионот неопходно е зголемување на домашните и странски инвестиции во сите сектори, а особено во секторите во кои регионот има компаративни предности. Во регионот постои основа за привлекување на инвестиции бидејќи има сопствена суровинска база и солиден број на индустриски зони. Потребно е и да се преземат активности за изградба на комплетна инфраструктура во постоечките индустриските зони, но и промоција на компаративните предности на регионот пред потенцијалните инвеститори.

Вклучувањето на дијаспората и економските промотори се можности за зголемување на нивото на инвестициите во сите сектори, а особено во преработувачката индустрија. Поттикувањето на инвестициите во обновливите извори на енергија ќе го поттикне развојот и ќе ја зголеми конкурентноста на компаниите.

Во рамките на овој приоритет се подвлекува важноста од спроведување на активности во следните мерки:

1.2.1 Промоција на регионот и вклучување на дијаспората



1.2.2 Креирање интерактивна база на слободни парцели и неискористени индустриски објекти во регионот

1.2.3 Изработка на комплетна техничка документација за капитални инфраструктурни проекти

1.2.4 Изградба на гасоводна инфраструктура

1.2.5 Изградба на инфраструктура во постоечките идустриски зони

1.2.6 Привлекување на инвестиции во преработувачката индустрија

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Број на учества на саемски манифестации во земјата и странство;<br>• Број на состаноци со дијаспората;<br>• Број на подготвени капитални проекти; | • Обем на инвестиции во основни средства;<br>• Број на новосоздадени претпријатија во индустриските зони;<br>• Должина на изградена фекална и атмосферска канализација во индустриските зони (во km);<br>• Должина на асфалтирани патишта во индустриските зони;<br>• Должина на изградена гасоводна мрежа (во km);<br>• Број на претпријатија приклучени на гасоводната мрежа;<br>• Број на новоотворени капацитети од областа на преработувачката индустрија; |

**Приоритет 1.3: Зголемување на извозот и подобрување на конкурентноста на извозно ориентираните претпријатија**

Еден од најзначајните показатели за конкурентноста на регионот е неговиот извозен потенцијал. Приоритетен сектор со најголем извозен потенцијал на регионот е земјоделството. Југоисточниот регион создава безмалку една третина од вкупната бруто додадена вредност на секторот земјоделство, шумарство и рибарство. Во изминатиот период иако повеќератно се зголемени инвестициите во основни средства во земјоделството, бруто додадена вредност на секторот е намалена, а извозот е со континуиран тренд на опаѓање. Императив за регионот е спречување на овие состојби

Овој приоритет има за цел поддршка на извозот и олеснување на пристапот до странските пазари на извозно ориентираните претпријатија, со цел креирање конкурентна економијата и зголемување на конкурентските предности на регионот.

**Реализацијата на овој приоритет подразбира преземање на низа мерки и активности за поттикнување на извозната насоченост на бизнисите како што се:**

1.3.1 Анализа на извозни пазари и креирање на база на податоци за производство наменето за извоз

1.3.2 Брендирање на извозни производи и нивна промоција на таргетирани регионални и меѓународни пазари

1.3.3 Потикнување и поддршка за имплементација на стандарди кај извозно ориентираните претпријатија

1.3.4 Поддршка за воведување на нови технологии кај извозно ориентираните претпријатија

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Број на изготвени студии и анализи;<br>• Број на заштитени брендови и производи со географско потекло;<br>• Број на спроведени проекти за воведување на стандарди;<br>• Број на претпријатија со воведени стандарди;<br>• Број на претпријатија што воведе нова технологија. | • Обем на извозот во регионот;<br>• Број на извозно ориентирани субјекти; |

## *16.2 Стратешка цел 2 – Одржлив развој на туризмот и културата*

Југоисточниот плански регион има големи туристички потенцијали и креирана туристичка понуда од различни видови на туризам. Потенцијалите се основа, но сами по себе не се доволни за привлекување на домашни и странски туристи. За туризмот има значаен удел во економскиот развој на регионот неопходно е континуирано инвестирање во туристичката инфраструктура, подобра презентација на туристичката понуда и зајакнување на капацитетите на човечките ресурси. Само преку овој концепт ќе се постине одржлив развој кој во суштина значи постепено и сигурно развивање на туризмот и културата во рамките на реалните можности и услови што се нудат во определен временски период.

Одржливиот развој на туризмот и културата како стратешка цел значи искористување на потенцијалите на регионот, искористување на можностите, но и одржување на рамнотежа помеѓу економските, еколошките и севкупните општествени потреби на регионот. Овој концепт е долгорочен и сигурен, базиран на соработка помеѓу сите чинители со намера да создаде трајни вредности кои ќе овозможат задоволување на специфичните барања на туристите и креирање на услови за подобра продажба на туристичкиот производ.

Стратешката цел ќе се реализира преку следните приоритети:

Приоритет 2.1: Развој на туристичка и културна инфраструктура

Приоритет 2.2: Интегрирање на туристичката понуда и промоција на туристичката дестинација

Приоритет 2.3: Развој и вмрежување на човечките ресурси

**Показатели за следење на остварувањето на стратешка цел:**

| Р.бр. | Показатели | Вредност во 2013 година | Вредност во 2019 |
|---|---|---|---|
| 1. | Број на туристи; | 109.982 | 135.000 |
| 2. | Број на ноќевања; | 327.279 | 410.000 |
| 3. | Број на соби; | 2.346 | 2.700 |
| 4. | Број на легла; | 6.298 | 7.000 |
| 5. | Просечно времетраење на престојот на туристите. | 2,97 | 3,03 |

**Приоритет 2.1: Развој на туристичка и културна инфраструктура**

Инфраструктурата е утврдена како една од главните пречки за поголем развој на туризмот во регионот. Иако географската поставеност на регионот е добра и низ него поминуваат важни патни правци (автопат А1 и магистралниот пат А4) и три гранични премини (Богородица, Дојран и Ново Село) сепак туристичката инфраструктура е на пониско ниво во однос на европските стандарди. Други пречки поврзани со инфраструктурата се недоволната грижа за културно – историските објекти, дивите депонии во близина на туристичките локалитети, лошата комунална инфраструктура во рурални средини и слабата туристичка сигнализација која не нуди доволно информации и знаци за туристичките локалитети во регионот. Овој приоритет има за цел надминување на слабите страни и искористување на сите можности кои ги има регионот за подобрување на туристичката и културната инфраструктура и тоа:

Изградбата на делницата Демир Капија – Смоквица од автопатот А1 ќе ја подобри поврзаноста на регионот, но и ќе создаде можност за развој на транзитниот туризам бидејќи оваа е главна државна артерија (коридор север – југ) преку која транзитират огромен број на патници чиј што број е во постојан пораст;

Искористување на други можности за развој и подобрување на патната инфраструктура до природните и културните локалитети (европски и меѓународни фондови, државни и општински буџети, фондови за развој на селата и подрачјата со специфични развојни потреби).

Поголеми заложби за заштита на културното наследство и спроведување на повеќе активности за конзервација, реставрација и реконструкција на културно-историските споменици.

Вложување во развој на нови туристички атракции (панорамски трамваи, етно села и др.), ќе влијае позитивно врз развојот на културниот и црковниот туризам. Освен стандардните начини за финансирање на инвестициите од оваа област се појавува и можноста за создавање на партнерства помеѓу јавниот и приватниот сектор и формирање на модел за одржлив развој на туризмот во регионот.

**Овој приоритет ги содржи следните мерки:**

2.1.1 Подобрување на туристичката инфраструктура и сигнализација

2.1.2 Развој на туристички атракции, услуги и капацитети

2.1.3 Заштита на природното и културното наследство

2.1.4 Развој и уредување на туристички зони

2.1.5 Подобрување на инфрастуктурните услови во подрачјата со специфични развојни потреби и селата

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Должина на мапирани пешачки патеки (во km);<br>• Должина на мапирани и изградени велосипедски патеки (во km);<br>• Број на создадени туристички атракции;<br>• Број и капацитет на новоотворените сместувачки капацитети;<br>• Број на реновирани сместувачки капацитети;<br>• Број на уредени културно историски знаменитости;<br>• Број/Вредност на спроведени проекти во подрачјата со специфични развојни потреби;<br>• Број/Вредност на спроведени проекти за развој на селата. | • Должина на изградени и реконструирани пристапни патишта до туристичките дестинации (во km);<br>• Број на уредени туристички локалитети;<br>• Број на поставени знаци и инфо табли;<br>• Вредност на инвестираните средства во проекти за подобрување на туристичката инфраструктура; |

**Приоритет 2.2: Интегрирање на туристичката понуда и промоција на туристичката дестинација**

Одржливиот туризам претпоставува валоризација на компаративните предности што ги има регионот и креирање на квалитетна и иновативна туристичка понуда, прилагодена на современиот туристички пазар. Токму затоа богатата понуда на туристички производи од различни видови на туризам е значаен потенцијал за развој на туристичката дестинација Југоисток, но неопходно е нејзино интегрирање и создавање на неколку туристички пакети за посета на Југоисточниот регион. Исто така неопходно е и зајакнување на инфраструктурата за поддршка и промоција на туризмот претставена преку туристичките информативни центри и мултимедијалните центри за промоција на туризмот. Нивна задача е да обезбедат информации за туристичките атракции во регионот, туристичките тури и екскурзии, туристичките водичи, информации за сместување во хотели и приватни куќи, информации за угостителските објекти, можностите за изнајмување на велосипед, автомобил, и друго.

Туристичките информативни центри треба да располагаат со мапи, водичи, разгледници, сувенири и друг промотивен материјал. Ваквиот концепт ќе овозможи подобрување и унифицирање на презентацијата на културното – историско богатство, со што туристите ќе добијат јасна слика за историјата на регионот, која ќе ја понесат со себе. Дополнителните потенцијали со кои располага регионот треба да ја надополнат основната туристичка понуда и да придонесат за зголемување на времетраењето на посетите во регионот. Формирањето на тело/организација за управување со туристичката дестинација ќе создаде долгорочни позитивни трендови во областа на туризмот.

**Во рамките на овој приоритет ќе се спроведат следните мерки:**

2.2.1 Воспоставување на функционални и оперативни туристички инфо центри и мултимедијални центри за промоција на туризмот

2.2.2 Вмрежување на туристичките субјекти и формирање на организација за управување со туристичката дестинација

2.2.3 Интегрирање на културните и спортските настани во туристичката понуда на регионот

2.2.4 Брендирање и промоција на туристичката дестинација

2.2.5 Промоција и поддршка на различни видови на туризам

2.2.6 Категоризација и стандардизација на сместувачки капацитети и угостителски објекти

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Формирано тело за управување со туристичката дестинација;<br>• Број на вмрежени туристички субјекти;<br>• Создаден препознатлив бренд за регионот;<br>• Креирана туристичка понуда на регионот;<br>• Број/Вредност на спроведени проекти за развој на различни видови на туризам;<br>• Број на испечатен промотивен материјал. | • Број на функционални туристички инфо центри<br>• Број на мултимедијални центри за промоција на туризмот;<br>• Број на саеми на кои е презентирана туристичката дестинација;<br>• Број на категоризирани угостителски објекти; |

**Приоритет 2.3: Развој и вмрежување на човечките ресурси**

Во регионот егзистираат голем број на угостителски објекти, а жителите се познати по својата гостопримливост. За реализација на амбициозните заложби основен предуслов е зајакнување на капацитетите на кадрите во туристичко – угостителскиот сектор. Неопходно е елиминирање на утврдените слаби страни во СВОТ анализата (недостаток на мотивација кај младите лица за работа во туристичко – угостителскиот сектор, мал број на лиценцирани туристички и планинарски водичи и отсуство на соработка помеѓу субјектите од областа на образовнието, културата и туризмот) и искористување на сите можности кои стојат на располагање и тоа: искористување на средства од европски и меѓународни фондови, идентификување на потребите од работна сила, обука, преквалификација и усовршување на кадри, создавање на партнерски однос помеѓу сите засегнати страни, спроведување на кампањи за мотивација и друго.

Реализацијата на овој приоритет подразбира преземање на низа конкретни мерки и активности за:

2.3.1 Едукација на кадрите во туристичко - угостителскиот сектор;

2.3.2 Зголемување на мотивацијата за работа во туристичкиот сектор кај младите лица;

2.3.3 Подобрување на соработката помеѓу културните, образовните институции и туристичкиот сектор;

2.3.4 Градење на капацитети на кадрите од туристичко - угостителскиот сектор за поголема искористеност на средствата од европските и други меѓународни фондови;

2.3.5 Подобрување на прекуграничната и меѓународната културна соработка;

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Број на спроведени обуки;<br>• Број на обучени лица;<br>• Број на спроведени кампањи за мотивирање на младите за работа во туристичкиот сектор;<br>• Број на поднесени и одобрени апликации за проекти финансирани од ИПАРД;<br>• Вредност на одобрените проекти финансирани од ИПАРД;<br>• Број на поднесени и одобрени апликации за проекти финансирани од други фондови;<br>• Остварена културна соработка на регионот со други региони во странство | • Број на вработени лица во туристичкиот сектор;<br>• Број на лица запишани во средно специјализирано туристичко образование;<br>• Број на лица запишани на факултети од областа на туризмот;<br>• Број на лиценцирани туристички и планинарски водичи; |

### *16.3 Стратешка цел 3 – Социјална и економска сигурност во регионот*

Во согласност со извршените анализи и резултатот од стратешките алатки добиени од работата на засегнатите страни (PEST и SWOT анализите), компаративните предности и потребите на регионот во однос на социјалната сфера и образованието, трета стратешка цел треба да обезбеди социјална и економска сигурност во Југоисточниот плански регион.

Освен добрата гео-стратешка положба, близина со две земја членки на Европската Унија (Р.Грција и Р. Бугарија) како позитивни надворешни фактори се: успешното одвивање на процесот на децентрализација, позитивните законски регулативи и нивното усогласување со европското законодавство, позитивниот тренд на БДП, постоењето на солидна социјална инфраструктура и иако мал, позитивниот природен прираст во регионот.

Како негативни се: зголемувањето на јавниот долг, нагорен тренд на сиромаштијата, миграцијата (надвор од регионот и државата) неповолните услови за згрижување стари лица, зголемување на "спектарот" на социјално ранливи категории и недоволниот капацитет за згрижување деца (до 5 годишна возраст).

Флексибилноста, иновативноста и ефтината работна сила, поволната инфраструктура за интернет и информатика, добрата меѓуопштинска соработка и соработката со социјалните центри треба

да ги елиминират недоволните финансиски средства за социјална политика и образование, недоволната соработка – институционална и вон-институционална за образование на возасни (преквалификација и доквалификација), недоволната опременост на ушилиштата со нагледни средства и помагала, недоволно стручен кадар за одредени дејности, несоодветниот баланс помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на труд и зголемувањетот на бројот на лица кон праг от на сиромаштијата (иако регионот има најмал процент на приматели на социјална помош).

Како закани на регионот се гледа на миграцијата на млади и образувани лица, намалувањето на бројот на ученици и влијанието на климатските промени.

Во однос на параметрите од социјалната сфера позитивниот тренд на активно населени, најголемата вработеност и најмалата невработеност како во однос на другите региони, така и на национално ниво треба да се задржат.

Неопходно е преземање на мерки за искористување на компаративните предности на регионот и подобрување на социјалните услови и создавање услови за образование според потребите на пазарот на труд.

Истото ќе биде постигнато преку следните приоритети:

Приоритет 3.1: Поврзување и меѓусебна координација помеѓу образовните институции и бизнис секторот.

Приоритет 3.2:Подобрување на условите за живот заради намалување на миграционите процеси во регионот.

Приоритет 3.3: Подобрување на условите за живот на маргинализираните категории на граѓани и ранливите групи.

Приоритет 3.4: Промовирање на спортот, создавање натпреварувачки дух и воспоставување систем на натпреварување кај младата популација

Приоритет 3.5: Развој на човечки ресурси и практикување на родова сензибилност

**Показатели за следење на остварувањето на стратешка цел:**

| Р.број | Показатели | Вредност во базна година | Посакувана вредност во 2019 |
|---|---|---|---|
| 1. | Намален број корисници на социјална помош | 1.702 | 10% намален број на корисници на соц. помош |
| 2. | Намален број на невработни | 18,8% | 17% невработени на ниво на регион |
| 3. | Зголемен % на вработени (од активните баратели) | 56,8 | 1% годишно зголемување во период 2015-2019 |
| 4. | Зголемен број на вработени лица со посебни потреби | н.п. | 10% од вкупниот број лица со посебни потреби |
| 5. | Број на згрижени деца во установи за згрижување | 2.473 | 1% годишно зголемување во период 2015-2019 |
| 6. | Број на изградени живеалишта за домување | 59.499 | 1% годишно зголемување во период 2015-2019 |
| 7. | Капацитети за згрижување на стари и изнемоштени лица | 0 | 1 установа за згрижување стари и изнемоштени лица |
| 8. | Број на регистрирани клубови и спортисти | н.п | Регистрирани и активни 50% од спортистите во клубови и здруженија<br>5% учествувале на турнири, лиги и меѓународни средби |



**Приоритет 3.1: Поврзување и меѓусебна координација помеѓу образовните институции и бизнис секторот.**

Приоритетот има за цел создавање синергија помеѓу образовните институции и бизнис секторот заради продуцирање работна сила според потребите на пазарот на труд. Флексибилност и иновативноста на работната сила треба да овозможи исполнување на овој приоритет и запазување на позитивниот тренд на вработување и намалување на процентот на невработеност. Исто така, посебно внимание е насочено кон стручното образование и професионалната ориентација, како и промовирање на претприемништвото особено кај лицата со високо образование (и зголемување на нивниот број).

Подобрувањето на вработливоста со преквалификација и доквалификација преку зајакнувањето на капацитетите на средните училишта треба да го следи трендот на побарување на одредени струки и продуцирање соодветна работна сила. Образованието на возрасни, како и остантите форми на неформално образование со планираните мерки треба да ги подобрат капацитетите за создавање "вработлива" работна сила, бидејќи досегашните искуства ги дадоа резултатите кои се видливи и од направената анализа.

Подобрувањето на инфраструктурните и работните условите во воспитно-образовните институции ќе овозможи соодветни услови за исполнување на приоритетот, поголемо практично усовршување на учениците пред излегување на пазарот на труд и создавање на активна синергија помеѓу образовните институции и реалниот сектор во креирањето работна сила според потребите.

Приоритетот треба да создаде услови на задржување на трендот на вработувањето, односно намалување на невработеноста како еден од проблемите на регионално и национално ниво.

Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:

3.1.1 Промоција на стручното образование и професионална ориентација преку соработка и директно учество на бизнис секторот - трансфер на практични знаења од бизнис секторот во образовните институции.

3.1.2 Институционално зајакнување на капацитетите во средните училишта за преквалификација и доквалификација за создавање работна сила според потребите на пазарот на труд.

3.1.3 Подобрување на инфраструктурните и работните условите во воспитно-образовните институции.

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Креирани курикулуми и паралелки според потребите на реалниот сектор (стручни и професионална ориентација)<br>• Заеднички иницијативи на образовните институции и бизнис секторот (промоции, предавања, споделување практични искуства)<br>• Број на отворени и функционални центри според барањата и потребите на бизнис секторот<br>• Опремени кабинети, простори за практична настава, количина на набавени нагледни средства и опрема | • Број на нови паралелки (според потребите и барањата на бизнис секторот)<br>• Број на ученици запишани и завршени во тие паралелки<br>• Број на заеднички програми во кои учествува бизнис секторот<br>• Создадени услови за синергија преку број на отворени и функционални центри според барањата и потребите на бизнис секторот<br>• Број на училишта кои ги задоволуват условите/стандардите за следење настава (изградени и реновирани училници/кабинети, набавени нагледни средства и опрема) |

**Приоритет 3.2: Подобрување на условите за живот заради намалување на миграционите процеси во регионот**

Иако според статистичките податоци бројот на миграции нема значителен тренд, сепак приоритет е задржување на популацијата во руралните средини и промовирањето на предностите (плодна почва, климатски услови, здрава животна средина). Создавањето услови, особено во руралните подрачја е цел на вториот приоритет од оваа цел.

Намалувањето на миграцијата (надворешна и надвор од регионот) преку создавање услови за развој на руралните средини треба да овозможи континуиран развој и да придонесе кон социјалната сигурност на населението.

Згрижувањето на деца со фокус во руралните подрачја е проблем констатиран при изготвувањето на стратешките алатки на работните групи. Создавањето услови за згрижување деца (до 5 год. возраст) ќе овозможат поголема активност на работоспособнот население и зголемување на економските активности во руралните подрачја.

Промоција и поддршка со финансиски и нефинансиски услуги треба во голема мерка да придонесе во започнување иницијативи за бизнис и економски раст во регионот.

Подобрувањето на условите во примарната здравствена заштита треба да доведе до здраво работоспособно население и намалување на трошоците на населението при користењето на здравствените услови (патувања во урбаните центри) и создавање пристојни услови за живеење во руралните средини и средините погодени од миграциски движења.

Елемнтарните непогоди и штетите настанати од штетници и инсекти треба да ги подобрат генерално условите на живеење во регионот, да ги намалат можните штети и преку сензитација да ги сведат на минимум опасностите кои се појавуваат заради човечки фактор но и опасности од природен карактер кои не се предвидливи.

Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:

3.2.1  Промоција на предностите за живеење во руралните средини.

3.2.2 Подобрување на условите за згрижување деца од предшколска возраст (сензитација на население, изградба, реконструкција и опремување).

3.2.3 Промовирање на финансиски и нефинансиски услуги и можности за подобрување на животниот стандард.

3.2.4 Подобрување на  условите за примарна здравстена заштита во населените места погодени со миграциони движења.

3.2.5 Сензитација и заштита на населението од елементарни непогоди, штетници и инсекти.

Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Број на промотивни настани во руралните средини<br>• Број на започнати градби на живеалишта за домување во руралните средини<br>• Нови капацитети за згрижување на деца<br>• Број на деца згрижени во градинки во руралните средини | • Број на лица кои мигрирале (иселиле) надвор од ЈИ регион<br>• Број на лица кои мигрирале внатре во ЈИ регион “село – град“ – “град – село“<br>• Број на новоизградени живеалишта/ објекти за домување<br>• Број на продадени живеалишта/ објекти за домување<br>• Подобрени услови за згрижување на деца (до 5 год.) во установи за згрижување<br>• Број/капацитет за згрижување стари лица<br>• Број на обуки/ настани<br>• Број на обучени лица |



**Приоритет 3.3: Подобрување на условите за живот на старите лица, маргинализираните категории на граѓани и ранливите групи**

Приоритетот има за цел подобрување на условите на старите и маргинализираните граѓани и ранливите категории.

Поголем дел од овие категории граѓани не можат или не знаат да ги остварат своите загарантирани права иако за тоа ги исполнуваат сите законски услови. Институционалната поддршка треба да овозможи подобрен пристап до услугите преку правни совети, стручни и консултантски совети.

Преку промотивни настани, обуки и стекнувања практични искуства (преквалификации и доквалификации) треба да се доведат лицата од маргинализираните и ранливи категории до пристојно ниво во задоволување на своите потреби и закосннките права. Организирањето информативни и промотивни настани за активности и мерки наменети за оваа категроија на граѓани и мотивирање на сите засегнати страни за искористување на веќе достапните активни мерки (бенефиции и субвенции за фирми за вработување лица со посебни потреби). Креирањето дополнителни мерки на регионално ниво треба да ја подобри состојбата на маргинализираните и ранливите категории.

Приоритетот треба да создаде подобри услови и за старите и изнемоштени како посебна категорија граѓани. Регионот на своја територија нема ниту еден објект за згрижување на стари и изнемоштени лица. Непостоењето специјализирана установа за згрижување на стари лица во одреден број случаи ја обременува финансиски состојбата на семејствата кои се грижат за стари лица, но во исто време ја зголемува старосната зависност (41,1) и ја намалува можноста за поголема економска активност на лицата и семејствата кои се грижат за стари и изнемоштени лица без добивање соодветни услуги или финансиска поддршка.

Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:

3.3.1 Институционална поддршка на маргинализираните и ранливи категории (вклучувајќи лица со посебни потреби) и правните субјекти  за остварување на загарантираните права

3.3.2 Обезбедување услови за квалификација,  доквалификација и вработување на лица корисници на социјална помош,  маргинализирани категории граѓани и ранливи групи

3.3.3 Подигнување на јавната свест  за прифаќање на маргинализираните групи граѓани и лицата со посебни потреби

3.3.4 Анализа и креирање база на податоци за моменталната состојба и воспоставување дополнителни услуги за  стари и изнемоштени лица

3.3.5 Изградба на капацитети за згрижување на стари и изнемоштени лица

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Број на обуки и промотивни настани за квалификација и доквалификација на лица од маргинализираните категории на луѓе и ранливите групи<br>• Број на иницијативи за вработување лица од маргинализираните категории на луѓе и ранливите групи (огласи, совети, други услуги)<br>• Креирана база за стари и изнемоштени лица<br>• Изградени капацитети за згрижување на стари лица<br>• Број на стари лица кои побарале и добиле соодветна услуга<br>• Број на стари лица згрижени во установи за згрижување<br>• Број на поднесени барања за згрижување на деца во згрижувачки семејства | • Број на квалификувани и доквалификувани лица од маргинализираните категории на луѓе и ранливите групи<br>• Број на вработени лица од маргинализираните категории на луѓе и ранливите групи<br>• Број на фирми кои вработиле лица од маргинализираните категории на луѓе и ранливите групи<br>• Број на лица во базата за стари и изнемоштени лица<br>• Број/капацитет на домови за стари лица<br>• Број/капацитет на дневни центри за стари и изнемоштени лица<br>• Број на згрижувачки семејства (деца без родители и род. грижа)<br>• Број на деца згрижени во згрижувачки семејства |

**Приоритет 3.4: Промовирање на спортот, создавање натпреварувачки дух и воспоставување систем на натпреварување кај младата популација**

Приоритетот има за цел подобрување на условите за рекреативно и професионално практикување на спортот кај младата популација (основно и средно образование).

Освен што преку овој приоритет ќе се придонесе кон формирањето здрава млада популација, истите ќе овозможат елиминирање и превенција од болести на зависност, намалување на социо-патолошките појави и превенција од современи болести.

Преку мерките за создавање спортски напреварувачки дух кај младите ќе се овозможи создавање на услови за компетитивност не само во спортот туку и во севкупното живеење на младите. Создавање претприемнички дух, градење кариера и успех во работата.

Создавањето системи за напреварување (лиги, турнири и други напревари) ќе создаде институционална рамка за организиран пристап во спортувањето. Реализацијата преку основните и средните училишта ќе овозможи одржливост и континуирано унапредување на спортот и спортското натпреварување.

Приоритетот треба да го поддржи создавањето услови за спортување преку градење физички капацитети (сали, игралишта, опрема и сл.) како и поддршка на спортот и спортските настани преку промотивни активности.

Освен создавањето здрава млада популација, спортските настани можат да ја направат синергијата со другите сектори пр. економија, социјална политика (вклучување и поддршка на маргинализирани лица и лица со посебни потреби). Преку спортските настани може да се инволвира бизнис секторот со јавно-приватно партнерство и да придонесе во подобрувањето на условите на живеење преку создавање услови за економска активност и зголемување на животниот стандард на населението.

Иако според институционалната рамка територијата која е цел на планските региони е на локално (општинско) и регионално ниво, развојот може да се овозможи и преку меѓународна промоција на регионот преку спортски настани и случувања (проекти за прекугранична и транс-национална соработка).

Исполнувањето на овој приоритет и создавањето синергијата со останатите сектори и приоритети ќе овозможи создавање посеопфатни услови за економски и целокупен развој на регионот.

Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:

3.4.1 Подобрување на условите за спортување за младите

3.4.2 Воспоставување систем на натпреварување, систем на наградување базиран на резултати (групни и индивидуални спортови) во основните и средните училишта

3.4.3 Поддршка и промоција на спортот локално, регионално и меѓународно ниво

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Број на иницијативи за регистрација спортски клубови, спортски школи<br>• Новоизградени сали, игралишта, набавена опрема<br>• Организирани и реализирани турнири, лиги и меморијални спортски настани<br>• Регистрирани и пријавени млади лица за учество на турнири, спортски лиги, меморијални спортски настани | • Број на отворени спортски школи/центри<br>• Број на новоизградени спортски објекти<br>• Број на лиги/турнири организирани во регионот<br>• Број на ученици на натпревари/турнири во регионот<br>• Број на ученици на натпревари/турнири надвор од регионот |



**Приоритет 3.5: Развој на човечки ресурси и практикување на родова сензибилност**

Приоритетот има за цел зајакнување на човечките ресурси како на институционално ниво (општини и Центар за развој на Југоисточен плански регион) во создавањето услови за вработување и самовработување, поголемо инволвирање на граѓанскиот сектор, како и поголемо учество на жените во процесите на управување и одлучување.

Освен образовните институции кои “по службена должност“ имаат право и обврска во образувањето и создавањето работна сила, приоритот треба да создаде услови за директно вклучување на другите институции на локално и регионално ниво за институционално и за вонинституционално подобрување на вработливоста. Фактот дека бројот на дипломирани студенти е најмал во однос на останатите региони, треба да ги мотивира институциите и останатите засегнати страни во изнаоѓање решенија за создавање конкурентна и флексибилна работна сила подготвена на предизвиците и потребите на пазарот на труд

Зајакнувањето на капацитетите на локалните самоуправи и регионалните тела (Центрите за развој на планските региони, инкубаторите и бизнис центрите за поддршка на МСП) треба да го прошират спектарот на поддршка заради создавање работна сила со знаења и вештини кои се бараат на пазарот на труд. Иако регионот има поволни параметри во однос на активност на населението, степен на вработеност и процент на невработеност, сепак одредени показатели бележат пораст (иако најмал процентот на невработенсот има континуиран раст во последните три години од анализираниот период).

Помовирањето на настани, активни мерки (постоечки и создавање на нови) треба да го олесни пристапот до информации и до услуги на засегнатите страни, односно активните баратели на работа и фирмите/институциите кои имаат потреба од работници со одредени вештини и знаења.

Приоритетот ја содржи во себе и родовата компонента. Создавањето услови за поголемо учество на жените во управувачките процеси и одлучувањето ќе му даде друга димензија на развојот на Југоисточниот регион и ќе го елиминира дискриминирачкиот момент за одредени позиции и работни места, како и предрасудите и стереотипите. Самиот факт дека 5 раководители од Центрите за развој на планските региони се жени треба да биде доволен мотив, како во црпењето искуство, така и во исполнувањето на приоритетот.

Интензивното вклучување на граѓанскиот сектор во исполнувањето на приоритетот значи реализирање иницијативи кои директно доаѓаат од засегнатите страни. Граѓанските здруженија и организации како претставници кои делуваат во одредени сегменти и ги преставуваат граѓаните заради исполнување на нивните барања и потреби треба да го потврди принципот “од доле – нагоре“ во решавањето на проблемите со реализација на мерките преку индивидуални активности.

Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:

3.5.1 Зајакнување на капацитетите за создавање работна сила според потребите на пазарот на труд

3.5.2 Информирање, промоција и поддршка за вработување и самовработување

3.5.3 Подобрување на капацитетите на жените за активно вклучување во процесите на носење на одлуките на локално и регионално ниво

3.5.4 Поддршка на граѓанскиот сектор во процесите на носење на одлуките на локално и регионално ниво

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Очекувани резултати | Показатели |
|---|---|
| • Број на учесници на инфо-денови, обуки и работилници за промовирање активни мерки за стекнување нови знаења и вештини според потребите на пазарот на труд<br>• Број на жени учеснички и број на настани за лидерство и претприемништво<br>• Број на пријавени жени на јавно огласени позиции за раководни функции и работни места<br>• Број на поднесени иницијативи (предлози, проекти, настани и др.) од граѓанскиот сектор на локално и регионално ниво | • Број на реализирани инфо-денови, обуки и работилници за подобрување на вработливоста<br>• Број на јавни настани за промоција на можностите за вработување и самовработување<br>• Број на вклучени жени на раководни функции (политика и реален сектор)<br>• Број на прифатени иницијативи од граѓанскиот сектор на локално и регионално ниво |

### *16.4 Стратешка цел 4 – Развивање на современа и функционална инфраструктура за економски развој и подобар животен стандард*

Во согласност со извршените анализи и резултатот од стратешките алатки добиени од работата на засегнатите страни (PEST и SWOT анализите), компаративните предности и потребите на регионот во однос на транспортот и инфраструктурата, четвртата стратешка цел треба да ја подобри меѓусебната и меѓународната поврзаност со цел да се подобри квалитетот на животот на граѓаните и воедно да се привлечат инвестиции.

Од надворешните фактори како позитивен се смета иницијативата за приклучување кон НАТО, додека како негативен неусогласеноста на националната законска регулатива и ингеренциите особено во доменот на патната инфраструктура.

Економските надворешни фактори се оценети како позитивни во однос на зголемување на буџетските ставки за инестиции во инфраструктурата, можностите за искористување на фондови од Европската Унија и позитивните услови и можности за јавно-приватно партнерство.

Како негативни фактори од социјална сфера се миграциските движења и недоволниот наталитет во регионот.

Во однос на технолошките фактори како позитивен се наведени можностите за нови технологии во транспортот и сообраќајот (ГПС, ИКТ технологија и можностите за користење широкопојасен интернет).

Близината на населените места во општините и меѓу општините, како и бројот на транспортни средства (иако застарени) се основа за заклучокот за добра комуникациска поврзаност. Постоењето на голем број проектантски и градежни фирми во регионот е дефиниран како јака страна.

Можностите за регионот се гледаат во добрата гео-стратешка положба и добрите комуникациски врски за развој на економијата, односно на бизнисот.

Слабите страни се: лошата патна и сообраќајна поврзаност која треба да се елиминира со добрата комуникациска поврзаност и транспортните средства, недостаток на работна сила во одредени сектори, недоволната соработка помеѓу градоначалниците, слабиот капацитет за спроведување прокети од Европската Унија, непостоењето подземен катастер, застарените системи за водоснабдување, одведување и пречистување на отпадните води, недоволниот капацитет на паркинг места се заокружуваат со недостатокот на законска регулатива на средно законодавно ниво (политичка и финансиска моќ постои само на локално и национално ниво)

Како закани на регионот се наброени неважечките стратешки документи и неважечки урбанистички планови, несоодветното одржување на патната и сообраќајна инфраструктура и недостатокот на капацитет и несоодветни локации на постоечките паркинг локации (во смисла на економски развој, заштита и безбедност во сообраќајот и привлекување туристи).

Како дополнителни слабости и недостатоци за побрз и поинтензивен развој се непокриеноста на регионот со железничка инфраструктура (освен Гевгелија). Неопходно е преземање на мерки за искористување на компаративните предности на регионот, близината на две држави членки на Европската Унија и добрата стратешка поврзаност и комуникациска поврзаност, за подобрување на услови за живот и создавање услови за привлекување инвестиции (домашни и меѓународни).

Во однос на енергетската инфраструктура, треба да се напоменат ограничувањата во надлежностите на регионално ниво. Сепак големата енергетска зависност на регионот му дава значење на овој приоритет преку создавање услови за користење на обновливи извори на енергија (користење на ветерот, сонцето и малите хидроцентрали). Како дополнителен енергенс за кој постојат основни услови за искористување е природниот гас. Истиот би претставувал значителен поттик за развој на регионот за искористување на ефтини енергенси во индустријата и за цивилна употреба.

**Истото ќе биде постигнато преку следните приоритети:**

Приоритет 4.1: Осовременување и проширување на сообраќајно-транспортна инфраструктура

Приоритет 4.2: Подобрување на постоечката и изградба на нова комунална инфраструктура

Приоритет 4.3: Подобрување на енергетската инфраструктура



**Показатели за следење на остварувањето на стратешка цел:**

| Р.број | Показатели | Вредност во<br>базна година | Посакувана вредност во 2019 |
|---|---|---|---|
| 1. | Подобрен и квалитетен превоз на лица и стока (поврзаност, удобност, времетраење на патување) | 132 км А патишта<br>485,2 км регионална патна мрежа<br>888 км локална патна мрежа | 10% зголемување на должината на патната инфраструктура (км) |
| 2. | Зголемен број на превезени патници | 1.49 мил. патен сообрќај<br>3,45 мил. такси превоз<br>35.000 железнички | 25% зголемување на патниците во патниот сообраќај<br>5% зголемување на патници со такси превоз<br>10% годишно зголемувањена патници во жел. сообраќај |
| 3. | Број/km на комунална инфраструктура на локално и регионално ниво (системи за водоснабдување и отпадни води) | 87% покриеност со системи за водоснаб. во рурални средини<br>95% покриеност во урбани средини<br>1 пречист. станица со 3000 ек/ж | 90% покриеност со системи за водоснаб. во рурални средини<br>97% покриеност во урбани средини<br>3 пречистителни станици – 50.000 ек/ж |
| 4. | Нови инсталирани капацитети на ел. енергија - количина на снабдена енергија | 2 MW | 50 MW период 2015-2019 |
| 5. | Површина на земјиште наводнувана од системи за наводнување | 14.585 | 5% зголемување на површини под системи за наводнување<br>5% зголемување на корисници |
| 6. | Количина на произведена вода (пиење и тех. вода) | 99,36 мил. м3 | 1% годишно зголемување на количини на вода во периодот 2015-2019 |
| 7. | Количина на испуштена непречистена вода | 91,71 мил. м3 | 1% намалување на количини испуштена непречистена вода годишно во периодот 2015-2019 |

**Приоритет 4.1: Осовременување и проширување на сообраќајно-транспортна инфраструктура**

Заради соодветно осовременување и проширување на сообраќајно-транспортната инфраструктура, како еден од најважните предуслови е постоењето евиденција на подземните инсталацци. Недостатокот од ваква евиденција доведува до проблеми при интервенциите (реконструкции или градби) со што се доведува во прашање квалитетот на постоечката подземна инфраструктура.

Иако во текот на изготвувањето на програмата беше искажан проблемот кој се однесува на надлежностите врз регионалната и магистралната патна инфраструктураа, забележителен беше интересот на локално и регионално ниво за подобрување на патната инфраструктура на сите нивоа (А – патишта, регионални и локални). Регионот покажува позитивен тренд во однос на подобрувањето и зголемувањето на должината на патната инфраструктура. Како очекувани реултати се утврдени зголемувањето на должините на асфалтните патишта во однос на земјените и непресечените, обезбедување техничка документација и реализација како на сообраќајно-транспортната инфраструктура, така и на пратечката хоризонтална и вертикална сигнализација. Како што е наведено во анализата за секторот Транспорт и Инфраструктура несоодветна е состојбата кај сообраќајните раскрсници, приклучоци кај главни и споредни патишта, несоодветна сигнализација на опасни места (црни точки) и слабо осветлување на важни точки и објекти.

Освен за патничките и останатите стопански сообраќајни транспортни возила, хоризонталната и вертикалната сигнализација беше дефинирана заради пешаците како ранлива категорија која е вклучена во сообраќајот. Освен техничка документација, студии и анализи потребни се и меки мерки, односно сензитација како на возачите, така и на пешаците.

Во однос на авионскиот сообраќај, детална анализа не е направена поради непостоењето на инфраструктура за истата. Сепак според националните стратешки документи и приоритетите на регионално ниво потребата од спортско летиште и аеродром кој може да се користи и во економски цели ќе овозможи добра основа за развој и надоградување на авионскиот сообраќај.

Иако и за железничкиот сообраќај беа констатирани лимитирани надлежности на регионално ниво за подобрувањето на инфраструктурните услови. Потребата од пошироко покривање со железнички сообраќај како дел од овој приоритет е дефиниран како услов за сеопфатен развој на регионот и негово комплетно поврзување со сите видови сообраќаен транспорт. Во моментот само една општина е опфатена со овој вид сообраќај (Гевгелија).

Приоритетот треба да создаде услови на задржување на трендот на развој и со негово исполнување истиот ќе биде доволно динамичен за да може да ги прати динамиките во соседството и пошироко.

**Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:**

4.1.1 Воведување и изработка на подземен катастар за постоечка патна инфраструктура (подземни инсталации)

4.1.2 Осовременување на постоечката и изградба на нова локална, регионална и магистрална патна инфраструктура

4.1.3. Подобрување на постоечката и нова хоризонтална и вертикална сигнализација

4.1.4. Подобрување на осветлувањето на патна инфраструктура (раскрсници, значајни објекти, опасни делници и сл.)

4.1.5. Мерки за заштита на пешаците како учесници во сообраќајот и ранлива категорија

4.1.6 Изработка на техничка документација и изградба на аеродором за спортски и економски цели

4.1.7 Воспоставување услови за подобрување на железнички сообраќај



**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Изработени ГУП, ДУП и техничка документација<br>• Изготвени физибилити студии, анализи и студии<br>• Должина на реконструирана и новоизградена патна инфраструктура (регионални и локални патишта)<br>• Број на проекти/апликации за подобрување на состојбата на сообраќајно-транспортната инфраструктура<br>• Изготвена документација, замена на стара и поставување нова сообраќајна сигнализација, осветлување и обележување опасни и значајни точки и објекти<br>• Број на обуки за учесниците во сообраќајот<br>• Функционален и одржлив систем за одржување на патната инфраструктура | • Број на изготвени технички докум. (ГУП, ДУП)<br>• Број на физибилити студии и анализи<br>• Број на изготвени технички документации – проекти (локална и регионална сообраќајно-транспортна инфраструктура)<br>• Број/km на изградена и реконструирана локална и регионална сообраќајно-транспортна инфраструктура<br>• Број/km на заменета и нова сообраќајна сигнализација (хоризонтална и вертикална)<br>• Намален број на сообраќајни незгоди<br>• Број на стојалишта, паркинзи и др. опрема<br>• Број/km на одржувани сообраќајници |

**Приоритет 4.2: Подобрување на постоечката и изградба на нова комунална инфраструктура**

Подобрувањето на условите за живот и стандардот на населението е основна цел на овој приоритет. Исто како и кај сообраќајно-транспортната инфраструктура и кај овој приоритет, како еден од најважните предуслови е постоењето евиденција на подземните инсталации. Во случајот кај комуналната инфраструктура ова е од особена важност заради одржувањето и евентуалната градба на други инфратсруктурни објекти.

Недостатокот од ваква евиденција доведува до проблеми при интервенциите (реконструкции или градби) со што се доведува во прашање брзината и квалитетот на испорачана услуга поврзана со комуналната инфраструктура.

Сосотојбите од недоволана техничка докумантација, ГУП, ДУП, детални физибилити студии, анализи и студии поврзани со комуналната инфраструктура гидефинираа примарните очекувани резултати на приоритетот.

Недостатокот на квалитетна вода за пиење е еден од поизразените проблеми во регионот. Сепак, и покрај овие недостатоци процентот на загуби на вода е екстремно висок како и слабата наплата на услугите од испорачаните услуги за што треба да се обрне посебно внимание.

Поизразен е недостатокот на системи за водоснабдување и одведување на отпадните води во руралните подрачја кои во процент се послабо покриени од урбаните средини. Освен непостоењето на комунална инфраструктура, квалитетот на постоечките системи не е на задоволително ниво.

Со системи за одведување на отпадни води се покриени урбаните центри, меѓутоа состојбата е загрижувачка во руралните подрачја. Проблемот е уште поголем поради фактот дека во регионот постои само една пречистителна станица за отпадни води (Дојран).

Во однос на системите за наводнување и користење техничка вода (полевање на зеленило, хигиенско санитарни потреби за јавни објекти и патишта), регионот е на доста ниско ниво. Во најголем број случаи овие потреби се задоволуваат преку системите за вода за пиење, што уште повеќе го зголемува недостатокот и регистрираните загуби.

Приоритетот преку предвидените мерки треба да создаде услови за подигнување на квалитетот на

живеење на населението, како и подобрување на  услови за развој на бизнисот преку обезбедување квалитетни услуги за соодветни работни услови.

Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:

4.2.1 Воведување и изработка на подземен катастар за постоечка комунална инфраструктура

4.2.2  Подобрување на постоечките и изградба на нови водоснабдителни системи

4.2.3 Подобрување на постоечките и  изградба на нови системи за отпадни води

4.2.4 Подобрување на постоечките и изградба на нови системи за наводнување

4.2.5. Подобрување на постоечка  и изградба на нова комунална инфраструктура за индустриски и туристички зони

4.2.6 Подобрување на постоечките и изградба на нови системи за техничка вода (перење на улици, наводнување на паркови и зеленила и други намени)

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Очекувани резултати | Показатели |
|---|---|
| • Изготвени физибилити студии, анализи и студии<br>• Изготвени технички документации (водоснабдителни системи, системи за отпадни води, тех. док. за пречистителни станици, системи за наводнување)<br>• Подобрено водоснабдување и одведување на отпадни<br>• Зголемени површина на земјиште наводнувано од системи за наводнување<br>• Број на корисници (Водни заедници)<br>• Воспоставени систем за одржување и наплата<br>• Број на подготвени проекти/апликации | • Број на физибилити студии и анализи<br>• Број на технички документации (водоснабдителни системи, системи за отпадни води, тех. док. за пречистителни станици, системи за наводнување)<br>• Број/km на реконструирани/ изградени водоснабдителни системи, системи за отпадни води, тех. док. за пречистителни станици<br>• Број на нови приклучоци на системи за водоснабдување и канализација<br>• Површина на земјиште наводнувана од системи за наводнување<br>• Зголемена наплата од корисниците на вода за наводнување  (Водни заедници)<br>• Број на приклучоци<br>• Зголемена наплата од корисници (водоснабдување и канализација)  наплата<br>• Број на одобрени проекти/апликации |

**Приоритет 4.3: Подобрување на енергетската инфраструктура**

Во однос на енергетската инфраструктура повторно доаѓаме до надлежностите на локално и регионално ниво.

Сепак, големата зависност на регионот од енергенси го промовираше дефинирањето на приоритетот, како и можностите за користење на обновливи извори на енергија поради природните карактеристики кои ги поседува регионот (сончеви денови, ветер, биомаса).

Недостатокот од евиденција на подземната инфраструктура како и кај останатите два приоритети доведува до проблеми при интервенциите (реконструкции или градби) со што се доведува во прашање брзината и квалитетот на испорачаната енергија и останатите енергенси.

Можноста за користењето на природниот гас како ефтин енергенс за населението и во индустријата е дефиниран како приоритет кој освен подобрувањето на животниот стандард треба да придонесе и во економскиот развој на регионот. Постоењето на примарна гасоводна инфраструктура и веќе направените пресметки за трошоците за воведување на овој енергенс (cost effectiveness) ја потврдува изведливоста.

Приоритетот преку предвидените мерки треба да создаде услови за подигнување на квалитетот на живеење на населението, како и подобрување на  услови за развој на бизнисот преку обезбедување квалитетни услуги за соодветни работни услови.

Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:

4.3.1 Воведување и изработка на подземен катастар за постоечка енергетска инфраструктура

4.3.2 Искористување на хидро-енергетскиот потенцијал – мали хидроцентрали (ЈПП)

4.3.3 Изработка на техничка документација за гасификација на ЈИ регион

4.3.4 Изработка техничка документација и изведба на системи од обновливи извори на енергија (сончевата енергија, ветерот како енергетски потенцијал, биомасата како енергетски потенцијал)

4.3.5 Изработка техничка документација  и приклучување на примарни и секундарни енергетски водови

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Изготвени физибилити студии, анализи и студии за енергетска и енергетска ефикасност<br>• Реализирани проекти и искористени обновливи извори на енергија (вклучувајќи мали хидроцентрали)<br>• Стабилен систем за испорачување на енергенси<br>• Број на заинтересирани корисници за користење на гасот како енергенс (индивидуални и бизнис сектор)<br>• Воспоставени одржливи системи за одржување и наплата<br>• Број на иницијативи за јавни приватни партнерства<br>• Број на подготвени проекти/апликации | • Број на физибилити студии и анализи<br>• Инсталирани нови капацитети за ел. енергија - KW/h-MW/h (вклуќувајќи и обновливи извори на енергија – сонце/ветер/биомаса)<br>• Број на приклучоци<br>• Намален број на падови на напојување во мрежата<br>• Број на реализирани ЈПП<br>• Број на одобрени проекти/апликации |

## *16.5 Стратешка цел 5 – Развој на конкурентно земјоделско производство и унапредување на животот во руралните подрачја*

Југоисточниот плански регион е најголемиот и најпознат земјоделски регион во Република Македонија, а земјоделскиот сектор е водечка индустриска гранка и генератор на развојот на регионот. Најголемиот број од активните деловни субјекти се во делот на примарното земјоделство и преработката на земјоделските производи. Секторот е составен и од голем број на помали семејни земјоделски стопанства и индивидуални производители. Освен примарното земјоделско производство, во регионот се присутни и преработувачките капцитети кои се застапени пред се преку МСП кои се извозно ориентирани, флексибилни и лесно приспособливи на побарувачката на пазарот.

Локација на регионот има стратегиско значаење за ваков вид стопански активности. Тој е пограничен регион кој граничи со две земји членки на ЕУ, има релативно добра патна инфраструктура и поврзаност во рамките на самиот регион, но и со останатите делови од земјата.

Значајните предности во секторот земјоделство и рурален развој, во содејство со постоечките

можности даваат основа за уште поголем и поинтензивен развој на оваа област и истите треба максимално да се искористат. Растот на земјоделскиот сектор ќе има директни и индиректни позитивни влијанија и во останатите области од социо-економското живеење.

За оваа област е дефинирана една стратешка цел. Таа е производ на направените анализи кои укажуваат дека развојот на руралните средини е сложен процес кој зависи од мултисекторскиот пристап во спроведувањео на развојната политика и мобилизирањето на локалните ресурси. Искористувањето на идентификуваните силни страни и можности како и компаративните предности на регионот треба да создадат синергии на хоризонтално и вертикално ниво кои ќе се насочат кон интервенции за подобрување на земјоделството, но исто така и во подобрувањето на социо-економскиот статус на руралното население и квалитетот на живот во нивните заедници. Стратешката цел во областа Земјоделство и рурален развој за периодот 2015 – 2019 е:

**Развој на конкурентно земјоделско производство и унапредување на квалитетот на живот во руралните подрачја.**

Самата цел е комплексна и настојува да делува во насоки на подобрување на растот на конкурентно земјоделско производство и диверсификацијата на руралната економија, притоа водејќи сметка и за унапредувањето на квалитетот на живот во селата преку подобрувањето на функционалноста на инфраструктурата и зачувувањето и унапредувањето на демографските и социо-културни вредности.

Спроведувањето на оваа цел ќе зависи од обезбедувањето на јасна политичка визија како на централната, така и на локалната власт, дефинирањето и усогласувањето на развојните инструменти и програми на линиските министерства и обезбедувањето на поедноставен, функционален пристап до националните и европските фондови.

Остварувањето на целта планирано е да се постигне преку следните четири приоритети:

Приоритет 5.1: Поттикнување на растот во земјоделското производство

Приоритет 5.2: Поттикнување на диверзификцијата на економијата во руралните средини

Приоритет 5.3: Развивање на современа и функционална инфраструктура во селата и подрачјата со специфични развојни потреби

Приоритет 5.4: Зачувување на демографските, социјалните и културните вредности во руралните подрачја

**Индикатори за следење на остварувањето на стратешка цел:**

| Р.број | Индикатори | Вредност во базна година | Вредност во 2019 |
|---|---|---|---|
| 1. | Бруто додадена вредност на земјоделското производство | 30.74 % | 45.00% |
| 2. | Инвестиции во основни средства во земјоделството | 22.17% | 38.00% |
| 3. | Висина на средства инвестирани во заеднички економски, образовни, социјални и културни проекти за поврзување на руралните средини со поголемите урбани центри во рамки на регионот | 11,070.000 МКД | 123,000.000 МКД |
| 4. | Висина на средства инвестирани во здравствени и социјални услуги и културни настани за подобрување на квалитетот на животот во руралните средини во рамките на регионот | 12,500.000 МКД | 127,000.000 МКД |



**Приоритет 5.1: Поттикнување на растот во земјоделското производство;**

Овој приоритет има за цел да влијае на растот и конкурентноста на земјоделството и преработувачката индустрија.

Својот имиџ на препознатлив земјоделски регион и тоа во поширок регионален контекст, Југоисточниот регион треба да го искористи како двигател на уште понапредни, покоординирани и покомплексни активности во насока на понатамошен развој и поголемо позиционирање како европски земјоделски регион. Земјоделските и преработувачките капацитети во регионот се видливи и јасно мапирани. Дел од овие субјекти имаат воведено современи технологии и стандарди за производство и работа. Во регионот постои и одредена структура на верига на вредности преку откупно-дистрибутивни центри и агро берзата, но истата има потенцијал и потреба од зајакнување.

Резултатите од направените анализи ја идентификуваат потребата од воспоставување на институционални форми за организирана и активна поддршка за зголемување на конкурентноста на економските субјекти од земјоделско преработувачкиот сектор низ воспоставување на можности за здружување, организиран и заеднички настап, воведување на нови технологии и стандарди во работењето, вопоставување на квалитетна советодавна поддршка за подигнување на квалитетот на финалниот производ и примена на иновации. Воедно, неопходно е и спроведување на мерки за олеснување на пристапот до расположливите финансиски средства како и промоција на различни форми на заедничко вложување заради зголемување на капацитетите и конкурентноста на индустријата за производство и преработка на храна.

**Овој приоритет ги содржи следните мерки:**

5.1.1 Техничко – технолошки развој и иновативен пристап во земјоделското производство

5.1.2 Воспоставување на систем за справување со климатски промени

5.1.3 Промоција и брендирање на земјоделските производи од регионот

5.1.4 Подобрување на условите на зелени и сточни пазари

5.1.5 Подобрување на ИТ инфраструктурата на земјоделските стопанства

5.1.6 Довод на електрична мрежа до земјоделските површини

**Излезни резултати и индикатори за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| • Зголемена количина на земјоделски производи<br>• Зголемен извоз на земјоделски производи<br>• Раст на земјоделскиот производ<br>• Број на заштитени брендови и производи со географско потекло<br>• Новоформирани претпријатија со седиште во селата<br>• Број на заштитни мерки во земјоделството<br>• Електрификација на земјоделски површини (стопанства)<br>• Гасификација на земјоделски површини (стопанства) | • Обем на произведени земјоделски производи<br>• Количина на извезени земјоделски производи<br>• Износ на учество на земјоделскиот производ во БДП на регионално ниво<br>• БДП на регионално ниво<br>• Број на сертификати за брендирани земјоделски производи и храна<br>• Број на активни деловни субјекти во областа примарно производтво и преработка на земјоделски производи<br>• Број на новоформирани претпријатија во рурално населено место<br>• Број на формирани земјоделски задруги<br>• Број на сертифицирани органски производи<br>• Воведени заштитни мерки и мрежи на разни земјоделски култури<br>• Број на уредени зелени и сточни пазари<br>• Број на формирани машински прстени<br>• Број на одржани кампањи и обуки<br>• Број на воведени иновативни системи<br>• Обем на инвестиции за довод на електрична мрежа до земјоделските површини<br>• Обем на инвестиции за изградба на инфраструктурна мрежа за гасификација на земјоделските површини |

**Приоритет 5.2: Поттикнување на диверзификцијата на економијата во руралните средини.**

Успехот во развојот на руралните средини не зависи само од поддршката на земјоделството и преработувачката индустрија, туку од сеопфатниот напор за обезбедување на средина во која економијата ќе постане разнообразна и ќе создаде верига на новосоздадени вредности. Бидејќи производството и преработката на храна, во основа, ја има физичката големина на земјиштето, кое пак е однапред или во самиот процес дефинирано во поглед на сопственоста и капацитетот за култивирање земјоделски култури, може да се заклучи дека и капацитетот на вклучување на субјектите во секторот е лимитиран и зафиси од гореспоменатите фактори. Од друга страна самиот земјоделски сектор има потреба од своја верига на добавувачи на ресурси. Во најголем број случаи, во регионот, ваквата верига се формира и функционира со субјекти кои не секогаш се дел од регионот. Ваквата состојба генерира информација дека одреден дел ресурси (човечки, материјални, природни, итн.) остануваат неискористени што на одреден начин претставува предизвик во развојот на селата и квалитетот на живот. Од тука се појавува заклучокот дека овие ресурси можат да се мобилизираат за создавање на други стопански вредности кои ќе влијаат врз зголемувањето на способноста на искористување на локалниот ресурс, диверсификацијата на руралната економија и подобрувањето на животниот стандард.

Воедно, мобилизирањето на човечките, природните и антропогените ресурси ќе помогне да се надмине и стереотипот дека во руралните средини, земјоделството е тоа кое единствено го обезбедува развојот. Ваквиот пристап ќе го позиционира земјоделството како `рбет на руралната економија, но истовремено ќе покаже дека останатите економски активности придонесуваат во севкупниот социо-економски развој на селото и неговите жители.

Севкупните ресурси со кои располага Југоисточниот регион даваат за право да се донесе заклучок дека постојат и услови и компаративни предности за стимулирање на процесите на диверсификација на економијата во руралните средини. Климата, природното наследство, културата и традицијата, стабилниот квалитет на животната средина, профилот на човечките ресурси и препознатливиот земјоделски производ даваат силна основа за развој на лесна и еколошки ориентирана индустрија, различни форми на туризам и други услужни дејности, доколку истите се искористат со воспоставување партнерства, организирана поддршка и искористување на иновативноста и креативноста на населението.

Мерките преземени во овој приоритет треба да се однесуваат на сите аспекти на поддршка и да се отворени за различни видови стопански активности.

**Овој приоритет ги содржи следните мерки:**

5.2.1 Поддршка на создавање мрежи, партнерства и јавни-приватни партнерства за соработка во руралната економија

5.2.2 Воспоставување на алатки за финансиска и нефинансиска поддршка на субјектите во руралната економија

5.2.3 Стимулирање на примената на иновативноста во руралната економија

5.2.4 Поттикнување на развојот на руралниот туризам

**Излезни резултати и индикатори за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| • Новоформирани функционални кластери<br>• Новоформирани функционални задруги<br>• Новоформирани партнерства и мрежи за соработка и настап<br>• Формирано тело за поддршка на субјектите во руралната економија<br>• Новоотворени претпријатија со седиште во рурално населено место<br>• Воведени иновации кај субјектите во руралната економија<br>• Зголемен износ на инвестиции во економијата со седиште во рурални населени места<br>• Зголемено искористување на ИПАРД 302 мерка<br>• Зголемени вештини и претприемачки капацитети кај жителите од руралните средини<br>• Зголемени инвестиции во градба на стопански капацитети во руралните подрачја<br>• Новоформирани и подобрени сместувачки капацитети во селата<br>• Зголемен број на вработени во угостителсткиот сектор<br>• Зголемен број на туристи во регионот<br>• Подобрена промоција на туристичките потенцијали | • Број на формирани кластери<br>• Број на формирани задруги<br>• Број на формирани партнерства и создадени мрежи за соработка и настап<br>• Регистрирано регионално тело за поддршка на субјектите во руралната економија<br>• Број на воведени иновации кај субјектите во руралната економија<br>• Вкупен износ на инвестиции во економијата со седиште во рурални населени места<br>• Број на субјекти - корисници на средства од националната програма за земјоделство и рурален развој и ИПАРД;<br>• Број на обучени лица од од руралните населени места;<br>• Број на новоотворени претпријатија со седиште во рурално населено место;<br>• Број на издадени дозволи за градба на стопански капацитети во руралните подрачја<br>• Број и вид на сместувачки капацитети во руралните подрачја<br>• Број на стандардизирани и категоризирани објекти и услуги;<br>• Број на нови туристички производи;<br>• Број на лиценцирани туристички и планински водичи;<br>• Број на ноќевања во сместувачките капацитетите во селата;<br>• Вид / Тираж на изработени промотивни материјали;<br>• Број на саеми на кои е презентирана туристичката понуда на регионот;<br>• Вредност на доделени субвенции и грантови на вршители на туристичка дејност во рурални средини;<br>• Број на спроведени проекти за развој на руралниот туризам |

**Приоритет 5.3: Развивање на современа и функционална инфраструктура во селата и подрачјата со специфични развојни потреби.**

Регионот се соочува со диспаритети во социо-економскиот развој меѓу руралните и урбаните населени места но и разлики во квалитетот и функционалноста на инфраструктурата на руралните општини и општините кои за центар имаат урбани населени места. Причините кои генерираат разлики се во ниското ниво на инвестиции во подобрување на комуналната, сообраќајната инфраструктура, системите за наводнување и останатите зафати кои во подолг период се несоодветно третирани, пред сè заради немање финансиски средства во општинските буџети и во приоритизацијата на развојни активности која за фокус ги има поголемите и урбани

населени места како и монотипски инвестиции кои најчесто се однесуваат на исклучива поддршка на земјоделскиот сектор. Ваквиот прстап не обезедува услови за рамномерен развој и придонесува во заострување на јазовите кои се негативен аспект се најизразени во подрачјата со специфични развојни поитреби. Другите причинители на диспаритети се капцитетите на човечките ресурси, пред се во однос на претприемништвото, достапноста на услугите како и тенденцијата на мигрирање на младото, работоспособно население надвор од државата.

Осовременувањето на инфраструктурата ќе ја зголеми конкурентнтата способност на селата, ќе ја зголеми нивнтата атрактивност со што ќе се придонесе во отворање на нови бизнис субјекти и нови работни места кои ќе имаат позитивно влијание врз квалитетот на животот и намалувањето на миграциските процеси. Затоа е потребно дефинирање и спроведување мерки кои имаат за цел да го динамизираат развојот на квалитетот на живеењето и пристапот до услугите. Компаративните предности на регионот во содејство со силните страни и можностите кои постојат во самата средина даваат основа за можна изводливост на акциите и воспоставување на нови односи и рамнотежа на квалитетот на животот во руралните и урбаните населени места.

**Овој приоритет ги  содржи следните мерки:**

5.3.1 Осовременување на сообраќајната инфраструктура во селата и подрачјата со специфични развојни потреби

5.3.2 Подобрување на комуналната инфраструктура во селата и подрачјата со специфични развојни потреби

5.3.3 Изградба на нови и подобрување на постојните системи за наводнување

5.3.4 Поддршка на обновата и развојот на селата

**Излезни резултати и индикатори за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| • Подобрена патна инфраструктура во руралните подрачја<br>• Подобрена комунална инфраструктура во руралните подрачја<br>• Зголемен капцитет на системите за наводнување<br>• Број на изработена изработена урбанистичка планска документација за селата<br>• Реализирани проекти за обнова и развој на селата – подобрен урбанистичко – просторен изглед на селата<br>• Намален број на подрачја кои се категоризирани како подрачја со специфични развојни потреби | • Број на изработена техничка документација за локална и регионална патна мрежа<br>• Број на изработена техничка документација за комунална инфраструктура во руралните населени места<br>• Број на изработена урбанистичка планска документација за селата<br>• Обем на директни инвестиции во локална и регионална патна мрежа<br>• Обем на директни инвестиции во комуналната инфраструктура во руралните населени места<br>• Обем на инвестиции во обнова и развој на селата<br>• Должина на реконструирана патна мрежа (км)<br>• Должина на новоизградена патна мрежа (км)<br>• Број, должина и капацитет на новоизградени системи за водоснабдување и иригација<br>• Број и капацитет на реконструирани системи за водоснабдување и иригација<br>• Број на реализирани проекти за обнова и развој на селата |



**Приоритет 5.4:  Зачувување на демографските, социјалните и културните вредности во руралните подрачја.**

Иселувањето на руралните подрачја е сериозна закана која пак е заедно со одливот на професионална и млада работна сила претставува сериозен предизвик за развојот на регионот но и за развојот на земјоделскиот сектор ако се знае дека истиот побарува сериозен квалитет и квантитет на работна сила. Доколку се сака да се опстои на намерата за понатамошно развивање на земјодеството во регионот, потребни се активни мерки за намалувањето на миграциските процеси преку подобрување на  вештините на руралното население заради зголемување на нивната конкурентна способност. Истовремено потребен е интегриран пристап преку преземање на активности за подобрување на квалитетот на живот како во делот на стопанските активности, така и во делот на обезбедување на социо – културни услуги.

Компаративните предности на регионот кои се однесуваат на природните и културните ресурси и можностите за создавање партнерства и здружувања во реализација на иницијативи на повеќе општини и вклучување на граѓанскиот и бизнис секторот можат да придонесат за заедничко искористување на постоечките човечки ресурси и другите потенцијали во создавање на развојни перспективи. Националните програми за земјоделство и рурален развој, ИПАРД програмата и програмите на другите министерства се сериозна можност која може да придонесе во мобилизирањето на ресурсите и примена на ефикасни методологии за развој базирани на област за промена на моменталната ситуација. Ова е можно  доколку стратешки се пристапи во градење на капцитети за нивно искористување.

Од друга страна, природните и културните ресурси имаат капацитет и овозможуваат нивно искористување и за развој и унапредување на културата и традицијата со што руралното население ќе постане и активен создавач на современите вредности во социо-културното живеење, но и истовремено искористување на ваквите создадени вредности во економски активности во руралните подрачја.

Мерките преземени во овој приоритет треба да се однесуваат на сите аспекти на социјалните и културолошки елементи на живот во руралните заедници.

**Овој приоритет ги  содржи следните мерки:**

5.4.1 Воспоставување на Локални акциски групи согласно ЛЕАДЕР пристапот  како  ИПАРД мерка

5.4.2 Намалување на ефектите на миграција преку стимулирање на развојот и заштита на демографските и социјалните вредности во руралните подрачја

5.4.3 Поттикнување на заштитата и управување со културните и природните вредности во руралните подрачја

**Излезни резултати и индикатори за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| • Регистрирани и функционални ЛАГ-ови (3)<br>• Изготвени и во фаза на спроведување стратегии за развој на рурални подрачја (3)<br>• Реализирани проекти во рамки на LEADER мерката<br>• Подобрени вештини кај земјоделците<br>• Подобрени вештини кај економските оператори<br>• Зголемено учество на граѓанскиот сектор во реализација на проекти<br>• Намалена стапка на миграција<br>• Промовирана руралната култура и традиција од регионот<br>• Промовирани традиционални производи | • Број на формирани и регистрирани ЛАГ-ови во ЈИПР<br>• Број на изготвени стратегии за ЛАГ-ови<br>• Обем на инвестиции во руралните подрачја преку имплементација на стратегиите за ЛАГ-ови<br>• Број на реализирани проекти во рамки на LEADER мерката<br>• Број на реализирани проекти од стратегиите надвор од LEADER мерката<br>• Број на обучени земјоделци<br>• Број на обучени економски субјекти<br>• Број на промотивни настани<br>• Број на мигрирани жители<br>• Број на новодоселени жители<br>• Број на новововедени услуги<br>• Број на нови корисници<br>• Број на специфични подрачја со развојни потреби<br>• Износ на инвестициски средства за автентичноста на руралните средини<br>• Број на одржани саеми<br>• Број на учесници<br>• Број на посетители<br>• Број на промовирани традиционални производи<br>• Број на промовирани и валоризирани традиции |

## *16.6 Стратешка цел 6 – Воспоставување на одржливи системи за управување со животната средина*

Развојот на Југоисточниот плански регион е возможен само доколку се темели на оддржливото управување и заштитата на животната средина. Квалитетот на животната средина во Југоистичниот плански регион е во релативно добра состојба со што на регионот му се дава силен предзнак за еколошки чист предел. Непостоењето на големи загадувачи во регионот овозможува да се одржува и надградува стекнатиот имиџ на еколошки чист предел бидејќи регионот е најпознат по производство на земјоделски производи и преработка на истите. Компаративните предности на регионот (поволната клима, релативно чистата животна средина, квалитетната почва, водниот потенцијал и др.) му обезбедуваат основа за понатамошен економски развој, пред сѐ во земјоделскиот сектор но и во делот на искористувањето на обновливите извори на енергија, туризмот и „зелената" индустрија. Неопходно е искористување на овие предности и градење на мерки за искористување на истите. Развојот на стопанските гранки не се возможни без јасно дефинирана развојна политика во областа на животната средина.

Стратешката цел за оваа област е комплексна и е дефинирана во согласност со направените анализи и идентификуваните силни страни и можности како и компаративните предности на регионот. Стратешката цел во областа Животна средина за периодот 2015 – 2019 е: **Воспоставување на одржливи системи за управување со животната средина.**

Притоа, мора да се нагласи дека ефектите во спроведувањето на оваа цел ќе зависат од постојаното присуство на силна политичка волја и визија на централната власт и локалните власти за реализација на развојно-заштитните мерки и иницијативи, од степенот на спроведените напори во спроведувањето на ваквите мерки, како и од обезбедувањето на соодветни финансиски средства и човечки ресурси кои имаат капацитет да ги спроведат ваквите мерки и иницијативи во конкретни проекти.

Остварувањето на целта е планирано да се постигне преку следните два приоритети:

Приоритет 6.1: Управување со животната средина и справување со климатските промени;

Приоритет 6.2: Заштита на биодиверзитетот и управување со заштитени подрачја.

**Индикатори за следење на остварувањето на стратешка цел:**

| Р.број | Индикатори | Вредност во базна година | Вредност во 2019 |
|---|---|---|---|
| 1. | Количина (процент ) на собран комунален отпад | 66.72% | 85.00% |
| 2. | Количина (процент) на испуштање на пречистени води | 62.07% | 85.00% |
| 3. | Покриеност на населението со пречистителни станици за отпадна комунална вода | 1.99% | 32.50% |
| 4. | Број на преземени мерки за соравување со климатските промени | 2 | 15 |

**Приоритет 6.1: Управување со животната средина и справување со климатските промени;**

Овој приоритет има за цел да влијае на заштитата и одржливото управување со животната средина и врз воспоставување на механизми за справување со феноменот на климатските промени.

Познат како препознатлив земјоделски регион, насоките на развој треба да се дефинираат со мерки кои истовремено се однесуваат на заштита и одржливо искористување на природните ресурси и во митигацијата на климата и промените кои се јавуваат кај неа. Од аспект на природното наследство, регионот поседува бројни и разновидни ресурси. Тој е богат со плодни почви, шуми, води и повеќе поединечни споменици на природата и природни резервати. Во делот на заштитата на животна средина потребни се мерки кои ќе дадат ефект на поединечните аспекти кои влијаат врз сочувување на нејзините потенцијали и врз факторите за деградација: течен и цврст отпад, заштитата на почвите и шумите, квалитетот на воздухот како и климатските промени.

Овој приоритет ги содржи следните мерки:

6.1.1 Подобрување на управувањето со отпад

6.1.2 Заштита на површински и подземни води

6.1.3 Зашита на почви

6.1.4 Заштита на шуми

6.1.5 Подобрување на квалитет на воздух

6.1.6 Прилагодување на регионот кон климатските промени

**Излезни резултати и индикатори за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| • Формирана и функционална регионална депонија<br>• Функционална одводна и атмосферска канализација - новоизградена и реконструирана<br>• Функционална водоснабдителна мрежа - новоизградена и реконструирана<br>• Формирано управувачко тело за заштита на сливови и езера<br>• Изработени акциски планови (3)<br>• Иработени планови и елаборати за заштита од поплави (10)<br>• Исчистено и пошумено подрачје<br>• Одржани кампањи/обуки за справување со отпадот (10)<br>• Реализирани едукативни активности за справување со климатските промени (10)<br>• Спроведени методи за заштита на земјоделството од климатски промени<br>• Изработени програми за прилагодување на земјоделството кон климатските промени (10)<br>• Подобрен квалитет на воздух | • Основачки акти за регионална депонија<br>• Должина на новоизградена и реконструирана одводна и атмосферска канализација (во км)<br>• Должина на новоизградена и реконструирана водоснабдителна мрежа (во км)<br>• Број на прочистени и дислоцирани диви депонии<br>• Број прочистителни станици за вода<br>• Број на изработена техничка документација за изградба и реконструкција на депонии и реконструкција на водоснабдителна мрежа и одводна и атмосферска канализација<br>• Број на домаќинства приклучени на водоснабдителна и канализациска мрежа<br>• Површина на исчистено и пошумено подрачје<br>• Усвоен Акционен план за заштита од ерозија<br>• Усвоен Акционен план за заштита од поплави<br>• Број на прочистени и изградени одводни канали<br>• Коефициент на загаденост на воздухот<br>• Број на субјекти кои користат алтернативни извори на енергија<br>• Број на одржани кампањи/обуки за справување со отпадот<br>• Број на изработени планови и елаборати за заштита од поплави<br>• Усвоен Акциски план за заштита од поплави од Совет на ЈИПР<br>• Број на изработени програми за прилагодување на земјоделството кон климатските промени<br>• Број на спроведени методи за заштита на земјоделството од климатски промени<br>• Број на испечатени и дистрибуирани промотивни материјали<br>• Број на реализирани едукативни активности за справување со климатските промени |

**Приоритет 6.2: Заштита на биодиверзитетот и управување со заштитени подрачја.**

Паралелно со реализацијата на мерките во приоритет 1, потребни се координирани активности во делот на заштитата на растителниот и животинскиот биодиверзитет и управувањето и заштитата со заштитените подрачја. Анализите покажуваат дека од аспект на заштитените подрачја и биодиверзитетот, регионот поседува заштитени подрачја - поединечни споменици на природата и природни резервати. Од аспект на посебноста на биодиверзитетот се одвојуваат Моноспитовското блато и Дојранското езеро. Една од посилните компаратитвни предности на регионот во овие области е Моноспитовското Блато кое е најпространото водно станиште од блатно-мочуришен тип во Република Македонија. Тоа е последното мочуриште во Македонија и неговата сегашна состојба е само мал остаток од некогашните пространи површини под вода, трска и влажни ливади богати со жив свет.

Главните опасности по однос на биодиверзитетот и заштитените подрачја произлегуваат од неконтролираното испуштање отпадни материи и хемиски супстанции во водата и почвата како и големиот број диви депонии може да доведе до нарушување на биодиверзитетот. Поради ова, потребни се мерки кои паралелно и интегрирани ќе влијаат на заштитата на биодиверзитетот и заштитата на заштитените подрачја и спомениците на природата. Мерките преземени во овој приоритет треба да се усогласени, поврзани и да се надополнуваат со мерките за заштита на животната средина.

**Овој приоритет ги содржи следните мерки:**

6.2.1 Заштита на растителниот свет

6.2.2 Заштита на животинскиот свет

6.2.3 Заштита и управување со заштитени подрачја и спомениците на природата

**Излезни резултати и индикатори за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| • Идентификуван и валоризиран растителен свет<br>• Идентификуван и валоризиран животински свет<br>• Изработени елаборати за постоечки заштитени подрачја<br>• Изработени елаборати за потенцијални заштитени подрачја<br>• Акциски план за управување со заштитени подрачја од Совет на ЈИПР<br>• Функционално управувачко тело за управување со заштитени подрачја<br>• Број на реализирани проекти за заштита и промоција на заштитените подрачја<br>• Број на испечатени и дистрибуирани информативни материјали<br>• Процент на информирано население | • Инвентар со идентификуван и валоризиран растителен свет<br>• Инвентар со идентификуван и валоризиран животински свет<br>• Инвентар со идентификувани и валоризирани ендемични видови<br>• Обем на инвестиции во заштита и промоција на растителниот свет<br>• Обем на инвестиции во заштита и промоција на животинскиот свет<br>• Обем на инвестиции во заштита и промоција на ендемичните видови<br>• Број / Вид, тираж и број на дистрибуирани печатени промотивни материјали<br>• Број на изработени и дистрибуирани аудио и видео материјали<br>• Број на формирани страници на социјалните мрежи и посети на истите<br>• Број на изработени елаборати за постоечки заштитени подрачја<br>• Број на изработени елаборати за потенцијални заштитени подрачја<br>• Формирано и одобрено управувачко тело за управување со заштитени подрачја<br>• Усвоен Акциски план за управување со заштитени подрачја од Совет на ЈИПР<br>• Процент на информирано население<br>• Обем на инвестиции во заштита и промоција на заштитените подрачја; |

## 17. ФИНАНСИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Поради задржување на принципот на "широка", односно флексибилна Програма, но воедно и доволно фокусирана, стратешките цели и приоритети како и мерките предвидени по истите не се вреднувани со финансиските параметри. Според предложената методологија истите можат да бидат вреднувани финансиски преку годишните акциони планови каде ќе бидат дефинирани и поединечните активности (член 13 од Законот за рамномерен регионален развој).

Согласно Законот за рамномерен регионален развој како извори на финансирање за реализација на стратешките цели дефинирани во овој програмски документ се наведени:

- Буџетото на Република Македонија,
- Буџетите на единиците на локална самоуправа,
- Фондовите на Европската Унија (алоцирани преку инструменти за Република Македонија или до кои државата има пристап),
- Други меѓународни фондови и извори (билатерални фондови, кредити, заеми исл.),
- Донации, спонзорства од физички и правни лица (вклучувајќи и јавни приватни партнерства),
- Други средства утврдени со закон.

Според член 28 од Законот за рамномерен регионален развој, дефинирани се инструментите за поттикнување на регионалниот развој и тоа:

капитални влогови,

- неповратни средства (грантови),
- финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи и акциони планови,
- финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој на Република Македонија.

Според член 29 финансиските средства од Буџетот на Република Македонија ги распределува Владата. Процентуалниот износ при распределувањето се реализира на следниот начин:

- 70% за финансирање проекти за развој на планските региони,
- 20% за финансирање проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби,
- 10% за финансирање проекти за развој на села.

Реализацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион според пристапот и методологијата ќе се обезбеди преку финансирање од Министерството за локална самоуправа, Бирото за регионален развој како и од буџетски ставки на линиските министерства кои директно беа вклучени во процесот на координација и подготовувањето на Програмата. Условот е задржување на регионалната компонента и усогласеноста на Програмите за развој на планските региони со Програмите предвидени за финансирање на линиските министерства. Како дополнителен инструмент е можноста за користење финансиски средства од Македонската банка за обнова и развој на база на банкарско кредитирање со поволни кредитни стапки.

Од изворите за финансирање на Програмите, може да се набројат:

- Фондовите на Европската Унија – ИПА, прекуграничните и транснационалните програми, Хоризонт 2020, ЕИДХР и др.
- Германската развојна помош (GIZ),
- Швајцарската агенција за соработка и развој (SDC),
- Развојните програми на Обединетите Нации (UNDP),
- Меѓународната помош на Соединетите Американски Држави (USAID),

- Светска Банка
- Програми дефинирани со билатерални договори помеѓу Република Македонија и развојни агенции, институции и држави.

Следењето на реализацијата на Програмата исто така е дефинирана со Законот за рамномерен регионален развој, како и искористувањето на финансиските средства од Буџетот на Република Македонија за реализација на стратешките цели и приоритети. Набљудувањето и оценувањето на финансираните проекти од други извори се врши со посебни документи, договори и инструменти.